ж) Избор на два доценти по предметите од наставно-научната област радиологија врз основа на рецензија, а по пријава на ас.д-р Милкица Пашоска Василеска и д-р Дејан Даскалов (*предложени за избор*), стр. 290-312.

ННС со мнозинство на гласови изврши избор на ас.д-р Милкица Пашоска Василеска за доцент.

ННС со мнозинство на гласови изврши избор на д-р Дејан Даскалов за доцент.

з) Избор на асистент во наставно-научнаите области: судска медицина и медицинска етика и деонтологија врз основа на рецензија, а по пријава на д-р Росица Чакар (*предложена за избор*), стр. 313-318.

ННС со мнозинство на гласови изврши избор на д-р Росица Чакар за асистент.

s) Избор на три асистенти во наставно-научната област неврологија врз основа на рецензија, а по пријава на д-р Василка Николоска, д-р Бисера Цветковска и д-р Шпреса Хасани (*предложени за избор*), а д-р Галина Христовска (*не е предложена за избор*), стр. 340-354.

ННС со мнозинство на гласови извршии избор на д-р Василка Николоска за асистент.

ННС со мнозинство на гласови извршии избор на д-р Бисера Цветковска за асистент.

ННС со мнозинство на гласови извршии избор на д-р Шпреса Хасани за асистент.

III. Избори по билтен бр. 1362

а) Избор на два доценти во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: физиологија и спортска и училишна медицина врз основа на рецензија, а по пријава на ас.д-р Биљана Спиркоска Вангеловска и ас.д-р Михаела Несторова Бражанска (*предложени за избор*), стр. 15-43.

ННС со мнозинство на гласови извршии избор на ас.д-р Биљана Спиркоска Вангеловска за доцент.

ННС со мнозинство на гласови извршии избор на ас.д-р Михаела Несторова Бражанска за доцент.

б) Избор на три доценти во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област офталмологија врз основа на рецензија, а по пријава на насл.вонр.проф.д-р Христиан Дума, насл.вонр.проф.д-р Игор Исјановски и ас.д-р Јана Нивичка Ќаева (*предложени за избор*), стр. 44-92.

ННС со мнозинство на гласови извршии избор на насл.вонр.проф.д-р Христиан Дума за доцент.

ННС со мнозинство на гласови извршии избор на насл.вонр.проф.д-р Игор Исјановски за доцент.

ННС со мнозинство на гласови извршии избор на ас.д-р Јана Нивичка Ќаева за доцент.

в) Избор на асистент во наставно-научната област оториноларингологија врз основа на рецензија, а по пријава на д-р Ана Пејковска (*предложена за избор*), стр. 93-96.

ННС со мнозинство на гласови извршии избор на д-р Ана Пејковска за асистент.

г) Избор на асистент во наставно-научната област хирургија врз основа на рецензија, а по пријава на ас.д-р Стефаниа Азманова Младеновска (*предложена за избор*), стр. 97-99.

ННС со мнозинство на гласови извршии повторен избор на ас.д-р Стефаниа Азманова Младеновска за асистент.

Рецензија со приговор

а) Разгледување на приговорот на д-р Александар Илиевски по однос на рефератот од рецензентската комисија за избор на седум асистенти во наставно-научната област хирургија, (*приговорот и одговорот на приговорот од рецензентската комисија ви се доставени во прилог*), Билтен на УКИМ бр. 1362 од 15.10.2026 година, стр.120-128.

- Избор на седум асистенти во наставно-научната област хирургија врз основа на рецензија, а по пријава на д-р Моника Арџанова, д-р Андријана Трајкова Марушевски, д-р Дарко Димитровски, д-р Ермира Хамзаи, д-р Стефан Крстевски, д-р Рољанд Дука и д-р Гани Незири (*предложени за избор*), а д-р Виктор Стоев, д-р Даниел Јанкоски, д-р Тамара Пејоска, д-р Александра Сервини Митровиќ, д-р Димитар Давидовиќ, д-р Александар Илиевски, д-р Филип Стојковски и д-р Арбијон Колари (*не се предложени за избор*), Билтен на УКИМ бр. 1361 од 01.10.2026 година, стр. 319-339.

ННС со мнозинство на гласови извршии избор на д-р Моника Арџанова за асистент.

ННС со мнозинство на гласови извршии избор на д-р Андријана Трајкова Марушевски за асистент.

ННС со мнозинство на гласови извршии избор на д-р Дарко Димитровски за асистент.

ННС со мнозинство на гласови изврши избор на д-р Ермира Хамзаи за асистент.

ННС со мнозинство на гласови изврши избор на д-р Стефан Крстевски за асистент.

ННС со мнозинство на гласови изврши избор на д-р Рољанд Дука за асистент.

ННС со мнозинство на гласови изврши избор на д-р Гани Незири за асистент.

Седницата на ННС заврши во 14:45 часот

Записничар
Дипл.прав. Радмила Митаноска, с.р.

Декан,
Проф.д-р Светозар Антовиќ, с.р.

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет

Republic of North Macedonia
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Medicine

ИЗВЕШТАЈ

НА ДЕКАНОТ
ЗА РАБОТАТА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ЗА ПЕРИОДОТ 1 НОЕМВРИ 2025 – 1 НОЕМВРИ 2026 ГОДИНА

Проф. д-р Светозар Антовиќ, декан

Скопје, Ноември 2026

ВОВЕД

Врз основа на член 114, став 5 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025), деканот до Наставно-научниот совет го поднесува овој извештај за својата работа и за работата на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за периодот од 1 ноември 2025 до 1 ноември 2026 година.

Во овој извештај се сублимирани резултатите и преземените активности и е даден осврт на реализираните цели и задачи, како обврска која произлегува од Законот за високото образование и од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во смисла на отчетност пред Наставно-научниот совет на Факултетот. Тука се презентирани активностите и резултатите што се остварени во наведениот период, а кои претставуваат реализација на програмските определби за третата година од првиот мандатен период на деканот.

Врз основа на програмските цели утврдени во Програмата за работа на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2023–2026, која деканот ја достави при неговиот избор за претстојниот тригодишен мандат, во овој извештај се опфатени делови од нејзината реализација, во согласност со приоритетите поставени за академската 2025/2026 година.

Сите активности во извештајниот период се во насока на континуитет во работењето и унапредувањето на високообразовната, научноистражувачката и здравствено-апликативната дејност на Факултетот.

РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

Наставно-научниот совет и Деканатската управа работат на седници согласно законските и статутарните надлежности.

Наставно-научниот совет во извештајниот период одржа 12 (дванаесет) работни седници, 1 (една) тематска седница и 1 (една) изборна седница. На одржаните седници Наставно-научниот совет изврши избори во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања (асистенти) и демонстратори, спроведуваше постапка за избор на редовни професори и се предлагаше број на студенти кои се запишуваат на прв, втор и трет циклус студии. Понатаму одобруваше отсуства од работа на наставниот и соработничкиот кадар, утврдуваше и донесуваше одлуки за потреба од нови наставници и соработници, даваше согласност на наставниците за изведување на настава на друг факултет, избираше членови на рецензентски и други комисии, вршеше реакредитација на студиска програма, одлучуваше за прашања од областа на наставно-образовната дејност од прв и трет циклус студии како и од областа на специјализациите и супспецијализациите, донесуваше одлуки во врска со издавачката дејност на Факултетот, усвои финансиски план и донесе завршна сметка (финансискиот годишен извештај) за 2025 година во рамките на единствениот финансиски план на Универзитетот и консолидираната завршна сметка на Универзитетот, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методи“ во Скопје – Медицински факултет – Скопје, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места

на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Медицински факултет – Скопје (Анекс бр.5), Одлука за плати, додатоци и надоместоци на плата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, Одлука за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, Одлука за распределба на надоместоци од приходите стекнати од дополнителни средства од сопствените приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје и други работи кои се во надлежност на Советот утврдени во Законот за високото образование и Статутот на Медицинскиот факултет.

Во извештајниот период Наставно-научниот совет донесе, Одлука за усвојување на извештајот за самоевалуација на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, за академските 2024/2025 и 2025/2026 година, Одлука за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Акцискиот план за учебната 2025/2026 година и Одлука за усвојување на Годишниот акциски план со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредувањето на квалитетот на дејноста на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за учебната 2026/2027 година

Во извештајниот период, на Медицинскиот факултет извршени се избори на: 17 редовни професори, 25 вонредни професори, 7 доценти, 1 научен советник, 7 виши научни соработници, 7 научни соработници, 1 насловен вонреден професор, 69 избори и реизбори на соработници (асистенти) и 7 демонстратори.

Деканатската управа одржа 10 (десет) седници за реализација на прашањата од својата надлежност. Меѓу другото, во извештајниот период, Деканатската управа се грижеше за остварувањето на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи, донесе Одлука за утврдување на висината на буџетот за спроведување на јавни набавки на Медицинскиот факултет во Скопје за 2026 година, го усвои Извештајот за попис за 2025 година, исто така донесе Одлука за усвојување на Извештајот за извршена функционална анализа на Медицинскиот факултет во Скопје, Одлука за донесување на Проецедура за изработка, прием и начин на потпишување на документи поврзани со финансиско работење, Одлука за усвојување на Извештајот од Секторот за финансиски прашања за вонреден и редовен попис во 2025 година (за спроведени активности за утврдување на фактичката состојбаа на основните средства и попис на Медицинскиот факултет во Скопје во 2025 година), Одлука за усвојување на записник за утврдување на фактичката состојба на средствата предложени за расход со редовниот попис спроведен во 2025 година, Одлука за отпочнување нов тригодишен циклус за финансирање на научноистражувачки проекти на катедрите за период 2026-2028 година, предложи членови во постојаните одбори и комисии како и Наставно-научни колегиуми до Наставно-научниот совет, одлучуваше за правата од работен однос на вработените во втор степен, одлучуваше по барања од наставно-научниот кадар и студентите и вршеше други работи што се во нејзина надлежност согласно со актите на Факултетот.

Во функција на успешна реализација на надлежностите на органите на Факултетот, обезбедени се координирани активности на катедрите и институтите на Факултетот, како и на работните тела на Факултетот (одбори, комисии и сл.).

Кадровски одбор

Кадровскиот одбор во извештајниот период одржа 4 седници и имаше значајна улога во остварување на дејностите на Факултетот во поглед на донесување на одлуки за распишување на нови наставно-научни, научни, насловни и соработнички места и за демонстратори, спроведување конкурси за избор на лица во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања и интерни огласи за демонстратори, формирање на рецензентски комисии по распишаните конкурси, како и одобрувања на отсуства на лица избрани во наставно-научни, научни или соработнички звања (асистенти).

За реализација на наставата, согласно со законските одредби, ангажирани се 192 стручњаци од практиката за изведување на практична настава за студиските програми за тригодишните стручни студии и за студентите по општа медицина по предметот Семејна медицина.

Донесени се одлуки за ангажирање на лица избрани во звања на Факултетот да вршат високообразовна дејност на Стоматолошкиот, Фармацевтскиот, Природно-математичкиот факултет, Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, Филозофскиот и Машинскиот факултет, сите во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кадровски прашања

Во извештајниот период на Факултетот се вработија 11 лица на неопределено време со полно работно време од 40 часа неделно, и тоа 4 доктори по медицина, 1 Дипломиран фармацевт/магистар по фармација, 4 административни лица и 2 помошници обдуценти.

Од министерството за финансии на РСМ се обезбеди согласност за ангажирање на 23 лица со договор за дело за период до 31.12.2026 година.

Во извештајниот период, од вработените со полно работно време од 40 работни часа неделно во пензија заминаа: 3 редовни професори, 1 вонреден професор, 1 доктор по медицина- примариус, 1 виш лаборант, 1 административен работник и 2 лица помошно-технички персонал, по лично барање работниот однос им престана на 1 лаборант и 1 административен работник, со отказ од работодавачот настанат е прекин на работниот однос на 1 помошно-технички персонал.

Од вработените со двоен работен однос, во пензија заминаа 6 редовни професори. По свое барање од Факултетот си заминаа 2 научни соработници, а по лично барање, односно отказ заради истекот на вториот мандат од изборот во асистенти работниот однос им престана на 33 лица и на 2 асистенти спогодбено им е прекинат работниот однос.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Активностите во овој извештаен период беа насочени кон осовременување на наставно-образовниот процес. Во академската 2025/26 година се реализираа сите предвидени активности за подобрување на наставно-образовната дејност.

Како дел од наставно-образовната дејност постојано се одвива процесот на акредитација и реакредитација на студиските програми. Реакредирирани се студиските програма за Општа медицина шестгодишни студии од интегриран прв и втор циклус студии и за Тригодишни стручни студии за акушерство, прв циклус. За овие студиски програми добиена е дозвола за почеток со работа и започнато е со реализација на наставата. За првпат

е акредитирана студиска програма за Тригодишни стручни студии за парамедици, прв циклус, како и студиски програми за Едногодишни стручни студии за парамедици и Едногодишни стручни студии за медицинска сестра во ортопедија. За трите студиски програми поднесено е барање за почеток со работа, а запишување на првата генерација студенти се планира во академската 2027/28 година.

Со запишување на третата генерација студенти, продолжи настава на студиската програма од интегриран прв и втор циклус на студии по општа медицина на англиски јазик.

Во извештајниот период исто така реакредитирани се студиските програми за трет циклус академски студии – докторски студии по клиничка медицина, базична медицина, молекуларна медицина и јавно здравство, а за прв на Медицинскиот факултет организирана е Програма за доживото учење за стекнување квалификации за парамедик-асистент.

Во склоп на процесот на дигитализација на УКИМ, а со тоа и на Медицинскиот факултет, се продолжи со електронско пријавување и заверување на семестрите, електронско плаќање, како и со проширување на опсегот на електронски услуги во одделението за настава. За првпат се издаваат електронски потврди и уверенија за положени испити, кои се верифицираат преку скенирање на QR-код. Исто така, постојано се прави ревидирање на внесените услови и поврзаноста на предметите во iknow системот. Веб-страната на факултетот, на која се достапни веб-страни на сите катедри, постојано се осовременува.

Се продолжи со поставување на електронска форма на литературата која е потребна за реализирање на предметните програми, а која е прилагодена за додипломски студии од соодветните насоки. Поголем дел од потребните учебници им се достапни на студентите во електронска форма преку ebook.

Соодветно на активноста на наставниот кадар и потребите на студентите, се продолжи со издавање нови учебници.

Медицинскиот факултет продолжи со промоцијата пред идните студенти. Во рамките на манифестација Отворен ден на УКИМ, организирана од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултетот се промовираше пред матурантите, со што учениците матуранти беа запознаени со начинот на студирање на нашиот Факултет. Исто така, Медицинскиот факултет се промовираше пред матурантите и во склоп на најголемиот саем на универзитети УНИКОМПАС.

Пред почетокот на семестарот, во организација на Факултетското и Универзитетското студентско собрание, беше реализирано запознавање на студентите бруцоши со правилата на студирање и со просторните капацитети на Медицинскиот факултет.

Активностите за вклучување на студентите во научно-истражувачките проекти на Факултетот и во научните истражувања кои ги работат докторантите на Медицинскиот факултет продолжија и во минатата година.

Во извештајниот период спроведена е евалуација на наставата од страна на студентите. Евалуацијата се спроведуваше електронски, по барање и во реализација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Реализирани се редовни, планирани состаноци на студентите со продеканот за настава, со цел навремено да се надминат тековните проблеми, но и да се разгледаат креативни идеи за подобрување на наставниот процес.

Одделението за настава го прилагоди работното време со студенти (работа на шалтер) соодветно на нивните потреби.

Во согласност со барањето на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за распишување на Конкурс за запишување на студенти во прва година во академската

2026/2027 година, до УКИМ беа доставени предмети од интерес за студиските програми на Медицинскиот факултет и беа доставени предлози за број на слободни места за сите студиски програми на Факултетот. Беше формирана конкурсна комисија за упис на студенти во прва година, а информациите во врска со Конкурсот и потребните документи за упис беа објавени на веб-страницата на Медицинскиот факултет во Скопје. Исто така, доставени се информации за проодноста на матурантите со положена државна стручна матура (планирана за 2026/27) при упис на студиски програми на Факултетот.

Согласно Конкурсот за запишување на студенти во прва година, во учебната 2026/2027 година на Факултетот се запишаа 228 редовни студенти на студиската програма за општа медицина, 82 студент на студиската програма за општа медицина на англиски јазик (се чека нострификација на документите за завршено средно образование за останатите странски студенти согласно решението за запишување на студенти-странски државјани и државјани на РСМ со завршено целокупно средно образование во странство во учебната 2025/2026 донесено од Универзитетската конкурсна комисија и по добивање на решенијата за нострификација од министерството за образование и наука на РСМ ќе се побара дополнително отварање на матичната книга на запипшани студенти за да дополнително се запишат и овие студенти),113 студенти на академската студиска програма за дипломиран логопед, 72 студенти на студиската програма за стручни медицински сестри/техничари (47 редовни, 25 вонредни студенти),29 студенти на студиската програма за оптометрија (23 редовни, 6 вонредни студенти) 36 студенти на студиската програма за радиолошки технолози (35 редовни, 1 вонреден студент), 91 студент на студиската програма за физиотерапевти (71 редовен студент и 20 вонредни студенти), 45 студенти за медицинско-лабораториска дијагностика (37 редовни, 8 вонредни студенти), 23 студенти на студиската програма за акушерки (22 редовни, 1 вонреден студент). Врз основа на целосно извршена постапка за упис на Медицинскиот факултет во Скопје во академската 2025/2026 година, запишани се вкупно 720 студенти.

Согласно Конкурсот за запишување на студенти на втор циклус едногодишни стручни студии, во учебната 2026/2027 година на Факултетот се запишаа 25 студенти на студиските програми и тоа: 3 на физиотерапија во ортопедија и хирургија, 4 на анестезија со реанимација, 5 студенти на интензивна здравствена нега, 12 студенти на студиите за инструментарки и 1 студент на логопедија.

Започната е постапка за воведување приемен испит при упис на студиската програма за Општа медицина, интегриран прв и втор циклус.

Во електронска форма на страната од Факултетот објавени се студентски информатори за академската 2026/2027 година со измени и дополнувања за реакредитираните и новоакредитираните студиски програми, како и информатор за студиската програма за општа медицина на англиски јазик.

Во извештајниот период на Медицинскиот факултет во Скопје на сите студиски програми за период од 01.10.2025 до 30.09.2026 година дипломирале вкупно 467 студенти и тоа: на студиите по општа медицина дипломирале 235 студенти, на четиригодишните академски студии за логопеди дипломирале 37 студенти, а на тригодишните стручни студии дипломирале 195 студенти, од кои 53 стручни медицински сестри/техничари, 34 радиолошки технолози, 22 физиотерапевти, 29 логопеди, 18 акушерки и 39 студенти на медицинско-лабораториска дијагностика.

На втор циклус едногодишни стручни специјалистички студии, специјалистичкиот испит го положиле вкупно 15 студенти и се стекнаа со звање: 5 за специјалист во интензивна здравствена нега, 7 за специјалист инструментар/ка и 3 за специјалист во анестезија.

Во оваа година продолжи воспоставената соработка со АД Алкалоид Скопје на полето на образованието и науката, во рамките на која студенти од општа медицина беа испратени на платена практична работа во АД Алкалоид Скопје во текот на летните месеци, со можност за вработување во оваа компанија по завршување на студиите по општа медицина.

Центарот за кариера на Медицинскиот факултет успешно ја започна својата работа. Во склоп на неговите активности беа одржани следните едукативни настани, предавања и работилници:

- Работилница „iTOP (индивидуален пристап во оралната профилакса) – иновативен метод за одржување на орална хигиена'' , наменета за студентите од Медицински факултет Универзитет „Св.Кирил и Методиј'' во Скопје, во организација на EMCA (Европска Медицинска Студентска Асоцијација), компанијата Curaprox Македонија (Интердентал ДООЕЛ) и Центарот за кариера на Стоматолошки факултет. (08.04.2026, Скопје; 30 учесници).
- На 27.02.2026 година одржан Отворениот ден на УКИМ во просториите на деканатот (во амфитеатарот) на кој поздравен говор имаше продеканката за настава проф. д-р Јулија Живадиновиќ, потоа председателот на Центарот за кариера, проф д-р Марија Цветановска. Беа присутни и представници од ФСС. Имаше вкупно 70 посетители.
- Во тек на месец мај 2026 година проф. д-р Итару Хираи, од Микробиолошката лабораторија при Факултетот за здравствени науки, Медицински факултет, Универзитет Рјукијус, Окинава, Јапонија, беше во официјална посета на Универзитетската клиника за инфективни болести, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Македонија. Во тек на оваа посета во организација на Центарот за кариера на Медицинскиот факултет одржа едукативно предавање на 18.05.2026 на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби од областа на заразните болести со наслов: „Влијанието на употребата на антимикробните средства со широк спектар во лекувањето на пациенти во болнички услови врз појава на антимикробна резистенција во вонболнички услови“.
- Во тек на месец октомври 2026 год. Проф Марија Димзова одржа едукативно предавање на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби за “ Сексуално преносливи заболувања“ наменето за специјализантите на Медицинскиот факултет.

Активности на Наставниот одбор

Наставниот одбор во извештајниот период одржа 8 редовни седници на кои беа разгледани и реализирани активности, и тоа:

- разгледани се и решени повеќе барања од катедрите и студентите;
- разгледани се и усвоени елаборатите за новите студиски програми и елаборатите за реакредитација на постоечките студиски програми;
- презентирани се резултатите од електронската евалуација за наставата од студентите;
- разгледани се и усвоени распоредите за теоретската и практична настава за летниот семестар од академската 2025/26 година и зимскиот семестар од академската 2026/2027 година на сите студиски програми;
- предложена е конкурсна комисија за упис на студенти во прва година (прв и интегриран прв и втор циклус студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Медицински факултет во Скопје, за академската 2026/2027 година;

- предложена е конкурсна комисија за упис на студенти во прва година втор циклус едногодишни стручни студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”- Медицински факултет во Скопје, за академската 2026/2027 година;
- редовно се разгледувани и усвојувани предлог-теми за изработка на дипломски работи, како и изработени дипломски работи од студентите на четиригодишните академски студии за логопедија.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Факултетот во извештајниот период ноември 2025 – ноември 2026 година, бележи значителни активности за поддржување и стимулирање на научкоистражувачката работа. Започна новиот тригодишен циклус за финансирање на научноистражувачки проекти на катедрите на Медицински факултет и за прв пат се воведе финансирање на публикувањето на трудовите во списание индексирано во база Web of Science со сопствени средства на факултетот. Резултатите од истражувањата се во функција, не само во развојот на науката, туку и во унапредување на наставно-образовната и високостручна здравствено-апликативна дејност на Факултетот.

Научноистражувачки проекти

Проекти финансирани од Министерството за обарзование согласно Конкурсот за распределба на средсвата за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети за 2025-2026 година:

Врз основа на објаве конкурс од МОН факултетот аплицираше за добивање на финансиски средства и истите беа одобрени за рализација на следниве проекти:

-Институт за патологија, Проект „Молекуларни анализи на течни биопсии од пациенти со малигни солидни неоплазми„

-Институт за имунологија и хумана генетика, Проект „ Развој и примена на неинвазивен сеопфатен епигенетски тест базиран на слободно циркулирачка ДНК од крв за рана дететкција и долгорочно следење на состојбата на трансплатираниот орган„.

-Катедра за физика, Проект „ Неинвазивен биомаркер за неврогенеративни болести базиран на мозочна ефективна поврзаност„

Домашни проекти чии носители се катедрите на Медицинскиот факултет, финансирани од Медицинскиот факултет во Скопје:

Циклусен период (2026-2029):

Заврши вториот тригодишен циклусен период за финансирање на научноистражувачки проекти на Катедрите на УКИМ Медицински факултет во Скопје, (2022-2025) со доставување на завршни извештаи. Во тек е третиот тригодишен период за финансирање на научноистражувачки проекти на Катедрите на УКИМ Медицински факултет во Скопје (2026-2029), со вкупно 33 проекти. Истите после добивање согласности од Наставно научниот совет, беа презентирани пред Етичката комисија за истражување на луѓе при Медицинскиот факултет, а беа одржани и консултативни состаноци со Одделението за јавни набавки и Одделението за сметководство и финансии со совети во

врска со начинот на реализирање на предвидените набавки за проектите, нивното финансирање, односно регулирање на обврските согласно планираните набавки. Целта на овој вид активности е поттикнување на научноистражувачката работа на наставно-научниот кадар на факултетот, но дури од поголемо значење е поттикнувањето на младите кадри. Веќе од неколку од овие проекти со понатамошно продолжување на истражувањата произлегоа предлог теми за Докторски проекти кои се во тек. Публикувањето на резултатите од истите во реномирани стручни и научни медицински списанија е дополнителен придонес. Севкупно, оваа проектна активност која ја иницира и поддржува факултетот претставува континуитет во поддршката и развојот на стручно апликативната и научна мисла, и мали чекори во стремежот кон академска извонредност.

Листа на проекти од Катедрите финансирани од Медицинскиот факултет (2026-2029):

1. Катедра за анатомија - Степен на исхранетост кај пацинети со хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ)
2. Катедра за биохемија и клиничка биохемија - Ефект на комбинирана диететска и фармаколошка терапија врз воспалителните биомаркери и метаболниот синдром кај лица со дебелина
3. Катедра за медицинска хемија - Влијание на употребата за загреани тутунски производи врз биохемиските и кардиоваскуларните параметри
4. Катедра за фармакологија со токсикологија - Истражување на заштитните ефекти на некои антиоксиданси при третман со гликопептидни антибиотици кај лабараториските животни
5. Катедра за имунологија - Цитокински профил кај булозен пемфигоид
6. Катедра за хумана генетика - Интергриран геномски пристап кон идиопатски повторлив репродуктивен неуспех
7. Катедра за медицинска физика - Анализа на медицински слики и временска варијабилност на динамична лимфосцинтиграфија со 99mTc SPECT за откривање на сентинелни лимфни јазли кај карцином на дојка, малиген меланом и ендометријален карцином
8. Катедра за нуклеарна медицина - Радионуклидна лимфосцинтиграфија во евалуација на лимфедем
9. Катедра за патолошка физиологија - Компарација на клиничко-епидемиолошките карактеристики и биологијата на тироидниот карцином во последните две декади, 2016 - 2026 споредено со 1999 - 2015
10. Катедра за патологија - Туморски биомаркери кај карцином на желудник: морфолошки, инумохистохемиски и молекуларни аспекти
11. Катедра за судска медицина - Развој на нова аналитичка метода за определување на амфетамини со примена на ултра брза LC-MS-MS техника во пост-мортем примероци крв
12. Катедра за медицинска етика - Популациона генетска анализа на варијантите во генот AKAP9 и нивната улога во ризикот од ненадејна срцева смрт

13. Катедра за анестезиологија со реанимација - Споредбна на влијанието на кусите и долгите анестезии со Севофлуран врз серумските вредности на неврон специфичната енолаза (NSE) и S100 протеинот кај педијатриски пациенти
14. Катедра за гинекологија и акушерство - Компаративни анализи на серумските концентрации на ангиогените фактори кај пациентките со интраутерина фетална смрт, интраутерин фетален застој и хипертензивни нарушувања во бременост
15. Катедра за гинекологија и акушерство - Рана предикција на преекламсија во првиот триместер со примена на PIGF и доплер на офталмичната артерија
16. Катедра за гинекологија и акушерство - Ултразвучна евалуација на фетална анатомија во првиот триместар од бременоста: изводливост и дијагностичка ефикасност во Република Северна Македонија
17. Катедра за интерна медицина - Улогата на предиктивните и дијагностички биомаркери - резиситин, хемерин за дијагноза на гестациски дијабетес
18. Катедра за интерна медицина - Гастроинтестинални крварења кај пациенти на антитримботична терапија: клиничка тежина, компликации и 30-дневна смртност во болничка кохорта
19. Катедра за интерна медицина - Примена на вештачка интелигенција за предвидување на прогресија на хронична бубрежна болест кај пациенти следени на ЈЗУ Клиника за нефрологија
20. Катедра за интерна медицина - GLARIS- студија Глутатион и лактати како биомаркери за ризик - стратификација кај акутни труења: развој на редокс - базиран прогностички модел
21. Катедра за хирургија - Фиксација на задниот фрагмент при малеоларните фрактури - влијание на оперативната техника на радиолошкиот и функционалниот исход
22. Катедра за хирургија - Биопсија на сентинел лимфен јазол (SLNB) кај пациенти со меланом на кожа - значење во дијагностиката, третманот и прогнозата
23. Катедра за хирургија - "Sleeve" гастректомија како третман за обезност иии метаболен синдром: Евалуација на грелин и hs-CRP како биомаркери за ефикаснот на третман
24. Катедра за хирургија - Мапирање на лимфни жлезди со компјутерски наочари кај пациенти со карцином на дојка
25. Катедра за хирургија - Хируршки третман и исходи кај педијатриска цистична ехинококоза во ендемско подрачје: искуство од Северна Македонија
26. Катедра за ортопедија - Евалуација на ефектите од двократна администрација на транексамична киселина врз крвозагубата и потребата од трансфузија на крв при тотална артропластика на колкот
27. Катедра за физикална медицина и рехабилитација - Ефикасноста на роботската терапија во рехабилитација на горен екстремитет по мозочен удар
28. Катедра за медицина на трудот - Индекс на работна способност кај различни групи работници
29. Катедра за онкологија и радиотерапија - Клиничко - патолошки карактеристики и процена на патолошки одговор кај различни молекуларни подтипови на ран рак на дојка по спроведена неоадјувантна системска терапија

30. Катедра за трансфузиологија - Поврзаност помеѓу природните инхибитори на коагулацијата ии генетскиот профил на тромбофилијата со појавата на тромботични заболувања кај лица со хемофилија
31. Катедра за психијатрија и медицинска психологија - Ефикасност на активности поддржани од куче како адјувантна интервенција во дневно-болнички психијатриски третман
32. Катедра за социјална медицина - Градење капацитети за јавноздравје на локално ниво - примена на теорија во пракса
33. Катедра за хигиена - Проценка на состојбата и пристапот до вода, санитација и хигиена (WASH) во здравствените установи во Р.С. Македонија со примена на WASH FIT алатката (Water and Sanitation for Health Facility Improvement Tool) - пилот проект

Национални проекти финансирани од Медицинскиот факултет во Скопје:

1. „Основи на морфолошките и ултраструктурни промени на постелката кај инфекции со SARS, COVID-19 од COVID-19 позитивни трудници и трудници со пост-COVID 19 инфекција“ - проект одобрен од Медицински факултет, УКИМ, Скопје - 2023; раководител проф. Гордана Петрушевска, Институт за патологија (*проектот сеуште е во тек).*

Меѓународни проекти со учество на Медицинскиот факултет:

1. European general practitioners' attitudes towards person-centered care and factors that influence its implementation in everyday practice. G. Petricek, K. Hoffmann, S. Willems, R. Assenova, Z. Ožvačić Adžić, V. Cerovečki, M. Hanževački, J. Rakić Matić, G. Vuletić, M. Tomičić, M. Rađa, B. Seifert, S. Bayen, T. Frese, Z. Tsimtsiou, P. Torzsa, C. Collins, D. Zwart, K. Stavrić, K. Soleski, M. Mihajlova, F. Lokvenec, T. Bjerve Eide, K. Lessner, B. Heleno, I-C. Busneag, M. Kostić, Z. Klemenc Ketiš, E. Zelko, S. Ares Blanco, J. González-Lama, R. Magallón, S. Streit, A. Gouveia, V. Mevsim, C. Tuz. European general Practise Research Network; Носител на проект Goranka Petriček, Department of Family Medicine, "Andrija Stampar" School of Public Health, Schoolof Medicine, University of Zagreb, Health Centre Zagreb West, партнери 22 европски земји, Центар за семејна медицина Медицински Факултет, Универзитет Св Кирил и Методиј Скопје 2022 / 2023, (проектот е во тек).
2. Еразмус плус "SaveLife - Reorganizing Basic/Advanced Life Support Training Through the Use of Innovative Materials" 2022-1-TR01-KA220-HED-000089373, проект. 2022-2025 завршен извештај март 2025 година, партнерски универзитет УКИМ, со два факултети: Машински и Медицински факултет, координатор: Yildiz Technical University, Istanbul, Turkey, раководител на проектот за УКИМ проф. д-р Валентина Гечевска, истражувач Проф. д-р Марија Вавлукис.
3. COST Action CA21169. Information, Coding, and Biological Function: The Dynamics of Life (DYNALIFE); Action Chair: Dr Diego Luis GONZALEZ, start date - 19/09/2022 - End date - 18/09/2026, Prof. Tomislav Stankovski, MC member.

4. COST Action CA21105, Blastocystis under One Health (OneHealthBlastocystis); Action Chair: Dr Anastasios Tsaousis; Start date - 26/10/2022 - End date - 25/10/2026, prof. d-r Maja Jurhar Pavlova, MC member.
5. COST Action CA21137, Ethics in Dementia (EDEM). Action Chair: Dr Sigurd Mørk Rønbøl Lauridsen. Start date - 18/10/2025 - End date - 17/10/2029. Elizabet Miceva Velickovska, Prof. d-r Dragana Petkovska, Cvetkovska, MC members.
6. COST Action CA21151, Generation of human induced pluripotent stem cells from haplo-selected cord blood samples (HAPLO-iPS). Action Chair: Dr Anna Veiga. Start date - 11/10/2022 - End date - 10/10/2026. Prof. d-r Aleksandar Petlickovski, Prof. d-r Irina Panovska Stavridis, MC members.
7. COST Action CA21113, Genome Editing to Treat Humans Diseases (GenE-Humdi). Action Chair: Dr Karim Ben Abdellah. Start date - 15/09/2022 - End date - 14/09/2026. Prof. d-r Rubens Jovanovic MC member.
8. COST Action CA21116, Identification of biological markers for prevention and translational medicine in pancreatic cancer (TRANSPAN). Action Chair: Dr Federico Canzian. Start date - 11/10/2022 - End date - 10/10/2026. Prof. d-r Nikola Jankulovski MC member.
9. COST Action CA21152, Implementation Network Europe for Cancer Survivorship Care (INE-CSC). Action Chair: Prof Josephine Hegarty. Start date - 26/10/2022 - End date - 25/10/2026. Prof. d-r Gligor Tofoski, MC member.
10. COST Action CA21168, Improving outcome of Juvenile Inflammatory Rheumatism via universally applicable clinical practice strategies (JIR-CliPS). Action Chair: Prof Michaël Hofer. Start date - 15/09/2022 - End date - 14/09/2026. Prof. d-r Meri Kirijas, MC member.
11. COST Action CA21140, Interception of oral cancer development (INTERCEPTOR). Action Chair: Dr Pierre Saintigny. Start date - 14/11/2022 - End date - 13/11/2026. Prof. d-r Slavica Kostadinovska Kunovska, MC members.
12. COST Action CA21135, Modelling immunotherapy response and toxicity in cancer (IMMUNO-model). Action Chair: Dr Eva Martinez-Balibrea. Start date - 02/11/2022 - End date - 01/11/2026. Prof. d-r Igor Stojkovski, MC member.
13. COST Action CA21153, Network for implementing multiomic approaches in atherosclerotic cardiovascular disease prevention and research (AtheroNET). Action Chair: Prof Paolo Magni. Start date - 19/10/2022 - End date - 18/10/2026. Prof. d-r Sasko Jovev, MC member.
14. COST Action CA21160, non-globular proteins in the era of Machine Learning (ML4NGP). Action Chair: Dr Alexander Monzon. Start date - 25/10/2022 - End date - 24/10/2026. Prof. d-r Zlatko Jakjovski, MC member.
15. COST Action CA21130, P2X receptors as a therapeutic opportunity (PRESTO). Action Chair: Prof Elena Adinolfi. Start date - 12/10/2022 - End date - 11/10/2026. Prof. d-r Jasmina Trojacanec, MC member.
16. COST Action CA21122, PROmoting GeRiAtric Medicine IN countries where it is still eMerGing (PROGRAMMING). Action Chair: Dr Marina KOTSANI. Start date - 2/11/2022 - End date - 1/11/2026. Prof. d-r Sonja Genadieva Stavrikj, MC member.

17. COST Action CA21165, Personalized medicine in chronic kidney disease: improved outcome based on Big Data (PerMediK). Action Chair: Prof Joachim Jankowski. Start date - 13/10/2022 - End date - 12/10/2026. Prof. d-r Goce Spasovski, MC member.
18. COST Action CA21117, The role of IMMUnity in tackling PARKinson's disease through a Translational NETwork (IMMUPARKNET). Action Chair: Prof CRISTOFORO COMI. Start date - 20/09/2022 - End date - 19/09/2026. d-r Bojan Boskovski, MC member.
19. COST Action CA21164, Towards an improvement in diagnostics and treatment strategies for TB control (ADVANCE-TB). Action Chair: Dr Alicia Lacoma. Start date - 29/09/2022 - End date - 28/09/2026. d-r Sead Zejnel, MC member.
20. COST Action CA21154, Translational control in Cancer European Network (TRANSLACORE). Action Chair: Dr Jean-Jacques Diaz. Start date - 04/10/2022- End date - 03/10/2026. Aleksandar Eftimov MPharm PhD, MC member.
21. COST Action CA22169. EUropean network to tackle METAbolic alterations in HEART failure" (EU-METAHEART), Action Chair: Prof. d-r Christof Maak Start date - 10/10/2023 - End date - 10/10/2027, Prof. d-r Marija Vavlukis (proposer) and MC, Prof. d-r Hristo Pejkov, MC member.
22. COST Action CA22103. A comprehensive network against brain cancer (Net4Brain), Action Chair: Prof Xinzhong Li; Start date - 30/10/2023 - End date - 29/10/2027, A research associate d-r Bisera Nikolovska, MC member.
23. COST Action CA22111, A European consortium to determine how complex, real-world environments influence brain development (ENVIRO-DEV), Action Chair: Prof Sam Wass; Start date - 22/09/2023 - End date - 21/09/2027, prof. d-r Stojan Bajraktarov, MC member.
24. COST Action CA22119, Haemoglobinopathies in European Liaison of Medicine and Science (HELIOS). Action Chair: Dr Petros Kountouris. Start date - 20/09/2023 - End date - 19/09/2027. Prof. d-r Aleksandra Pivkova Veljanovska MC member.
25. COST Action CA22125, Precision medicine in biliary tract cancer (Precision-BTC-Network). Action Chair: Prof Rocio I. Rodriguez Macias. Start date - 09/10/2023 - End date - 08/10/2027. d-r Nenad Mitreski, MC member
26. COST Action CA22118, Radionuclide theragnostics for personalised medicine (RATIONALE). Action Chair: Dr Ivo Rausch. Start date - 26/10/2023 - End date - 25/10/2027. Scin. Coop. Toni Tripunovski, MC member.
27. COST Action CA22170, TEndon Regeneration NETwork (TENET). Action Chair: Prof Manuela Gomes. Start date - 23/10/2023 - End date - 22/10/2027. Prof. d-r Sofija Pejkova, MC member.
28. COST Action CA23125, The mETamaterial foRmalism approach to recognize cAncer (TETRA). Action Chair: Prof Tatjana Gric. Start date - 30/09/2024 - End date - 29/09/2028. VNS d-r Ognen Ivanovski, MC member.
29. COST Action CA23146, European vascular liver diseases network (EURO-VALDI-NET). Action Chair: Prof Pierre-Emmanuel RAUTOU. Start date - 30/10/2024 - End date - 29/10/2028. Prof. d-r Aco Kostovski, MC member.
30. COST Action CA24107. Patient SAFety Related Outcome Measures in European ICUs; Start date - 23/10/2025 - End date - 22/10/2029, Action Chair: Prof. d-r McEvoy Natalie, Prof. d-r Marija Vavlukis MC member.

31. COST Action CA24162, Adaptive and acquired resistance in gastrointestinal cancers-contemporary and emerging resolutions (AdResCanCER); Action Chair: Dr Luka Bočkor Start date - 22/10/2025 - End date - 21/10/2029, prof. d-r Svetozar Antovic, MC member.
32. COST Action CA24118, Advancing human brainstem MRI and its application in clinical research and practice (ImagingBrainstemHealth); Action Chair: Prof Dorothea Hämmerer; Start date - 17/10/2025 - End date - 16/10/2029, prof. d-r Anita Arsova, MC member. Action Chair: Prof Dorothea Hämmerer; Start date - 17/10/2025 - End date - 16/10/2029, prof. d-r Anita Arsova, MC member.
33. COST Action CA24106, Building Education and One Health with Adaptive Convergence and Open Networks (BEACON). Start date - 25/09/2025 - End date - 24/09/2029, prof. d-r Ace Dodevski, MC member.
34. COST Action CA24115, Connecting an INternational Network of Academic Manufacturers of ONcoimmunotherapies (CINNAMON) Action Chair: Dr Julio Delgado Start date - 31/10/2025 - End date - 30/10/2029, prof. d-r Violeta Klisarova, and Ass. D-r Nevenka Ridova, national MCs.Ace Dodevski, MC member.
35. COST Action CA24105, Enabling Translation of Retinal Disease Diagnosis and Therapies: A Roadmap for Future (Retina4Future). Action Chair: Dr Sandra Tenreiro. Start date - 09/10/2025 - End date - 08/10/2029, prof. d-r Emilija Gosevska Dastevska, MC member.
36. COST Action CA24138, EU-Resolution Biology Network (EU-RESOLVE). Action Chair: Prof Jesmond Dalli. Start date - 15/10/2025 - End date - 14/10/2029. Prof. d-r Katerina Toshevska Trajkovska MC member.
37. COST Action CA24168, European Initiative to Enhance the Current SABV Policy in Preclinical Biomedical Research (EU-SABV). Action Chair: Dr Ivana Jaric. Start date - 22/10/2025 - End date - 21/10/2029. Scient. Assoc. Toni Tripumovski, MC member.
38. COST Action CA24133, European network for animal evolutionary immunology: interlinking laboratory and wildlife infection biology (EVIM-NET). Action Chair: Prof Michal Vinkler. Start date - 06/10/2025 - End date - 05/10/2029. Prof. d-r Meri Kirijas, MC member.
39. COST Action CA24123, Extended Reality Neurorehabilitation of Spatial Neglect and Related Disorders After Brain Injury (neuroXRehab). Action Chair: Dr Lars Evald. Start date - 24/09/2025 - End date - 25/09/2029. Prof. d-r Anita Arsovska, ass. D-r Aleksandra Angelova, MC members.
40. COST Action CA24161, Improving Neuroimaging Data for Sharing (INDoS). Action Chair: Prof Jochem Rieger. Start date - 30/09/2025 - End date - 29/09/2029, Prof. d-r Gabriela Novotni, MC member.
41. COST Action CA24117, Innate lymphoid cells – the European quest for innovative cancer prognosis and immunotherapy (ILCquest). Action Chair: Dr Ivana Stojanović. Start date - 28/10/2025 - End date - 27/10/2029. Prof. d-r Irina Panovska Stavridis, D-r Gordana Petkovska, MC members.
42. COST Action CA24124, Network for the Advancement of Neutropenia Research and Patient Support (Neutro-NARPS). Action Chair: Prof Helen PAPADAKI. Start date - 24/10/2025 - End date - 23/10/2029. Prof. d-r Oliver Karanfilski and Lazar Cadievski, MC members.

43. COST Action CA24140, One Health zoonotic Hepevirus Network (ONWARD). Action Chair: Dr Antonio Rivero-Juarez. Start date - 29/09/2025 - End date - 28/09/2029. Prof. d-r Marija Cvetanovska, MC member.
44. COST Action CA24127, Pan European Commission on Photoantimicrobial Testing (PanEuCOPT). Action Chair: Prof Bianka Siewert. Start date - 09/10/2025 - End date - 08/10/2029. Prof. d-r Gordana Mircevska, MC member.
45. COST Action CA24130, Psychedelic renaissance: turn on, tune in and drop in (PSY-NET). Action Chair: Dr Tomas Palenicek. Start date - 30/10/2025 - End date - 29/10/2029. Prof. d-r Slavica Arsova Hadziangelkova, MC member.
46. COST Action CA24142, Precision Medicine for Cardiac Arrest (PREMEDICARE). Action Chair: Dr Enrico Baldi. Start date - 13/10/2025 - End date - 12/10/2029. Scs. Coop. d-r Jane Taleski, MC member.
47. COST Action CA24151, Towards PERsonalized Cancer Chronotherapy (PERCC). Action Proposer: Boris Duchemann. Start date - 14/10/2025 - End date - 13/10/2029. Prof. d-r Igor Stojkovski, MC member.

Домашни проекти чиј носител е Медицинскиот факултет, финансирани од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои отпочнале пред оваа извештајна година, а биле завршени во оваа извештајна година, или проекти кои биле избрани во оваа извештајна година:

1. Проект: "*Мукокутани промени после акутен COVID-19: проспективна кохортна студија*", прифатен и финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2021 година, носител проф. д-р Катерина Дамевска, е завршен и предаден извештај во 2025 година.
2. Проект: "*Пост-транскрипциско стивнување (silencing) на теломеразна експресија во хепатално ткиво кај експериментални животни ин виво*" прифатен за финансирање од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2022 година, носител проф. д-р Рубенс Јовановиќ, проектот е сега дозволен за изработка и финансирање
3. Проект: "*Евалуација на третманот со 5% топичен имиквимод кај актинични кератози со и без детектирано присуството на хуман папилома вирус во лезијата*", прифатен и финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2023 година, носител е доц. д-р Силвија Дума, проектот е сега дозволен за изработка и финансирање
4. Проект: "*Тарзал тунел декомпресија (Dellon техника)-подобрена микроциркулација кај дијабетично стопало, следено преку ткивната Tc99 MIBI перфузиона сцинтиграфија на стопало*", прифатен за финансирање од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за 2024 година, носители Вонр. Проф. д-р Невена Маневска и Доц д-р Софија Пејкова, проектот е во тек.
5. Проект: *„Уринарна подоцитна информациона рибонуклеинска киселина (mRNA): неинвазивен биомаркер за проценка на активноста на гломеруларните заболувања"*, прифатен за финансирање од Универзитетот за 2025 година, носител Вонр. проф. д-р Павлина Џекова Видимлиски.

6. Проект *Употреба на 3д-печатени анатомски реплики во едукација и клиничка пракса*, прифатен за финансирање од УКИМ за 2026 година, носител Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска.

Во извештајниот период на **Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија** во делот научно-истражувачки проекти и клинички студии се реализирани 12 меѓународни научно-истражувачки проекти и клинички студии во соработка со партнери од странство, и 6 научно-истражувачки проекти со партнери од Република Северна Македонија:

Меѓународни научноистражувачки проекти и клинички студии на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија:

1. COMPARATIVE, RANDOMISED, SINGLE-DOSE, CROSSOVER BIOAVAILABILITY STUDY OF THREE BENFOTIAMINE/PYRIDOXINE 100 mg/ 100 mg FORMULATIONS IN HEALTHY PARTICIPANTS UNDER FASTING CONDITIONS - CRO STUDY CODE: NYP-300-24; SPONSOR STUDY CODE: 24-793
2. COMPARATIVE, RANDOMISED, TWO-TREATMENT, THREE-SEQUENCE, THREE-PERIOD, SINGLE-DOSE, PARTIAL REPLICATE CROSSOVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TELMISARTAN / INDAPAMIDE 80 MG / 2.5 MG FORMULATIONS IN HEALTHY PARTICIPANTS UNDER FASTING CONDITIONS- CRO STUDY CODE: LNI-39-25; SPONSOR STUDY CODE: 24-795
3. COMPARATIVE, RANDOMIZED, SINGLE-DOSE, PARALLEL BIOAVAILABILITY STUDY OF ENZALUTAMIDE FORMULATIONS IN HEALTHY MALE PARTICIPANTS UNDER FASTING CONDITIONS AND MULTIPLE DAY PRE-TREATMENT WITH A PROTON PUMP INHIBITOR (PPI) CRO STUDY CODE: ZNE-15-25; SPONSOR STUDY CODE: 25-800
4. COMPARATIVE, RANDOMISED, SINGLE-DOSE, CROSSOVER BIOAVAILABILITY STUDY OF BEMPEDOIC ACID / EZETIMIBE 180 mg / 10 mg FORMULATIONS IN HEALTHY PARTICIPANTS UNDER FASTING CONDITIONS- CRO STUDY CODE: MZE-73-25; SPONSOR STUDY CODE: 25-804
5. COMPARATIVE, RANDOMISED, SINGLE-DOSE, CROSSOVER BIOAVAILABILITY STUDY OF DAPAGLIFLOZIN / METFORMIN 10 mg / 1000 mg EXTENDED-RELEASE FORMULATIONS IN HEALTHY PARTICIPANTS UNDER FASTING AND FED CONDITIONS- CRO STUDY CODE: PEM-131-25; SPONSOR STUDY CODE: 25-805
6. COMPARATIVE, RANDOMISED, SINGLE-DOSE, CROSSOVER BIOAVAILABILITY STUDY OF VALSARTAN/AMLODIPINE/INDAPAMIDE 160 MG / 10 MG / 2.5 MG FORMULATIONS IN HEALTHY PARTICIPANTS UNDER FASTING CONDITIONS- CRO STUDY CODE: LNI-150-25; SPONSOR STUDY CODE: 25-812
7. COMPARATIVE, RANDOMISED, SINGLE-DOSE, CROSSOVER, 2-WAY, PIVOTAL BIOEQUIVALENCE STUDY OF TWO 1000 MG PARACETAMOL FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS- CRO STUDY CODE: RAP-91-24; SPONSOR STUDY CODE: BEQPL-01-24

8. COMPARATIVE, RANDOMISED, SINGLE-DOSE, CROSSOVER, 2-WAY, PIVOTAL BIOEQUIVALENCE STUDY OF TWO 250 MG PARACETAMOL FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS- CRO STUDY CODE: RAP-92-24; SPONSOR STUDY CODE: BEQPL-02-24.
9. AN OPEN LABEL, BALANCED, RANDOMIZED, TWO-TREATMENT, TWO-PERIOD, TWO-SEQUENCE, SINGLE-DOSE, CROSSOVER, ORAL BIOEQUIVALENCE STUDY OF ATORVASTATIN AND FENOFIBRATE TABLETS 40 MG/160 MG MANUFACTURED AT MEDREICH LIMITED NO 4/3, AVALAHALLI, ANJANPURA POST, OFF, KANAKAPURA RD, BANK COLONY, KONANAKUNTE, BENGALURU, KARNATAKA 560062 FOR ALTHERA LABORATORIES LIMITED COMPARED WITH REFERENCE PRODUCT (R=R1+R2) R1: ZARATOR® (ATORVASTATIN) 40 MG FILM-COATED TABLETS OF VIATRIS HEALTHCARE LIMITED, DAMASTOWN INDUSTRIAL PARK, MULHUDDART, DUBLIN 15, DUBLIN, IRELAND AND R2: SECALIP SUPRA® (FENOFIBRATE) 160 MG FILM-COATED TABLETS OF LACER, SA - BOTERS, 5, 08290 CERDANYOLA DEL VALLÈS, BARCELONA, SPAIN IN HEALTHY, ADULT, HUMAN SUBJECTS UNDER FED CONDITIONS- CLINICAL SITE STUDY CODE: OEF-109-25; PROJECT NO./ PROTOCOL NO.: ALTH-2025-001
10. AN OPEN LABEL, BALANCED, RANDOMIZED, TWO-TREATMENT, TWO-PERIOD, TWO-SEQUENCE, SINGLE-DOSE, CROSSOVER, ORAL BIOEQUIVALENCE STUDY OF ATORVASTATIN AND FENOFIBRATE TABLETS 40 mg/160 mg MANUFACTURED AT MEDREICH LIMITED NO 4/3, AVALAHALLI, ANJANPURA POST, OFF, KANAKAPURA RD, BANK COLONY, KONANAKUNTE, BENGALURU, KARNATAKA 560062 FOR ALTHERA LABORATORIES LIMITED COMPARED WITH REFERENCE PRODUCT (R=R1+R2) R1: ZARATOR® (ATORVASTATIN) 40 mg FILM-COATED TABLETS OF VIATRIS HEALTHCARE LIMITED, DAMASTOWN INDUSTRIAL PARK, MULHUDDART, DUBLIN 15, DUBLIN, IRELAND AND R2: SECALIP SUPRA® (FENOFIBRATE) 160 mg FILM-COATED TABLETS OF LACER, SA - BOTERS, 5, 08290 CERDANYOLA DEL VALLÈS, BARCELONA, SPAIN IN HEALTHY, ADULT, HUMAN SUBJECTS UNDER FED CONDITIONS- CLINICAL SITE STUDY CODE: OEF-191-25; PROJECT NO./ PROTOCOL NO.: ALTH-2025-004
11. AN OPEN LABEL, BALANCED, RANDOMIZED, TWO-TREATMENT, TWO-PERIOD, TWO-SEQUENCE, SINGLE-DOSE, CROSSOVER, ORAL BIOEQUIVALENCE STUDY OF FIXED DOSE COMBINATION OF ATORVASTATIN AND FENOFIBRATE TABLETS 80 mg/160 mg MANUFACTURED FOR ALTHERA LABORATORIES LIMITED AT MEDREICH LIMITED NO 4/3, AVALAHALLI, ANJANPURA POST, OFF, KANAKAPURA RD, BANK COLONY, KONANAKUNTE, BENGALURU, KARNATAKA 560062, INDIA, WITH CO-ADMINISTRATION OF REFERENCE PRODUCT (R=R1+R2) R1: ZARATOR 80 mg FILM-COATED TABLETS OF VIATRIS HEALTHCARE LIMITED, DAMASTOWN INDUSTRIAL PARK, MULHUDDART, DUBLIN 15, DUBLIN, IRELAND AND R2: SECALIP SUPRA 160 mg FILM-COATED TABLETS OF LACER, SA - BOTERS, 5, 08290 CERDANYOLA DEL VALLÈS, BARCELONA, SPAIN IN HEALTHY, ADULT, HUMAN SUBJECTS UNDER

FED CONDITIONS- CLINICAL SITE STUDY CODE: OEF-233-24; PROJECT NO./ PROTOCOL NO.: ALTH-2024-002

12. A RANDOMIZED, BALANCED, SINGLE ORAL DOSE, OPEN LABEL, TWO TREATMENT, TWO PERIOD, TWO SEQUENCE, CROSSOVER, PIVOTAL BIOEQUIVALENCE STUDY OF SINGLE FIXED DOSE COMBINATION OF ROSUVASTATIN, EZETIMIBE AND FENOFIBRATE COATED TABLET 20 MG/10 MG/160 MG MANUFACTURED FOR ALTHERA LABORATORIES LIMITED AT MEDREICH LIMITED NO 4/3, AVALAHALLI, ANJANPURA POST, OFF, KANAKAPURA RD, BANK COLONY, KONANAKUNTE, BENGALURU, KARNATAKA 560062, INDIA, WITH CO-ADMINISTRATION OF CRESTOR® 20 MG TABLET AS PER MA HOLDER, ASTRAZENECA FARMACEUTICA SPAIN S A, RONDA NARCÍS MONTURIOL I ESTARRIOL (PARQ. TECNOLOGICO), 6, 46980 PATERNA, VALENCIA, EZETROL 10 MG TABLETS OF ORGANON PHARMA (IRELAND) LIMITED, DUBLIN, IRELANDAND SECALIP SUPRA 160 MG FILM-COATED TABLETS OF LACER, SA - BOTERS, 508290 CERDANYOLA DEL VALLES, BARCELONA, SPAIN, IN HEALTHY HUMAN ADULT SUBJECTS UNDER FED CONDITION- CLINICAL SITE STUDY CODE: SZF-132-25; PROJECT NO./ PROTOCOL NO.: ALTH-2025-002

Национални научноистражувачки проекти и клинички студии на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија:

1. A SINGLE-DOSE, RANDOMIZED, OPEN-LABEL, TWO-WAY CROSSOVER, BIOEQUIVALENCE STUDY OF VORTIOXETINE 20 MG ORODISPERSIBLE TABLETS AND BRINTELLIX 20 MG FILM-COATED TABLETS IN HEALTHY ADULT VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS"-SPONSOR STUDY CODE: b3-25-ROVt; CRU STUDY CODE: ROV-164-25.
2. A SINGLE-DOSE, RANDOMIZED, OPEN-LABEL, THREE-WAY CROSSOVER, COMPARATIVE BIOAVAILABILITY PILOT STUDY OF TWO FORMULATIONS OF VORTIOXETINE 20 MG ORODISPERSIBLE TABLETS AND BRINTELLIX 20 MG FILM-COATED TABLETS IN HEALTHY ADULT VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS" SPONSOR STUDY CODE: b4-24-ROVt; CLINICAL RESEARCH UNIT STUDY CODE: ROV-218-24
3. A SINGLE-DOSE, RANDOMIZED, OPEN-LABEL, TWO-WAY CROSSOVER, PILOT COMPARATIVE BIOAVAILABILITY STUDY OF EZETIMIBE/ATORVASTATIN 10MG/80 MG FILM-COATED TABLETS IN HEALTHY ADULT VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS- SPONSOR: b7-24-Eat; CRU STUDY CODE: ETA-33-25
4. A SINGLE-DOSE, RANDOMIZED, OPEN-LABEL, TWO-WAY CROSSOVER, BIOEQUIVALENCE STUDY OF METFORMIN HYDROCHLORIDE 1000 MG PROLONGED-RELEASE TABLETS IN HEALTHY ADULT VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS CRO STUDY CODE: TEM-126-25; SPONSOR STUDY CODE:b2-25-TEMt.
5. AN OPEN LABEL, RANDOMIZED, THREE-TREATMENT, THREE-PERIOD, THREE-SEQUENCE, SINGLE ORAL DOSE, CROSSOVER, BIOAVAILABILITY PILOT STUDY OF TADALAFIL 20 MG ORODISPERSIBLE TABLETS AND CIALIS

20 MG FILM COATED TABLET IN HEALTHY, ADULT MALE SUBJECTS UNDER FASTING CONDITION CRU Study code: DAT-88-25; Sponsor study code (Protocol number): b1-25-DATt

6. A SINGLE-DOSE, RANDOMIZED, OPEN-LABEL, TWO-WAY CROSSOVER, BIOEQUIVALENCE STUDY OF SITAGLIPTIN/METFORMIN 50 MG/850 MG FILM-COATED TABLETS IN HEALTHY ADULT VOLUNTEERS UNDER FED CONDITIONS- CRO STUDY CODE: TEM-241-24; SPONSOR STUDY CODE: B5-24-SMT

Други активности од областа на научно-истражувачката дејност на Факултетот

1. Со цел унапредување на научноистражувачката дејност и мотивирање на публицистичката активност на научниот кадар, беше формиран нов Уредувачки одбор на "Academic Medical Journal", списание на Медицинскиот факултет со меѓународен уредувачки одбор, кое се издава на англиски јазик, во електронска форма и со отворен пристап (Open Access Publishing). Во јуни 2021 година излезе првиот број на списанието. Актуелно списанието има 4 волумени годишно. До моментов објавувањето на трудовите во списанието кое излегува само во електронска форма, е после ригорозен per review процес, без финансиска надокнада, и е со отворен пристап. Од оваа година, Списанието е член на Crossref и врши доделување на DOI (Digital Object Identifier) за сите објавени трудови, со што се обезбедува трајна идентификација и полесна цитираност на публикациите.
2. За прикажување на наставно научната дејност на Факултетот, по иницијатива на УКИМ, продолжуваат активностите за пополнување и архивирање во Ризница / Репозиториум на научни трудови од Медицински факултет. Досега се внесени околу 7000 публикации, и тоа 234 книги и монографии, 4127 артикли во медицински списанија, 2000 конференциски извештаи и 30 магистерски и докторски трудови. Вработените од Централната медицинска библиотека континуирано даваат подршка во процесот на пополнување на Ризницата. Дополнително постојано се прави потсетување за точната афилијација на наставниците од Медицинскиот факултет при УКИМ со цел поголема и прравилна видливост и препознатливост. Овие активности се поврзани со интегрална рамка на дигиталните и интернет ресурси, вклучувајќи ја и обновената интернет страница, за прикажување и следење на наставно-научната дејност на Факултетот. Од оваа година благодарение на Министерството за образование и наука, УКИМ има институционален пристап на базите на Web of Science и SCOPUS.
3. Продолжува редовното издавање на електронскиот билтен (Факултетски email билтен), во последната недела секој месец (првиот број беше во октомври 2020 година). Во билтените се известува за различни случувања и новини од факултетот, информации за значајни научни публикации на автори од Факултетот, за научни проекти, за успеси и општествени дејности на вработените, за активностите на студентските организации и слично. Билтенот се испраќа преку електронска пошта на сите вработени на Факултетот.

Активности на Научниот одбор

Научниот одбор во тек на академската 2025/26 година се состануваше со план и динамика согласно потребите и активностите. Во рамките на Научниот одбор се реализираа следните активности:

1.Реализирање на активностите поврзани со Конкурсот за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети /научни институти/МАНУ за 2025 година**,** со кој Конкурс се планираше распределување на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти и тоа:

-Вкупно 15 (петнаесет) проекти од подрачјето на природно-математички науки, инженерство и технологија, медицински и здравствени науки, земјоделски и ветеринарни науки.

-Вкупно 10 (десет) проекти области од Стратегијата за смарт специјализација.

Притоа секоја единица имаше право да поднесе најмногу пет проекти. На конкурсот беа поднесени вклупно 11 проекти, при што Конкурсната комисија селектираше 5 кои му беа предложени и изгласани од Наставно-научниот совет.

После одлуката на МОН беа прифатени три проекти за финансирање од Медицинскиот факултет, и тоа два по однос на првата ставка, и еден по однос на втората ставка (паметна специјализација). Тоа се следниве проекти:

1.1. **Молекуларни анализи на течни биопсии кај пациенти со малигни солидни неоплазми**, Главен истражувач Проф. д-р Славица Костадиновска Куновска, Институт за патологија, Клиника за онкологија, ГАК и Хируршките клиники: Урологија, Дигестивна хирургија, Пластична хирургија;

1.2. **Развој и примена на неинвазивен сеопфатен епигенетски тест базиран на слободно циркулирачка ДНК од крв за рана детекција и долгорочно следење на состојбата на трансплантираниот орган**, Главен истражувач Проф. д-р Александар Петличковски, Институт за имунологија и хумана генетика; и

Во Областа Паметни специјализации:

1.3. **Неинвазивен биомаркер за невродегенеративни болести базиран на мозочна ефективна поврзаност**. Главен истражувач Проф. Томислав Станковски, Катедра за медицинска физика, ПЕТ центар, Клиникас за неврологија и Клиника за радиотерапија и онкологија.

2. Активности на Комисијата со постојан состав за доделување на наградата **„Проф. д-р Епса Урумова“** за најдобар труд. Оваа година се следеше примерот на МОН и УКИМ при избор на наградени трудови и избор на научник на годината и основен критерум беше трудот со оригинални научни резултати каде пријавениот кандидат е прв автор да биде објавен во списание реферирано во Web of Science на Clarivate Analytics или Scopus. Се пријавија вкупно 3 кандидати со три трудови, а комисијата согласно критериумите, за најдобар труд за 2025 година го избра **“One health investigation following a cluster of Crimean-Congo haemorrhagic fever”,** од авторот **Дејан Јакимовски,** со ко-авторите: Павле Бановиќ, Катерина Спасовска, Горан Рангелов, Марија Цветановска, Фадил Цана, Верица Симин, Ивана Богдан, Драгана Мијатовиќ, Александар Цветковиќ, Игор Џаџовски, Ива Христова, Елефтериос Мелетис, Полихронис Костулас, Бриџита Зана, Софија Ланцки, Тамаш Герферл, Софија Таубер и Габор Кеменеси. Во оригинално цитирање трудот е како што следи: Jakimovski D, Banović P, Spasovska K, Rangelov G, Cvetanovska M, Cana F, Simin V, Bogdan I, Mijatović D, Cvetkovikj A, Djadjovski I, Christova I, Meletis E, Kostoulas P, Zana B, Lanszki Z, Görföl T, Tauber Z, Kemenesi G. One health investigation following a cluster of

Crimean-Congo haemorrhagic fever, North Macedonia, July to November 2023. Euro Surveill. 2025 Jan;30(4):2400286. doi: 10.2807/1560-7917.ES.2025.30.4.2400286. PMID: 39885822; PMCID: PMC11920785.

3.Формирање на Комисија и активности на истата за избор на најдобар научник/уметник, врз основа на Интерен конкурс на УКИМ за 2025 година, која избира и до Продеканот за наука доставува предлог за најдобар научник во подрачјето медицински науки од Медицинскиот факултет, кој потоа истиот го проследува до Проректорот за наука на УКИМ, односно Одборот за наука при УКИМ, кој избира 6 научници и уметник на ниво на УКИМ. Научник од подрачјето на Медицинските и здравствени науки се бира од предлози од Медицинскиот, Фармацевтскиот и Стоматолошкиот факултет. Оваа година предлог од Медицинскиот факултет е Проф. Д-р Ирена Костовска од Институтот за медицинска и експериментална биохемија. Изборот на ниво на УКИМ е во тек.

4.За академската 2026/2027 година изборот за доделување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е во тек.

Докторски студии по медицина и јавно здравство

Активности на Советот на студиските програми за докторски студии по медицина

Во извештајниот период, Советот на трет циклус студии-докторски студии по медицина на Медицинскиот факултет, одржа вкупно 18 седници, од кои 9 со физичко присуство, а 9 online седници. Сите седници ја следеа динамиката на одржување на седниците на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет. По потреба (кога ССП имаше за разгледување поголем број предлог докторски проекти) се одржуваа и по две седници. Исто така Советот се состануваше и во цел на разгледување и усвојување на прелиминарната и конечната листа за упис на Докторски студии, и тоа за конкурсот за упис на студенти-докторанди во академската 2025/2026 година во вториот уписен рок, додека за Конкурсот објавен во академската 2026/2027 година, одржа две седници во тек на првиот уписен рок. И оваа година како и претходната, поради големиот интерес, ќе се отвори и вториот уписен рок за докторски студии.

На седниците на Советот на докторски студии по медицина се одлучуваше за конкретни задачи и активности:

- Формирање на рецензентски комисии за пријави на теми за изработка на докторски труд по медицина после презентација на студентот кој доставил тема со предлог проект за изработка на докторски труд (57 предлог-докторски проекти);
- Прифаќање на позитивни извештаи на рецензентските комисии за оцена на пријавена тема за изработка на докторски дисертации;
- Формирање на рецензентски комисии за оцена и одбрана на докторски труд (60 оценки и 45 одбрани);
- Реализирани годишни коференции за II, IV и VI семестар, во координација со Универзитетскиот стручен совет за докторски студии (вкупно 178 кандидати);
- Формирање на комисии за рецензии на научните трудови во склоп на III и V семестар (вкупно 127 кандидати);
- Организирани и одржани се 1 работилница за IV и VI семестар во зимскиот семестар за 32 кандидати и 1 работилница за IV и VI семестар во летниот семестар за 27 кандидати;

- Беше распишан и реализиран конкурс во втор уписен рок за трет циклус-докторски студии по медицина за академската 2025/2026 година, при што се запишаа вкупно 17 студенти, и тоа на програмата за клиничка медицина;
- Беше распишан и реализиран конкурс во прв уписен рок за трет циклус-докторски студии по медицина за академската 2026/2027 година, при што се запишаа вкупно 57 студенти, и тоа на: програмата за клиничка медицина 53 студенти, а на програмата базична медицина 4 студенти;
- Наставата на предметите за стекнување генерички знаења и вештини за истражување се реализираше во текот на зимскиот и летниот семестар, со физичко присуство, редовно, согласно академскиот календар на Школата за докторски студии и наставната програма за докторски студии по медицина;
- Донесени се одлуки за различни активности на барање на студентите од Трет циклус студии-докторски студии: промена на ментор, мирување/активирање на докторските судии, и други активности.

Предлог докторските проекти, се презентираат пред Советот на студиската програма за трет циклус-докторски студии, а потоа со евентуалните корекции и доработки ја продолжуваат понатамошната постапка.

Активности на Советот на студиските програми за докторски студии по јавно здравство

- Во извештајниот период, Советот на докторски студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет, одржа вкупно 10 седници, од кои 6 со физичко присуство а 4 online седници. Три седници беа поврзани со активностите на Советот на студиската програма по јавно здравство, а 7 седници ја следеа динамиката на одржување на седниците на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет.
- На седниците на Советот на докторски студии по јавно здравство се одлучуваше за конкретни задачи и активности:
- Формирање на рецензентски комисии за пријави на теми со предлог проект за изработка на докторски труд по јавно здравство (5 поднесок)
- Прифаќање на позитивни извештаи на рецензентските комисии за оцена на пријавена тема за изработка на докторски дисертации
- Формирање на рецензентски комисии за оцена и одбрана на докторски труд (5 оценки и 5 одбрани)
- Реализирани годишни коференции за II, IV и VI семестар, во координација со Универзитетскиот стручен совет за докторски студии (вкупно 13 кандидати)
- Формирање на комисии за рецензии на научните трудови во склоп на III и V семестар (вкупно 7 кандидати)
- На конкурсот за трет циклус академски студи-докторски студии по јавно здравство за академската 2025/2026 година се запиша 1 кандидат.
- Наставата на предметите за стекнување генерички знаења и вештини за истражување во текот на зимскиот и летниот семестар се реализираше согласно академскиот календар на Школата за докторски студии и наставната програма за докторски студии по јавно здравство.
- Донесени се одлуки за различни активности на барање на студентите од Трет циклус студии-докторски студии: промена на ментор, мирување/активирање на докторските судии, и други активности.

- Беше распишан и реализиран конкурс за трет циклус академски студи-докторски студии по јавно здравство за академската 2026/2027 година, при што се запишаа вкупно 7 студенти.
- Во извештајниот период реакредитирана е програмата за докторски студии за јавно здравство.

Активности на наставно-научниот колегиум за постдипломски студии јавно здравство

Во извештајниот период Наставно-научниот колегиум за јавно здравство одржа 6 седници со динамика која ја следеше динамиката на одржување на седниците на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет. Колегиумот за постдипломски студии по јавно здравство во извештајниот период разгледа и одобри за изработка 6 магистерски труда. Воедно, во извештајниот период успешно се одбранети и 4 магистерски труда, а за 2 магистерски труда прифатена е рецензијата и формирана комисија за одбрана. Во тек е изработка на 1 магистерски труд, а 2 магистерски труда се доставени за формирање рецензиона комисија за оцена и одбрана.

Реализиран е конкурс за втор циклус студии по јавно здравство за учебната 2025/2026 година, на кој се запишаа 2 студенти. Наставата успешно се реализира според предвидениот распоред во претходната и оваа учебна година, за што редовно се информира и Колегиумот.

На конкурсот за втор циклус студии по јавно здравство за учебната 2026/2027 година се запишаа 7 студенти.

Со одлука на Колегиумот преземени се повеќе активности во овој период за промоција на програмата за последипломските студии по јавно здравство која е акредитирана од ASPHER и меѓународно призната, и тоа: подготовка на ростер и алманах на студенти и магистри по јавно здравство, одржување на меѓународна конференција по јавно здравство и партнерство со други членки на ASPHER.

Медицинскиот факултет ја продолжи соработката со ASPHER како полноправен член, платена е членаринатa за 2026 година и активно учествува во меѓународните и научните активности на асоцијацијата.

Центарот-Школата за јавно здравство при УКИМ Медицински факултет во Скопје одржа Форум за јавно здравје на 15 декември 2025 година во амфитеатарот на Медицинскиот факултет во Скопје, одбележувајќи го јубилејот на Центарот – Школата за јавно здравство, 20 години членство во ASPHER (Асоцијација на школите за јавно здравје во Европскиот регион). На Форумот присуствуваа околу 100 учесници, претставници од Владата на Република Северна Македонија, Министерството за здравство, декани, продекани од Медицински факултет во Скопје, професори, членови на Наставно научниот колегиум за јавно здравство, магистри и доктори на науки по јавно здравство, студенти на втор и трет циклус на студии по јавно здравство и други гости. Беа доделени благодарници на сите кои дале свој придонес во развојот на Центарот-Школата за јавно здравство.

Учесниците на Форумот водени од европските и глобалните принципи и стандарди за заштита на здравјето, правичност, солидарност, одговорност, одржлив развој и човекови права, усвоија Декларација за јавно здравје 2026–2035, со дефинирани начела и приоритети за следниот период за Наставно научниот колегиум за јавно здравство и Центарот – Школа за јавно здравство.

По повод 25-годишнината од основањето на Школата за јавно здравство на 21 и 22 мај 2026 година, на Медицинскиот факултет во Скопје се одржа Втората конференција за јавно здравје и Втората европска предконференција на Health Systems Global (HSG Europe Preconference) „Building Evidence Based Resilient Health Systems in a Changing Europe“. Конференцијата е организирана од Центарот – Школа за јавно здравство при Медицинскиот факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, во соработка со Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје, Health Systems Global Europe, TDR, Здравствената мрежа на Југоисточна Европа (SEEHN), Sorsix, и студентските организации EMCA и MMCA, во пресрет на 9-та Глобална конференција за истражување на здравствените системи (HSR2026).

Настанот претставуваше значајна меѓународна платформа за размена на научни сознанија, искуства и добри практики помеѓу 130 истражувачи, здравствени професионалци, носители на политики, студенти и експерти од областа на јавното здравје и здравствените системи, од земјата и од 30 држави (Обединето Кралство, Германија, Шведска, Данска, Швајцарија, Италија, Украина, Молдавија, Грузија, Бугарија, Романија, Турција, Србија, Црна Гора, Албанија, Косово, Казахстан, Узбекистан, Уругвај, Бангладеж, Пакистан и др.) Во текот на дводневната програма беа обработени актуелни теми, презентирани во 93 научни труда. Преку четири предавања од поканети предавачи, 15 пленарни предавања со панел-дискусии, 30 презентации на научни трудови и постер сесии, учесниците дискутираа за можностите за зајакнување на отпорноста, одржливоста и правичноста на здравствените системи во услови на брзи општествени и демографски промени во Европа и светот. Изготвена е книга на абстракти.

Особено е важно учеството на 1st European Congress on Education and Training in Public Health одржан од 15-18 јули 2026г. во Милано по повод 60 години на ASPHER, со два труда: Ф. Тозија - 25th Anniversary of the School of Public Health in Skopje, North Macedonia – Achievements and Challenges и Д. Гудева Никовска, М. Стојчевска, Х. Василевска, А. Стаменова, Ф. Тозија – The aplication of artificial intelligence by undergraduate and master’s students at the Faculty of Medicine in Skopje, North Macedonia.

Успешната реализација на овие меѓународени настани уште еднаш го потврди значењето на Медицинскиот факултет – Скопје и Центарот – Школата за јавно здравство како препознатливи академски и научни центри посветени на развојот на современото јавно здравје, научната извонредност и меѓународната соработка во регионот и пошироко.

Работната група формирана од Деканот за подготовка на Алманах на магистри и доктори на науки по јавно здравство со редовни работни состаноци успешно ги реализира предвидените активности. Изготвен е ростер на магистри и доктори на науки за јавно здравство и online апликација за подготовка на Алманахот. Направен е список на магистрите и докторите на науки по јавно здравство, испратени им се пораки по електронски пат, преку нивните ментори и преку веб страницата на Медицинскиот факултет, која постојано се ажурира со информации. Публикацијата **Алманах на магистри и доктори на науки по јавно здравство** е подготвена и отпечатена на македонски јазик (100 примероци) и англиски јазик (50 примероци). Свечената промоција е планирана за во месец декември о.г.

ОДБОР ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА

Одборот за соработка и доверба со јавноста во извештајниот период разгледа и даде позитивно мислење на вкупно 119 рецензии за избори во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања (асистенти), 8 предлози за визитинг професори и 9 предлог - елаборати и тоа:

- Предлог-елаборат за реакредитација на студиската програма за Интегрирани прв и втор циклус на шестгодишни академски студии за Општа медицина;
- Предлог-елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус тригодишни студии за акушерство;
- Предлог-елаборат за акредитација на студиска програма за втор циклус едногодишни стручни специјалистички студии за медицинска сестра во ортопедија;
- Предлог-елаборат за акредитација на студиска програма за едногодишни стручни специјалистички студии за парамедици-специјалисти за итна медицинска помош втор циклус на стручни студии едногодишни студии;
- Предлог-елабора за акредитација на студиска програма за тригодишни стручни студии за парамедици прв циклус на стручни студии тригодишни студии;
- Предлог-елаборат за реакредитација на студиска програма за трет циклус академски студии-докторски студии по Базична медицина;
- Предлог-елаборат за реакредитација на студиска програма за трет циклус академски студии-докторски студии по Молекуларна медицина;
- Предлог-елаборат за реакредитација на студиска програма за трет циклус академски студии-докторски студии по Клиничка медицина;
- Предлог-елаборат за реакредицатија на студиска програма за трет циклус академски студии-докторски студии по Јавно здравство.

АКТИВНОСТИ НА ОДБОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во извештајниот период, Одборот за меѓународна соработка одржа 9 седници и функционираше согласно планираните активности кои беа насочени кон: исполнување на обврските поврзани со ЕРАЗМУС+ мобилности на студенти и наставен кадар, унапредување на постоечките и склучување нови билатерални договори за соработка, разгледување на поднесоците и предлагање визитинг професори на Медицинскиот Факултет, УКИМ, Скопје, редовните активности и координации на Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје со ECTS-MA (European Credit Transfer System-Medicine Association), како полноправен член, како и соработката со Медицинскиот факултет на Универзитетот во Висконсин, САД, во склоп на програмата Глобално здравје.

ЕРАСМУС+ и друга мобилности на студенти и наставници

Активноста на Одборот за меѓународна соработка во извештајниот период беше во дел насочена кон реализација на Конкурсот за ЕРАЗМУС плус-програмите за мобилност за академската 2025/2026 година. Во академската 2025/2026 за ЕРАЗМУС+ мобилност беа номинирани 25 студенти за летниот семестар, од кои се 21 се реализираа на медицинските факултети на универзитетите во Осијек, Белград, Пловдив, Истанбул, Фоџа, Софија, Измир,

Љубљана, Марбург и на Медицинскиот факултет на Универзитетот Меденијет во Истанбул, Турција, а 4 беа откажани за Медицинскиот факултет во Сараево. Дополнително, во декември 2025 година се објави конкурсот за 3. Издание на летната медицинска школа ВАСЦЕРН во Париз 2026, на која беа прифатени 2 кандидатки од нашиот факултет.

Од дојдовни ЕРАЗМУС+ студентски мобилности, во извештајниот период се реализираа вкупно 4 мобилности на студенти од Универзитетот во Истанбул, Турција од кои : 2 мобилности на студенти на висока стручна школа за лаборанти и двајца студенти на општа медицина. Во октомври 2026 година започнаа едносеместрална мобилност на нашиот факултет 6 студенти по општа медицина од Медицинскиот факултет во Фоџа, Италија и 2 студентки по општа медицина од Медицинскиот факултет во Марбург, Германија.

За академската 2026/2027 година од нашиот факултет за ЕРАЗМУС+ мобилност се номинирани 23 студенти, а мобилноста би требало да се реализира во тек на летниот семестар 2026/2027 година.

За поздравување е големиот интерес на студентите за остварување на ЕРАЗМУС+ мобилност на универзитите во странство, а имајќи го предвид интересот на студентите, главен лимитирачки фактор за остварување на поголем број мобилности се финансиските ограничувања согласно распределбата на средствата од ЕРАЗМУС+ програмата помеѓу Универзитетите во РСМ. Добиваме позитивни коментари од партнерските институции во врска со подготвеноста, ангажираноста и сериозноста на нашите студенти, што секако е комплимент за наставниот кадар на Нашиот факултет.

Во рамките на ЕРАЗМУС+ програмата за мобилност на наставен кадар, за жал изминатата година немавме пријавени кандидати.

Надвор од ЕРАЗМУС+ програмата, а благодарение на активностите на проф. Оскар Азман (Виена, Австрија) како наш почесен професор, нашите тројца новоизбрани визитинг професори Марко Иноченти (Италија), Жауме Масиа (Барцелона, Шпанија) и Ј.П. Хонг (Сеул, Јужна Кореа), како и проф. Ерик Сантамариа (Мексико Сити, Мексико), сите активни поддржувачи и соработници на програмата “Skopje Free-flap Course” од областа на пластична и реконструктивна микрохирургија кој е организиран и координиран од Проф. д-р Софија Пејкова, се остварија или се во тек 3 мобилности на докторанди (еден специјалист и 2 специјализанти по пластична и реконструктивна хирургија): едномесечен престој кај проф. Оскар Азман (Австрија), едномесечен престој кај Проф. Ерик Сантамариа во Мексико, 4 месечен престој кај проф. Ј.П. Хонг во Сеул, Јужна Кореа. За академската 2026/2027 година планирана е уште една мобилност на наш докторанд (специјалист по пластична и реконструктивна хирургија) во траење од 6 месеци кај визитинг проф. Жауме Масиа (Барцелона, Шпанија)

Еразмус+, други билатерални договори и меѓународни проекти

Во тек на извештајниот период се обновуваа меѓу-универзитетските договори чиј рок истекуваше, а не се потпишаа нови. Вкупниот број на активни билатерални ЕРАЗМУС+ договори кои му се достапни на нашиот факултет изнесува 20, од кои: 2 во Франција (Безансон и Лион 1), 1 во Италија (Фоџа), 1 во Германија (Марбург), 1 во Словенија (Љубљана), 3 во Хрватска (Сплит, Риека, Осиек), 1 во Србија (Белград), 1 во Грција (Јанина), 4 во Бугарија (Софија, Пловдив, Русе и Бургаз) и 6 во Турција (Едрене, Истанбул, Кајсери, Измир, Самсун, Караманмараш). Во тек е иницијатива за обновување на договорите со медицинските факултети на универзитетите во Марибор во Словенија, Аквила во Италија и Ниш во Србија, а во октомври 2026 година, се иницираме билатерален

ЕРАЗМУС+ договор со Факултетот за медицина и хирургија на Универзитетот во Тренто, Италија.

На иницијатива на универзитетот Меѓународен Црноморски Универзитет во Тбилиси, Грузија, треба да започнеме соработка во областа на градење на капацитети во високото образование преку предлог партнерски ЕРАЗМУС+ проекти кои се планирани за 2026/27 година.

Во јуни 2026 година се финализира потпишувањето на меморандумот за соработка со Универзитетот Рјукиус од Кјото, Јапонија., кој претставува солидна база за започнување заеднички истражувања, мобилност на кадар и студенти, размена на академски материјали, публикации и информации, заедничко организирање на семинари, конференции и симпозиуми и други академски размени.

Со тоа, бројот на универзитети надвор од Европа, со кои имаме активни меморандуми за професионална и/или академска и научна соработка се зголеми на 4, и тоа 3 од САД (универзитетите во Мичиген, Ноксвил и Висконсин) и 1 од Јапонија.

На 15. Октомври 2026 година се иницира постапка за потпишување Меморандум за соработка со Приволжски истражувчки медицински универзитет од Нижни Новогород, Руска Федерација, кој се очекува да се реализира до крај на годината.

Во извештајниот период се даде согласност за конкурирање на 4 меѓународни проекти, од кои една во април 2026, за учество на Катедрата за медицина на труд како партнер во предлог-проектот “Building European Anticipation Mechanisms for Climate-related health Outcomes and Needs” (BEACON), во рамките на HORIZON-HLTH-2026-01-ENVHLTH-01, Horizon Europe Framework; една во јуни 2026 година за Катедрата за семејна медицина, COST акција **OC-2025-1-29074**, Simulation Education And Research Collaborative in Healthcare (SEARCH); како и две апликации (септември и октомври 2026 година, соодветно) на Катедрата за хигиена за учество во организирање на меѓународна работилница на тема Вирусни пандемии со осврт на пандемијата со COVID-19 (VIRAL PANDEMIC DISEASES WITH REVIEW OF COVID-19 PANDEMIC) финансирана од програмата на НАТО и за ЕРАЗМУС+ проект под наслов „ Climate-Ready Campus: Empowering Students for Climate and Health Action (CLIMACT)” од програмата KA210-YOU.

Активности во ECTS-MA

Продолжува редовното членство на Медицинскиот факултет, УКИМ во ECTS-MA (European Credit Transfer System - Medicine Association). Се одржуваат редовни контакти со Секретаријатот на асоцијацијата, преку кој пристигнуваат редовни повици за различни едукативни активности за унапредување и интернационализација на студиите по општа медицина на Медицинските факултети кои членуваат во Асоцијацијата.

Во контекст на редовното членство на Медицинскиот факултет, УКИМ во ECTS-MA, по активирањето на студиите по општа медицина на англиски јазик, се очекува поголема видливост и барања за мобилност на студенти кон нашиот факултет. На Годишното собрание на ЕКТС-МА кое се одржа во периодот од 16-18 април 2026 година во во Падова, Италија, се прифати кандидатурата на нашиот факултет да биде домаќин на Годишното собрание на ЕКТС-МА во 2028 година.

Преку Секретаријатот на ECTS-MA, во јануари 2026 година добивме покани за две Летни школи организирани од Медицинскиот факултет при Université Paris Cité! Се работеше за два интензивни двонеделни програми (BIP) од ЕРАЗМУС+ програмата, кои се

одржаа во Париз од 6 до 17 јули 2026 година: Летна школа за вештачка интелигенција и дигитални иновации во медицината и Летна школа за практична обука по клиничка медицина и итни состојби.

Предавања од визитинг професори и посети од странски експерти

Изминатата академска година беше исполнета со богата агенда на предавања и посети од избрани визитинг професори и други странски експерти.

- Во периодот 18-20. ноември 2025. Проф. д-р Итару Хираи од Универзитетот на Рјуку, Наха, Окинава, Јапонија, го посети нашиот факултет. Целта на неговата посета беше продолжување на тековниот заеднички проект за генотипизација на бактерии отпорни на повеќе лекови, со Клиниката за Инфективни болести и фебрилни состојби и вклучување на Институтот за микробиологија и паразитологија во проектот.
- Од 19-21 ноември 2025 година, делегација од Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со гордост учествуваше на прославата на јубилејот од 600 години на Католичкиот универзитет во Лувен (KU Leuven) во Белгија. Нашата делегација активно учествуваше во дискусии за идната соработка во медицинското образование, научните истражувања и иновациите, разгледувајќи можности за заеднички проекти, размена на студенти и колаборативни научни иницијативи.
- На 2.12.2025 година, во амфитеатарот на Деканатот на Медицинскиот факултет, УКИМ, визитинг проф. Марко Иноченти одржа предавање под наслов „Orthoplastic surgery: the new frontier in reconstructive surgery“.
- На 18.12.2025 година, визитинг проф. Иван Кнежевиќ, одржа предавање на тема "The future of durable Mechanical Circulatory Support".
- На 22.12.2025 година, визитинг проф. Jan Vranckx, одржа предавање за студенти, докторанди и специјализанти по пластична иреконструктивна хирургија на тема “Lower extremity reconstruction: from A to Z.”
- На 22 јануари 2026 година продолжи серијата вебинари „Светските експерти за аутизмот гости на МНЗА“, во организација на Македонското научно здружение за аутизам (МНЗА), со 30-тиот вебинар, на кој гостуваше проф. д-р Роберт Хендрен од САД.
- На 7.04.2026 година, во амфитеатарот на Деканатот на Медицинскиот факултет, д-р Игор Тулевски, визитинг предавач на Катедрата за Интерна медицина, одржа предавање на тема: “Beyond the bedside: Navigating clinical decision-making in the virtual ward”.

Изминатата година, листата на визитинг професори на Медицинскиот факултет се збогати со 5 реномирани експерти.

Нови или реизбрани визитниг професори во овој период се:

1. Визитинг професор на Катедрата за неврологија
- Академик Проф. д-р Владимир С. Костиќ, професор по неврологија на Универзитетот во Белград, Р. Србија и член на Српската академија на науки и уметности.

2. Визитинг професори на Катедрата по хирургија
- Проф. д-р Jaume Masià, професор по хирургија на Медицинскиот факултет при Universitat Autònoma de Barcelona, Шпанија.
-Проф. д-р Joon Pio Hong, професор по пластична и реконструктивна хирургија на Универзитетот Улсан, МЕдицински центар Асан, Сеул, Р. Кореа, како и визитинг професор

на Универзитетот Џорџтаун, Вашингтон, САД и Универзитетот Saint Paul, Адис Абаба, Етиопија.
- Проф. д-р Јан Вранкс од оддел за пластична и реконструктивна хирургија на кампус AZ-Diest, UZ Leuven & AZ-Zeno Knokke, Леувен, Белгија, беше реизбран за визитинг професор.
3. Визитинг професори на Катедрата по ортопедија
- Проф. Гази Хури, професор по ортопедска хирургија на Универзитетот Hacettepe,Анкара, Р. Турција.
- Проф. Махмут Недим Дорал, професор по ортопедска хирургија и трауматологија на Универзитетот Hacettepe,Анкара, Р. Турција.

Активности организирани од Интернационална медицинска едукација (Medical Education International – MEI)

Во склоп на активностите на **MEI**, под водство на координаторот, д-р Тимоти Гаул, согласно потпишаниот меморандум за соработка со Нашиот факултет, во тек на академската 2025/2026 година, беа организирани голем број на настани меѓу кои предавања и работилници за студенти, специјализанти и специјалисти од различни области од страна на експерти од САД.

Овие области вклучуваат:

1. Настава покрај болнички кревет за студентите по медицина со фокус на дијагностичко клиничко размислување, вештини за физички преглед и формулирање на диференцијални дијагнози.
2. Настава „Grand Rounds“ во амфитеатарот на Деканатот на Медицинскиот факултет.
3. Предавања од реномирани професори и специјалисти од САД, со присуство на студенти и резиденти.
4. Семинари со македонски професори.

<u>Активности во организација на MEI</u>

I. CRC Fall Course едукативен настан (19.10 – 20.11.2025), под водство на д-р Тимоти Гаул.
II. Fundamentals of ECG Interpretation Online Course (09.11 – 15.11.2025), под водство на д-р Џим Фургерсон.
III. Basic and Advanced Life Support Training (12-13.11.2025), под водство на д-р Франк Ное.
IV. What to do with a Yellow Patient? (16.12.2025), под водство на д-р Емад Ашам
V. Shortness of Breath – Why? (17.12.2025), под водство на д-р Дејл Агнер
VI. Corneal Transplantation: Restoring Vision, Redefining Possibilities (во соработка со ММСА) (24.03.2026), под водство на д-р Лојд Вилијамс и д-р Христијан Дума.
VII. Never Stop Caring: Managing Burn Injuries (во соработка со ММСА) (25.03.2026), под водство на д-р Мајкл Чатам, д-р Гордана Георгиева и д-р Катерина Паниќ Мирчовска.
VIII. Inhale/Exhale – Managing Inhalation Injuries (во соработка со ММСА) (26.03.2026), под водство на д-р Џон Г. Парк и д-р ана Тримоска Радевска.

IX. Pain Out of Proportion & Don't Forget About the Kidneys (23.03.2026), под водство на Грег Вилсон и д-р Џејсон Мак.
X. Advance Life Support Simulation (27.03.2026), под водство на Центар за семејна медицина и MEI.
XI. CRC Spring Course едукативен настан (17.03 – 31.03.2026), под водство на д-р Тимоти Гаул.
XII. Delving Into the Hepatobiliary Tract (16.04.2026), под водство на д-р Емад Ашам.
XIII. GeoAMP (1.09.2026 – во тек), под водство на MEI во соработка со Универзитетот Узима, Кисуму, Кенија.
XIV. CRC Fall Course едукативен настан (18.10 – 27.10.2026), под водство на д-р Тимоти Гаул.
XV. Simulated Patients: Can you make the Diagnosis, If So What Next? (28.20.2026), под водство на д-р Емиел Шенуда.
XVI. Update in Women's Health: Protect Your Patients and Those You Love (29.10.2026), под водство на д-р Бренда Стриско и д-р Џесика Досон.

Студентски меѓународни активности

Покрај редовните работилници, настани и активности, студентските организации на студентите по медицина, Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје - ФССМЕДФ, Македонската Медицинска Студентска Асоцијација - ММСА и Европската Медицинска Студентска Асоцијација - ЕМСА, имаа и повеќе меѓународни активности и проекти, вклучувајќи и организирани предавања и работилници во соработка со MEI (Medical Education International).

Активности на ФССМЕДФ:

1. Четврти Интернационален Конгрес на ФСС МЕДФ, кој се одржа на Медицинскиот факултет во Скопје (15-18.10.2026). На Конгресот учествуваа студенти по медицина од Холандија, Бугарија, Србија, Австрија и Турција. Меѓународната академска програма вклучи професори од Јужна Кореја (визитинг проф. Ј.П. Хонг), Шпанија (визитинг проф. Ѓауме Масиа) и Австрија (почесен проф. Оскар Азман). Настанот претставува продолжување на континуираните активности на ФССМЕДФ за развој на меѓународната академска соработка и зајакнување на меѓународната мрежа на студенти и медицински едукатори.
2. Од 29.10-1.11.2026 година, се одржа Меѓународната олимпијада за студенти по медицина во Ташкент, Узбекистан. Нашиот тим оствари значаен успех, добивајќи специјална награда и номинација „Special Award Nomination – Main Character", со што достојно го претставија Медицинскиот факултет и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на меѓународната академска сцена.

Активности на ММСА:

1. **Интернационална студентска размена**

Во извештајниот период, Македонската медицинска студентска асоцијација (ММСА) реализираше вкупно 128 меѓународни студентски размени, од кои 59 дојдовни и 69 појдовни размени. На едномесечна клиничка пракса беа примени 59 студенти од Турција, Полска, Романија, Чешка, Словачка, Словенија, Тајван, Малта, Италија,

Унгарија, Северен Кипар, Ерменија, Бразил, Данска, Мексико, Египет, Индонезија, Бугарија и Либан. На едномесечна клиничка пракса во странство беа испратени 69 наши студенти, кои ја реализираа праксата во Тунис, Данска, Бугарија, Малта, Србија, Германија, Северен Кипар, Словачка, Мароко, Тајван, Словенија, Полска, Португалија, Чешка, Унгарија, Египет, Италија, Турција, Романија и Босна и Херцеговина.

2. Med Games: White Coat Wars - 11.12.2025
3. Capacity building/Presidents Weekend - 06.02–08.02.2026
4. 79. March Meeting Copenhagen, Denmark, 01.03-07.03.2026 – Меѓународен состанок на кој MMCA како полноправна членка беше претставена со 7 делегати.
5. OR Express - 12.03.2026–12.04.2026
6. Melanoma Monday - 23.03.2026
7. Corneal transplantation: Restoring vision, redefining possibilities - 24.03.2026
8. Managing burn injuries - 25.03.2026
9. Managing inhalation injuries - 26.03.2026
10. European Regional Meeting, Prague, Czech Republic, 13.04-17.04.2026 – Меѓународен состанок на кој MMCA беше претставена со 4 делегати.
11. SCOME on tour - 06.05.2026 и 11.05.2026
12. 47-ми Меѓународен медицински научен конгрес - 22.05–25.05.2026
13. August Meeting IFMSA, Astana, Kazakhstan, 01.08-07.08.2026 – Меѓународен состанок на кој MMCA беше претставена со 4 делегати.
14. SCOME on tour High School edition - 19.10.2026

Активности на EMCA

1. **Проект за твининг помеѓу EMCA Македонија и EMSA KOÇ Istanbul , Турција**

Универзитети:
-Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Северна Македонија
- Универзитет „Коч“, Истанбул, Турција

Учесници: 10 студенти од Македонија и 10 студенти од Турција
Период: 27.03 - 01.04.2026 во Истанбул и 25.04 – 30.04.2026 во Скопје

2. Пролетно собрание на EMCA Европа 7-10.05.2026 година – Интернационален настан каде EMCA Македонија со делегација од 3 претставници како полноправна членка на EMCA Европа. Собранието се одржа онлајн.

3. **Втора Конференција за јавно здравје и Втора HSG Europe Preconference** 21-22.05.2026 година– настан организиран од страна на катедрата по социјална медицина, министерството за здравство и институтот за јавно здравје каде EMCA Македонија учествуваше како партнер соработник со над 10 студенти волонтери во организацијата на настанот.

4. **15-та ЕМСА Летна Школа по Ургентна Медицина** 10-14 јули 2026 година. Најголемиот настан на ЕМСА Македонија со голем број на практични работилници од областа на ургентната медицина одржани од страна на повеќе од 30 предавачи и реномирани гости и спонзори Бројот на учесници на летната школа изнесуваше 80. **Есенско собрание на ЕМСА Европа** 1-4.10.2026 година. Интернационален настан каде ЕМСА Македонија учествуваше со делегација од 4 претставници како полноправна членка на ЕМСА Европа. Собранието се одржа на медицинскиот факултет во Лисабон, Португалија.

Други меѓународни активности

Во академската 2025/2026 година, Медицинскиот факултет, УКИМ во Скопје ја продолжи соработката со три реномирани установи од САД: Dpt. of Public Health, University of Knoxville, Tennessee, University of Michigan Medical School, и Medical College, University of Wisconsin, со цел унапредување на студиската програма на втор циклус студии за јавно здравје, односно за трет циклус докторски студии, како и можност за мобилност на наставен кадар и специјализанти на различни специјалности и субспецијалности во медицината.

Во рамките на Меморандумот за соработка со Медицинскиот колеџ на Универзитетот во Висконсин, во тек на академската 2025/26, се одржуваа редовни двомесечни, заеднички (on-line) „пладневни конференции" за докторанди, специјализанти и млади специјалисти со различна медицинска тематика, со модератори од Висконсин, а една од конференциите беше модерирана од професор од Медицинскиот факултет, УКИМ во Скопје.

Во тек на извештајниот период се одржаа бројни други настани во склоп на проекти и соработки на Медицинскиот факултет, УКИМ во Скопје:

- На 15.12. 2025 година се одржа Форум за јавно здравје по повод 20 години членство во ASPHER (Асоцијација на школите за јавно здравје во Европскиот регион). На Форумот присуствуваа над 100 учесници,
- На 10.03.2026 година, продеканот за меѓународна соработка и проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, раководител на Институтот за епидемиологија и медицинска биостатистика, оствари работни состаноци со д-р Марша Марш и Проф. Сунил Танкам, директор на Школата за јавно здравје на Универзитетот Ноксвил, Тенеси, САД. Се разработија можностите за подлабока соработка и се договори on-line семинар за користење на софтвер и различни едукативни платформи за епидемиолошки и биостатистички анализи во полето на јавно здравје.
- Од 30.03-3.04.2026. Во рамките на потпишаниот Меморандум за соработка со Универзитетот во Мичиген, САД, на Нашиот факултет престојуваше висока четири-члена делегација од Медицинската школа на Универзитетот во Мичиген. Се одржаа серија заеднички предавања од страна на професори од Мичиген и наши професори, во вид на тридневен симпозиум со вклучени панел дискусии за студенти, специјализанти и докторанди.
- 30.05.2026 година, се одржа Првиот виртуелен симпозиум за трансплантациона ендокринологија, организиран од Одделот за Ендокринологија при Медицинскиот Колеџ на Висконсин (MCW), на кој земаа учество и наши учесници.

Во периодот од 6-8 мај 2026 година, на Нашиот факултет, во склоп на "Skopje Free Flap Course 2026" , се одржаа предавања и работилници од областа на микрохирургијата,

под водство на шест реномирани експерти од областа, од кои тројца се визитинг професори на Нашиот факултет: Проф. Ј.П Хонг, Медицински факултет, Универзитет во Улсан и Асан Медицински центар во Сеул, Јужна Кореја, професор Марко Иноченти од Универзитетот во Болоња, Италија и проф. Жауме Масиа , како и dr. Geoffrey Hallock, St. Luke's University Hospital-Bethlehem Campus, Пенсилванија, САД; prof. Eric Santamaria, Universidad Nacional Autonoma de Mexico, Mexico и prof. Erin Brown, University of Bristish Columbia, Canada.

Од 24 до 26 јули 2026 година во Истанбул, Турција, се одржа 15. Истанбулски Универзитетски саем за избор (Istanbul University Preference Fair), познат и како EKET University Preference Fair, организиран од UniTercih. На овогодишниот саем учествуваа повеќе од 200 универзитети со над 50000 посетители годишно. Странските универзитети настапуваат со цел да привлечат студенти, нудејќи студиски програми на англиски јазик, често со стипендии и олеснета процедура за аплицирање. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по втор пат организирано, со единиците во неговиот состав кои имаат студиски програми на англиски јазик, се претстави на саемот. Нашата делегација беше составена од претставници од 8 факултети и еден институт, предводени од Проректорот за финансии, инвестиции и развој на УКИМ. Медицинскиот факултет беше претставен од продеканот за меѓународна соработка. Од студиските програми за странски студенти на УКИМ, посетителите на саемот покажаа убедливо најголем интерес за студиската програма по општа медицина на англиски јазик, за која интерес пројавија над 100тина заинтересирани кандидати.

Од страна на Форумот на Југоисточна Европа и Западен Балкан, се објавија повеќе повици за соработка помеѓу институции од Западен балкан, повици за финансиска поддршка која има за цел да овозможи партнерство и размена на знаења помеѓу мали и компании со средна големина, како и јавни научни институции во Западен Балкан.

За академската 2025/2026 година Нашиот Факултет, обезбеди средства за продолжување на наставата по специјализиран француски јазик за нова група на студенти, специјализанти и докторанди, во соработка со Филолошкиот факултет, УКИМ во Скопје, со фонд од 30 часа во семестар. Како поддршка на агендата, Франкофонскиот центар за вработливост (ФЦВ) на Универзитетската агенција за Франкофонија (УАФ) при УКИМ, обезбеди можност кандидатите да полагаат за официјален сертификат по француски јазик (ДЕЛФ/ДАЛФ) во Францускиот институт во Скопје, за време на официјално одредената сесија. Наставата беше бесплатна за кандидатите од Медицинскиот факултет. Цел на курсот беше унапредување на францускиот јазик до ниво B2, за слушателите кои веќе имаат познавање еквивалентно на ниво најмалку A1/A2, со цел да се унапреди размената на студенти и персонал помеѓу Медицинскиот факултет, УКИМ во Скопје и медицинските факултети на француските универзитети. Се објави и конкурсот (10.12.2025-15.01.2026 година) за кратка специјализација во Франција, за лекари кои ја почнале специјализацијата во својата земја во траење од минимум 2, до максимум 6 семестри (диплома DFMS), како и за супспецијализација во траење од минимум 1, до максимум 2 семестри (диплома DFMSA).

АКТИВНОСТИ НА ОДБОРОТ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ И СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ

Активностите на Одборот за специјализации и супспецијализации во извештајниот период, како и досега, беа насочени кон непречено и соодветно извршување на специјалистичката и супспецијалистичката едукација на специјализантите и супспецијализантите на Медицинскиот факултет.

Во извештајниот период беа одржани 7 седници на Одборот за специјализации и супспецијализации кои ја следеа динамиката на одржување на седниците на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет.

По предлог на дел од катедрите на Факултетот, формирани се нови комисии за специјалистичките и супспецијалистичките испити, согласно промените на наставниот кадар на Факултетот.

Во соработка со Медицинскиот симулациски центар (МСЦ), од ноември 2025 година, до ноември 2026 година, Медицински факултет континуирано ги реализираше обуките.

Обуки кои МСЦ ги има спроведено во овој период на специјализанти од Медицинскиот факултет Скопје беа:

- Модул за основно одржување во живот - Basic Life Support- вкупен број на специјализанти кои ја посетувале оваа обука од 434 учесници;
- Модул за напредно одржување во живот - Advanced Life Support- вкупен број на специјализанти кои ја посетувале оваа обука е 17 учесници;
- Модул за напредно одржување во живот при траума - Advanced Trauma Life Support- - вкупен број на специјализанти кои ја посетувале оваа обука е 16 учесници.
- Модул за педијатриско одржување во живот - Pediatric Life Support- вкупен број на специјализанти кои ја посетувале оваа обука е 480 учесници.

Вкупниот број на специјализанти кои ја посетувале оваа обука до денес е 947 учесници.

На Медицинскиот факултет, во извештајниот период, со специјалистичко звање се стекнале 192 доктор по медицина. Со супспецијалистичко звање се стекнале 49 доктори специјалисти.

Специјалистичкиот испит од областа на семејната медицина од програмата за доедукација во извештајниот период го положиле 14 кандидати.

Во текот на извештајниот период беше реализиран еден јавен оглас за пријавување на кандидати за запишување односно одобрување на специјализација и супспецијализација на здравствени работници со високо образование од областа на медицината и здравствени соработници со високо образование за 2025 година од Јавни здравствени установи согласно Програмата за потребите од специјалистички и супспцијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023-2026) на Владата на Република Северна Македонија и беа запишани 216 специјализанти и 47 супспецијализанти.

ОДБОР ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во рамките на своите надлежности, Одборот за издавачка дејност, во извештајниот период, реализираше активности поврзани со издавање на учебници и учебни помагала на Медицинскиот факултет, согласно Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Одборот за издавачка дејност во извештајниот период одржа 7 (седум) редовни седници. По предлог на катедрите, а согласно со потребите за издавање на учебници и учебни помагала, проследи на рецензија 8 ракописи (4 учебници, 2 учебни помагала и 2 монографии).

Донесени се одлуки за печатење на 6 ракописи (1 учебник, 3 учебни помагала и 2 монографии). Најголем дел од ракописите се испечатени или се во фаза на печатење. Донесени се Одлуки за цена на чинење на фотокопирани и печатени практикуми и учебници за 17 ракописи (8 учебници, 8 учебни помагала и 1 монографија).

АКТИВНОСТИ НА ЦЕНТРАЛНАТА МЕДИЦИНСКА БИБЛИОТЕКА

Во извештајниот период активностите на Централната медицинска библиотека беа насочени кон непречено и квалитетно извршување на сите активности и задачи кои произлегуваат од нејзиното работење. Реализирани се следните активности:

- Централната медицинска библиотека доби целосно нова современа веб страна. Линкот до веб страната е www.cmb.edu.mk. Страната е ажурирана и надополнета со нови релевантни информации за услугите што ги нуди библиотеката.
- Обезбеден е пристап до Scopus - една од најголемите светски бази на податоци за апстракти и цитати од рецензирана научна литература која содржи над 90 милиони записи и повеќе од 25.000 активни наслови од различни области. Scopus им овозможува на истражувачите да ја следат цитираноста на своите трудови, да го пресметуваат h-индексот и да го мерат научното влијание на авторите или институциите.
- Обезбеден е пристап до проектот Research4Life (https://www.research4life.org/), односно направена е претплата до HINARI (Health Internetwork Access to Research Initiative), кој е кофинансиран од СЗО, а обезбедува авторизиран пристап до над 2500 е-списанија во полн состав (https://portal.research4life.org/content/hinari).
- Обезбеден е пристап до EBSCO преку МеБ (Македонски електронски библиотеки, чијшто член е Централната медицинска библиотека). Оваа база овозможува пребарување на над 1.500 странски списанија во полн состав според правилата одредени од EBSCO Publishing. (http://search.ebscohost.com/).
- Библиотеката доби пристап до Web of Science, водечка светска база за научни публикации и цитати која содржи над 22.000 рецензирани списанија од различни научни области.
- Библиотеката, преку Македонските електронски библиотеки (МЕБ), континуирано обезбедува повластени цени или целосно бесплатно објавување на научни трудови за истражувачите од Медицинскиот факултет во реномирани меѓународни списанија. Списокот на достапни издавачи и списанија се ажурира и надополнува секоја година со нови наслови.
- Набавени се 7 нови компјутери наменети за корисниците на Библиотеката коишто служат за пребарување научна литература.
- Набавени се 13 нови столчиња за студентите во Одделот за периодика и 5 нови канцелариски столчиња за вработените.
- Преку профилот на Библиотеката на ResearchGate се следат новите публикувани трудови од страна на наставно-научниот и соработнички кадар на Медицинскиот факултет-Скопје. Трудовите објавени во списанија со импакт фактор се објавуваат во МедфБилтенот.
- Библиотеката учествуваше во преговорите за претплата на пристап до Amboss, платформа за студентите која ќе ја користат за полесно совладување на материјалот за учење.

- Се правеше подготовка на Academic Medical Journal за индексирање во светски бази на списанија. Аплицирањето во тие бази е во тек. По многу иницијативи, одржани состаноци и техничка подготовка, се овозможи и пристап до CrossRef Similarity Check - водечка светска платформа за откривање на плагијати.
- Вработените во библиотеката даваат поддршка при креирање, поврзување и одржување на корисничките профили во WoS, Scopus, ResearchGate, Google Scholar и E-CRIS и вршат едукација за нивната важност за истражувачите од Медицински факултет.
- Вработените во Библиотеката направија истражување во сите јавни и приватни високообразовни установи што имаат библиотеки за улогата на библиотеките во научната видливост.
- Тековно се врши библиотечна и стручна обработка на севкупниот библиотечен материјал, а во извештајниот период обработени се и внесени во заемниот COBIB каталог вкупно 175 книги, а ретроградно беа внесени сите докторски дисертации и магистерски трудови од 1972 до 1974 година (вклучително и тие од Медицинските факултети од поранешните Југословенски простори), како и ретроградно внесени монографски публикации.
- Во извештајниот период во COBIB онлајн каталогот се внесени и може да се пребаруваат 233 креирани и 33 преземени статии/трудови објавени во македонските биомедицински списанија од докторите на Медицински факултет.
- Добиените книги и списанија, како и објавените трудови во домашните медицински списанија, континуирано се внесуваат и обработуваат во заемната библиографско-каталожна база на податоци COBISS и можат да се пребаруваат преку веб - страницата https://plus.cobiss.net/cobiss/mk/mk?lib=mfsk, односно да се пребаруваат податоците од Централната медицинска библиотека. Севкупно во нашиот фонд досега се внесени 16.183 записи.
- Се изведува процесот на ревидирање и администрирање на публикациите (статии во списанија, конференциски трудови, книги, докторски дисертации, магистерски трудови) поднесени од докторите на Медицинскиот факултет во Ризницата/Репозиториумот на трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (https://repository.ukim.mk/). Вкупната бројка на досега коригирани и внесени публикации во Ризницата/Репозиториумот на УКИМ од Медицинскиот факултет е 7.024 трудови, но оваа бројка секојдневно се зголемува.
- Се изведува едукација на сите доктори како да ги активираат своите кориснички профили и да ги поднесуваат публикациите во Ризницата на УКИМ. Постојана комуникација со Факултетот за информатички науки и компјутерско инжењерство и решавање на тековните проблеми со Репозиториумот и корисничките профили.
- Се изведува едукација на корисниците за начинот на пребарување на базите на податоци и заемниот COBIB каталог.
- Помош околу публикување на трудови во домашни и странски списанија, како и давање насоки како да се препознаат предаторски списанија и како да се избегне публикување во нив.
- Според доставени списоци од корисниците, се врши пребарување литература во библиотечниот фонд или во достапните бази на податоци до кои Библиотеката има авторизиран пристап.
- Се врши порачка на статии од списанија од Централна медицинска књижница од Љубљана, Словенија.

- Целосно уредување на МедФ Билтенот којшто се испраќа еднаш месечно по електронски пат на сите вработени на Медицинскиот факултет.
- Сите корисници на Централната медицинска библиотека (студенти, специјализанти, докторанди, вработени) имаат можност да зајмуваат книги. Во извештајниот период направено е зајмување на 2.757 библиотечни единици надвор од Библиотеката.
- Библиотеката беше задолжена за обезбедување задолжителен примерок од изданијата на Медицинскиот факултет и нивно испраќање во НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

ЕТИЧКА КОМИСИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛУЃЕ

На седниците на Етичката комисија во извештајниот период, вкупно 104 апликации беа предмет на разгледување: 61 поднесоци за изработка на докторска дисертација, 27 поднесоци за изведување на научноистражувачки проекти, 2 анкетни истражувања, 1 поднесок за магистериум, 1 амандман на поднесок за изработка на докторска дисертација и 12 поднесока за публикување на труд во списание. Два поднесока за изработка на докторска дисертација беа вратени на доработка и корекции и по направените корекции беа одобрени. Од сите 104 апликации, сите 104 апликации се одобрени.

ОДБОР ЗА СУДСКОМЕДИЦИНСКИ ВЕШТАЧЕЊА

Во извештајниот период, Одборот за судскомедицински вештачења одржа 7 седници на кои се расправаше по однос на новопримените судски предмети и завршените вештачења.

Во овој период, од судовите и од основните јавни обвинителства во нашата држава, за вештачење, дополнувања на претходно изготвени вештачења или одговор по приговор на претходно изготвено вештачење испратени се вкупно 23 предмети, а од претходниот извештаен период останати незавршени беа 8 нови предмети за вештачење, еден за дополнување на претходно изготвени вештачења и еден за одговор по приговор на претходно изготвено вештачење. Од сите 33 предмети за вештачење, завршени се 19, за 12 се формирани комисии и предметите се дадени за изготвување на вештачење, а за 2 предмети дадени се на членовите на комисиите за изготвување на дополнување на претходно изготвено вештачење.

ФИНАНСИИ И ИНВЕСТИЦИИ

Во извештајниот период, Нашиот факултет продолжи со континуирано инвестирање во унапредување на можностите и подобрување на условите за реализирање на високообразовната дејност на факултетот, унапредување на обемот и квалитетот на здравствената дејност со модернизирање на работните процеси преку имплементација на најновите технички и технолошки достигнувања во делот на медицинската и лабораториска дијагностичка апаратура, набавка на нова информатичка опрема, нов канцелариски мебел, воведување на нови дијагностички методи, проширување и тековно и инвестиционо одржување на веќе постоечките капацитети и целокупниот имот со кој стопанисува факултетот, како и финансирање на активности за континуирана медицинска едукација за следење и примена на најновите достигнувања од областа на медицината и науката.

Во насока на превентивна заштита на вработените, при спроведување на редовните здравствени прегледи се продолжи со воведената пракса од минатата година за реализирање на ехо преглед на дојки на сите вработени од женски пол на факултетот.

Во текот на извештајниот период комплетно се реновираше фасадата на Институтот за патолошка физиологија и нуклеарна медицина. Оваа енергетско ефикасна фасада покрај тоа што допринесе овој Институт конечно да добие нов визуелен изглед на зградата, ќе придонесе и за намалена потрошувачка на енергија и намалување на трошоците за греење и ладење.

Во насока на подобрување на условите за одржување на наставата и осовременување на просторните капацитети се продолжи со реконструкција на Амфитеатрите така да во овој извештаен период се ренструираше Амфитатарот на Интерните клиники кој доби нов современ лик согласно проектот за интериерно уредување и санација каде беше предвидено архитектонско решение кое ги прати најновите модерни трендови за уредување на вакви јавни простори со соодветно осветлување и модерен современ мебел.

Факултетот во изминатиот период продолжи со воведената пракса за осигурување на обемниот движен и недвижен имот, колективно осигурување на вработените лекари (осигурување од професионална одговорност на правното лице), осигурување на вработените од последици на несреќен случај (незгода), како и колективно осигурување на вработените од ризикот смрт од болест на сметка на факултетот, како и осигурување на доброволците и медицинскиот персонал кои учествуваат при реализирање на научно-истражувачките проекти.

На кровот на Деканатската зграда беше монтирана фотоволтаична централа, донација од ОКТА АД Скопје. Користењето на фотоволтаичните централи претставува долгорочно, економски исплатливо решение, кое доведува до намалување на трошоците за електрична енегија, намалување на загадувањето на воздухот како и зголемување на енергетската независност.

Во јули 2026 година, заради потребата од дополнителен канцелариски мебел од страна на Стопанска банка АД беа донирани 120 компјутери, 7 канцелариски бироа и 24 столици.

Во текот на месец септември 2026 година, Центарот за семејна медицина доби нови современо уредени простории. Центарот истовремено се збогати со значајна донација на педијатриски симулациски фантом од страна на Здружението на граѓани Интегритет Алфа и Омега, донација што претставува инвестиција во практична едукација, симулациско учење и унапредување на стручноста на здравствените професионалци со цел поквалитетна грижа за пациентите.

Со цел навремена наплата на доспеаните побарувања кои ги има Факултетот продолжуваат ангажманите за договорно надминување на проблемите со наплатата преку потпишување на спогодби, поднесување на платни налози преку нотар и други инструменти.

Подолу се наведени и реализираните активности во овој домен и тоа:

Особено значајна за наставата и научноистражувачките проекти е и набавката на фНИРС/ЕЕГ системот на **Катедрата за медицинска физика**. Опрема која беше набавена врз основа на научен проект поддржан од МОН за неинванзивни мерења на невро-васкуларни интеракции при невродегенеративни болести фНИРС е иновативна (state-of-the-art) лесно транспортибилна функционална невроимицинг метода со која се проценува мозочната хемодинамична функција преку мерење на промената на оксигенацијата на крвта во мозочната циркулација во природна средина. Ова веројатно е прва таква опрема на

Балканот, а само одреден број центри во светот (можеби 30-50) ја поседуваат оваа state-of-the-art опрема за хемодинамично-електрофизиолошки изледувања на мозокот.

Центарот за семејна медицина континуирано работи на унапредување и модернизација на наставниот процес преку воведување современи образовни технологии, иновативни методи на учење и едукација базирана на симулација. Во академската 2026/2027 година продолжува реализацијата на Erasmus+ проектот, во рамките на програмата KA220-VET, под наслов „Enhancing the Quality of Primary Healthcare in Southeast Europe through Work Standardization and Continuous Training Models (EQUAL-Health)“. Во рамките на овој проект Центарот обезбеди 10 уреди за виртуелна реалност (VR), кои се планира да се користат во додипломската, последипломската и континуираната медицинска едукација. Примената на VR технологијата отвора нови можности за интерактивно учење, практично усовршување на клиничките вештини и симулација на реални медицински ситуации, како дополнување на постојните образовни методи и алатки. Проектот се спроведува во партнерство со Здравствен дом Љубљана, Словенија, како водечки партнер, Асоцијацијата на лекари по општа/семејна медицина од Југоисточна Европа и Универзитетот „Докуз Ејлул“ од Турција. Главен истражувач од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е проф. д-р Катарина Ставриќ.

Центарот за семејна медицина продолжува со активности насочени кон унапредување на практичните компетенции на студентите и здравствените работници, со посебен акцент на симулациската едукација, тимската работа и меѓународната размена на знаења и искуства.

Центарот активно учествува на меѓународни стручни состаноци и конференции од областа на семејната медицина. Особено значајно е редовното учество на годишните состаноци на катедрите по семејна медицина од медицинските факултети во регионот, во рамките на Сплитската иницијатива. Овие средби претставуваат важна платформа за размена на искуства, развивање заеднички активности и зајакнување на регионалната соработка во областа на наставата, научноистражувачката работа и академската мобилност

На **Институтот за анатомија** сите активности во извештајниот период се во насока на континуитет во работењето и унапредувањето на високообразовната и научноистражувачката дејност на Институтот.

Во 2026 година на Институтот за анатомија набавено е ново современо надгледно средство -Anatomage Table – современа интерактивна дигитална платформа за изучување на човечката анатомија, која се користи за одржување на вежби на студентите со цел осовременување на наставно-образовниот процес. Anatomage Table овозможува тридимензионална визуелизација на човечкото тело и виртуелна дисекција на дигитализирани човечки кадавери, со можност за детално прикажување и анализа на анатомските структури. Со набавка на оваа опрема Институтот за анатомија ги следи во чекор светските трендови во практикување на практичната настава со најсовремени наставни средства во светски рамки. Од оваа учебна година студентите за прв пат имаат можност благодарение на набавката на оваа конвертибилната анатомска маса за дисекција со 3D анатомија базирана на кадавери, која е специјализирана интерактивна медицинска опрема, практично да се едуцираат.

Во 2026 година на Институтот за анатомија за реализирање на наставата набавени се 70 работни столици со наслон кои се користат во анатомските вежбални.

Во извештајниот период продолжено е со реновирањето на просториите на Институтот за анатомија, Направени се молерофарбарски услги на просториите за вежби и дел од канцелариите. Во четири простории за одржување на вежби поставени се венецијанер ролетни. Во дел од канцелариите и просториите за вежби поставени се 6 клима уреди. Дотраените и нефункционални неонски светла во канцелариите и анатомските вежбални се заменети со нови ЛЕД светла. Активностите за реновирање на Институтот за анатомија продолжуваат и во следниот период со замена на грејните тела кои се оштетени со нови радијатори.

На **Институтот за медицинска и експериментална физиологија со антропологија** во извештајниот период за Кабинетот за функционална дијагностика набавен е нов апарат за анализа на телесен состав. InBody 770 е најнова генерација на анализатори на телесни компоненти дизајниран за научно истражувачки цели. Овој анализатор може да се употребува во клинички, медицински и фитнес цели. Апаратот функционира на база на мултифреквентна анализа и реузлтатите ги пресметува директно од мерките добиени со биоелектрична импеданса. Распонот на капацитетот за теелсна тежина и возраст е поголем отколку кај претходниот модел, а мерењето трае пократко (околу 60 секунди) и резултатите се добиваат веднаш. Резултатот од анализата на телесниот состав е презентиран во неколку секции: распределба на телесните течности, параметри на чистата компонента, параметри на исхранетост (обезност), сегментална дистрибуција на мускулната и масната компонента, препораки за контрола на телесна тежина и други бројни параметри. Нова генерација на истражувачки параметри се интрацелуларна и екстрацелуларна вода (ICW, ECW), Body Cell Mass (BCM), обеми на екстремитетите (AC, ACM). Со новиот модел на анализатор со биолектрична импеданса се мери фазниот агол (Whole body phase angle, segmental phase angle) коje е индикатор на правилна дистрибуција на телесните течности, интегритет на клеточна мембрана и степен на инфламаторни процеси во телото.

За потребите на практичната настава по физиологија набавени се рачни динамометри, кои по механички принцип мерат сила и моќност на мускулни групи на горните екстремитети. За подготовка на раствори неопходни за студентски вежби набавена е аналитичка вага со висока прецизност со 4 децимали.

Во рамки на градежно-занаетчиски работи се изведени обемни активности за реновирање на три канцелариски простории, замена на сите светлосни тела во ходниците и вежбалните. Започнат е процес на комплетно реновирање на дел од просториите со цел да се направи нова просторија за изведување на настава. Во просториите на Институтот за физиологија се поставени 4 нови клима уреди, набавени се лабораторски столици и фотељи за кабинетот за функционална дијагностика. Добиени се 40 нови столчиња за вежбалните и библиотеката. Како донација од Стопанска банка АД Скопје добивме десет канцелариски маси и 8 канцелариски столови. Во извештајниот период се набавени 4 персонални компјутери и еден лаптоп.

На **Институтот за микробиологија и паразитологија** реализирана е набавка на нова апаратура и проширена дијагностика во молекуларната лабораторија специјализирана за микробиолошка дијагностика на сериозни системски микотични инфекции и тоа: Апарат токсинометар - инструмент со термостаница и кулер - дел за ладење на токсинометарот која овозможува ладење на 20 примероци во услови на собна температура во времетраење од 12 часа.

Овие два елемента во функција како еден апарат беа неопходни за детекција на присуството на Бета- Д- глуканот во серум или плазма на пациентите чија вредност укажуваше на присуство/отсуство на инванзивна, системска инфекција од микотично потекло.

Во текот на овој периоднабавени се следните:

Тестови/реагенси за VITEK MS Prime: Матрикси за идентификација на микроорганизмите; матрикси за калибрација и потребен референтен сој E. coli ATCC 8939. Апаратот е пуштен во употреба и дава одлични резултати за многу кратко време- огромно е значењето за тоа што постои на Институтот: егзактни резултати за пациентите и идеална база за научни истражувања.

Согласно Планот за јавни набавки набавен е диск за Ceftarolin fosamil од 5 микрограми, како и диск со Ceftazidine/avibactam од 10 микрограми, потребни за испитување на осетливоста на мултирезитсентнит изолати.

Набавен е кит за молекуларна скрининг дијагностика на микробиоценоза во урогенитален тракт кај мажите со Мултиплекс ПВР метод во реално време - детекција на вкупна бактериска маса и детекција, генотипизација и квантификација на 16 патогени од урогениталниот тракт кај мажите.

Проширен е комплетот на реагенси за детекција, идентификација и квантификација на вагинален микробиом, каде се детектира голем број на бактерии помеѓу кои и Streptococcus agalactiae посебно значаен кај бремените жени. Воедно тестот содржи и детекција на одреден тип високоризични HPV.

Набавен е дополнителен комплет реагенси за идентификација на бактерии кои се предизвикувачи на инфекции на респираторен тракт (предизвикувачи на типични и атипични пневмонии, како и други инфекции на овој тракт). Присуството на етиолошките агенси е барано во примероци: бронхоалвеоларен лават, ендотрахијален и назофарингеален аспират, итн, со молекуларниот метод: Мултиплекс ПВР реакција во реално време.

Останати активности кои беа реализирани во извештајниот период се следниве:

Направена е прераспределба во молекуларната лаболаторија поради проширување на дејноста.

Направена е замена на таванскисветилки со поголема моќ во лабораторијата за обработка на рани за подобра видливост што дава придонес во егзактноста на работењето.

Набавени се нови столици за приемното одделение.

Во тек се преговори за воспоставување на мрежа за следење на антимикробната резистенција на големиот број интрахоспитални изолати во соработка со КАРИЛ за меѓусебно конектирање;

Во фаза на реализација е и Проект со мултидисциплинарен пристап – кај 30 деца со аутизам молекуларна анализа на интестинален микробиом во рамките на проектот чиј носител се колегите од Фармацевтскиот факултет;

Исто така на Институтот за микробиологија се реализира Проект за антимикробната резистенција во нашата земја – по иницијатива на претставник од Јапонија, а во соработка и со колегите од Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби, а со цел колектирање на голем број мултирезистентни соеви и нивна припрема за научна анализа на молекуларно ниво во престижна институција во Јапонија;

Институтот доби Благодарница за несебичното, стручно и пожртвувано дејствување: двосменско работење како помош на настраданите во трагедијата -пожарот во дискотеката „Пулс” во Кочани, врачена од Претседателот на Владата на РСМ, проф. д-р Христијан Мицковски. Благодарницата, како трајно сведоштво на благодарност за нашата хуманост

ни е врачена на собирот на 14 март, 2026 година во Скопје (организиран настан во чест на настрадaните млади животи во таа несреќа).

На **Институтот за имунобиологија и хумана генетика**, во периодот од ноември 2025 до ноември 2026 година се реализираа набавките за непречено изведување на рутинските имунолошки (одредување на широк спектар на имунолошки параметри, автоантитела, цитокини, имунофенотипизација на имуни клетки, ин витро алерго тестови) и генетски анализи (секвенционирање на генски панели, секвенционирање на цел егзом и друго). Исто така, беше набавен Anvajo fluidlab R-300, компактен, преносliв лабораториски уред кој комбинира дигитален бројач на клетки и целосен спектрометар во една преносliва единица. Користи дигитална холографска микроскопија (DHM) и класификатори за машинско учење наместо традиционални оптички леќи или боење. Со тоа се зголемуваат можностите за имунофенотипизирање на клетките со проточна цитометрија. Во извештајниот период се изврши селидба и преместување на Приемното одделение на Институтот кој сега се наоѓа на нова локација, во бараките отспротива на Институтската зграда, позади Мој термин.

Во рамките на Институтот функционира и Македонскиот дарителски регистар за коскена срцевина. Во рамките на редовните активности беа регрутирани над 600 доброволни дарители на матични клетки, а ХЛА типизацијата се прави со помош на секвенционирање од следна генерација (NGS). Овие активности се поддржани од ФЗОМ, Министерството за здравство и Клиниката за хематологија, со цел информирање на општата популација и обезбедување на матични клетки за несродна трансплантација. Техниките за ниска и висока ХЛА резолуција се контролираат успешно со надворешна контрола преку програмите од Европската федерација за имуногенетика (EFI) во континуитет од 2013 година.

Во изминатата година се реализираше набавка на потребните реагенси и се започна со собирање на примероци за испитување на генската експресија на нефрин и подоцин во подоцити од урина, во соработка со Клиниката за нефрологија, а финансиран од УКИМ. Исто така, во рамките на проект финансиран од МОН, се реализираше набавка на секвенционер од трета генерација, GridION на компанијата Oxford Nanopore Technologies, кој користи нанопорна технологија за директно секвенционирање на долги фрагменти од ДНК и РНК во реално време. Истиот ќе се користи за детекција на метилациски потписи на слободната циркулирачка ДНК кај пациенти по трансплантација на солидни органи.

На **Институтот за медицинска и експериментална биохемија** се обавува наставно-образовна, научно-истражувачка и здравствена дејност. Од оваа година лабораторијата за биохемиски испитувања (ЛБИ) во состав на институтот е вклучена во лабораториска дијагностика на пациенти со транстиретинска амилоидна кардиомиопатија (ATTR-CM).

Во текот на 2026 година, бројот на изработени анализи, како што се uACR, калпротектин во фецес, IgM и IgG за хепатититс Е е надминат споредено со 2025 година. ЛБИ е единствена лабораторија во Република Северна Македонија во која се одредува Infliximab и free-Anti Inflifimab кај пациенти кои примаат биолошка терапија.

Исто така, анализата uACR само на Институтот за МЕ Биохемија се одредува квантитативно. Секојдневно расте бројот на пациенти упатени од Универзитетските клиники за нефролофија, кардиологија, ендокринологија и ГОБ 8 Септември.

Во пролетниот период беа реновирани 3 канцеларии на институтот, кои беа поплавени во 2024/2025 година.

Во тек е надградба на лабораторискиот информациски систем (ЛИС), односно проширување на постоечкото софтверско решение со поврзување на нови автоматизирани анализатори (еден биохемиски анализатор и еден хематолошки анализатор) и нивна поддршка. Со поврзувавање на новите анализатори ќе се преземаат резултати од анализаторите согласно идентификацијата на примероците и ќе се испраќаат резултатите од анализите во ЛИС во електронса форма, без потреба од рачно внесување, со што ќе се елиминира потребата од рачна манишулација на овие податоци и а со тоа ќе се минимизира можноста за грешка при препис на резултатите.

На **Институтот за патолошка физиологија и нуклеарна медицина** во извештајниот период се реализирани вкупно 22.973 амбулантски прегледи во Тироидниот оддел и 3.846 скенирања во Нуклеарно медицинскиот оддел. Од 14.10.2026 год., со одлука објавена во Службен весник на РСМ, бр. 241 се направи значајна промена во референтни цени од специјалистичко-консултативна здравствена заштита од областа на НУКЛЕАРНА МЕДИЦИНА и тоа со соодветна промена на 38 шифри и се воведоа три нови шифри за нови воведени методи и тоа: Одредување на GFR преку крвни примероци со DTPA, Радионуклидна локализација на окултна/непалпабилна лезија-ROLL процедура и Радионасочена детекција на паратироидни жлезди со MIBI.

Во текот на 2026 година беа завршени адаптациите на просторијата за сместување на новата SPECT/CT гама-камера и од јануари до март 2026 година се заврши инсталацијата на SPECT/CT гама-камера. Во април се спроведе обука на радиолошките технолози, медицинските физичари и лекарите спец. по нуклеарна медицина за употреба на новата гама камера. Од мај 2026 година истата е целосно ставена во употреба во рутинските нуклеарно-медицински иследувања. Во рамките на тековниот проект на Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина со Меѓународната Агенција за Атомска Енергија, со ознаки MAK6022, е обезбедена и нова работна станица со софтвер Hermes, како и софтвер за интерна дозиметрија. Испораката на овој софистициран компјутерски систем и софтвер се заврши во октомври 2026, а инсталацијата и обуката за користење на овие системи се очекува да се реализираат до крајот на 2026 година. Нивното воведување ќе претставува значаен чекор кон унапредување на обработката на сцинтиграфските студии и развојот на современи пристапи во радионуклидната терапија и дозиметријата.

Во 2026 година се заврши просторната адаптација на новата радиофармацевтска лабораторија, која се состои од три комплетно нови адаптирани простории и тоа: лабораторија за маркирање на крвни клетки, просторија за маркирање на радиофармацевтици и просторија за контрола на квалитет на маркираните радиофармацевтици. Во октомври и ноември се обезбеди вентилационен систем за погоре наведените три простории од радиофармацевтската лабораторија и се набавија две клими за соодветните простории. Инсталацијата на вентилациониот систем започна во октомври 2026 година и се очекува да заврши до крајот на 2026 година, од кога би можело да се стартува со употреба на новата радиофармацевтска лабораторија.

Покрај инвестициите во медицинската и лабораторискатa опрема, беа превземени активности за подобрување на инфраструктурните услови во Институтот.

Во 2026 година беа одобрени средства за комплетно реновирање на фасадата на зградата, а беше извршена и замена на прозорците. Во склоп на појачувањето на просторијата каде што се постави новата камера се изведе и реновирање и мала измена на

просторијата која се употребува за отварање на радиојодната терапија и складирање на радиојдоните капсули и раствори. Овие активности се дел од пошироките заложби за подобрување на работната средина и зачувување на функционалноста на објектот. Иако дел од инфраструктурните активности сè уште се во тек, досега реализираното претставува значајна основа за нивно успешно завршување и за понатамошна модернизација на Институтот.

Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина во 2026 година отпочна и неколку проекти и тоа: одобрен и отпочнат е национален проект за проектниот циклус 2026/2027 година на Меѓународната Агенција за Атомска Енергија, со ознаки MAK6022 "Enhancing Cancer Treatment through the Implementation of Advanced Radionuclide Therapy". Во рамките на оваа проектна иницијатива се предвидува понатамошно унапредување на капацитетите за примена на современи радионуклидни терапии и одобрени се два научно-истражувачки проекти, финансирани од Медицинскиот факултет на Катедрата по патофизиологија со наслов „Компарација на клиничко-епидемиолошките карактеристики и биологијата на тироидниот карцином во последните две декади, 2016 - 2026 споредено со 1999-2015" и на Катедрата по нуклеарна медицина со наслов „Радионуклидна лимфосцинтиграфија во евалуација на лимфедем ".

На **Институтот за медицинска хистологија и ембриологија** во периодот од ноември 2025 - ноември 2026, според Годишниот план за јавни набавки за 2026 година, за развој на здравствената дејност на Институтот, во Лабораторијата за анализа на хуман ејакулат, во тек е набавка на китови и реагенси за унапредување на дијагностиката на машкиот инфертилитет и тоа Китови за одредување на антиспермални антитела во ејакулат и Китови за детекција на HPV во ејакулат. Со оваа набавка се отвара можност за првична научно-истражувачка дејност и следствено воведување на две нови методи во работата во Лабораторијата за анализа на хуман ејакулат.

Од планираната набавка на лабораториска опрема, за Лабораторијата за анализа на хуман ејакулат набавена е вортекс мешалка, додека за унапредување на наставата за Катерата за хистологија и ембриологија, во тек е набавка на 1 школски микроскоп, кој по потреба може да се намени и за здравствената дејност во лабораторијата.

На **Институтот за патологија** во периодот ноември 2025 – ноември 2026, покрај набавката на основните реагенси и хемикалии, како и лабораториски потрошен материјал за рутинската здравствена дејност, со средства од Буџетот за Годишниот план на Институт за патологија, набавени се:Апарат за контрола на квалитет на изолираните ДНК и РНК (Tapestation), Лабораториска центрифуга, Фрижидер и Замрзнувач.

Преку донација обезбедена од Стопанска банка АД Скопје, набавени се 40 персонални компјутери за потребите на Катедрата за патологија со кои се планира опремување на дигитална училница за студентите по медицина и стоматологија.

Во извештајниот период се заменети и инсталирани 2 клима уреди.

Во текот на 2026 на Институтот за патологија е вработен 1 помошник обдуцент.

Институтот за патологија во мај 2026 се реакредитираше според стандардот ISO 15189:2022, без утврдени несообразности. Имајќи предвид дека се акредитира во континуитет од 2016 год., Институтот за патологија ја потврдува својата посветеност на примена, одржување и унапредување на највисоки стандарди на работа во сите дијагностички лаборатории кои функционираат во негови рамки.

Во јануари, 2026 год. Институтот за патологија се вклучи во проектот „International validation of AI assisted prostate pathology assessment“ на Каролинска Универзитетот од Стокхолм, Шведска, за што беше потпишан договор за соработка.

На **Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија** се реализираа повеќе значајни активности и проекти насочени кон унапредување на техничките и стручните капацитети на институцијата.

Институтот според стандардот ISO 17025:2018, го помина првиот надзор по добивањето на акредитацијата што претставува потврда за квалитетот и компетентноста на лабораториските процеси и аналитички методи.

Во тек е развивање на сервер системот набавен преку проект финансиран од Европската Унија, со што значително се подобри ефикасноста на работењето.

Со донација добиен е нов гинеколошки стол во амбулантата за прегледи, за потребите на клиничката-судска медицина.

Адаптирна е сервер собата со соодветна ПП заштита.

Во токсиколошката лабораторија при институтот воведени се нови методи и тоа: метод за детекција на цијаниди во полна крв; определување на антипсихотици во крв и серум со LC/MS/MS; определување на хлороформ и етер во полна крв со HS/GC-MS; определување на амфетамини во полна крв со LC/MS/MS и определување на THC и негов метаболит во урина со LC/MS/MS.

Добиени се два научно истажувачки проекти испратени преку Катедрите по судска медицина и медицинска етика, финансирани од Медицинскиот факултет.

Со овие активности, Институтот продолжува континуирано да го зајакнува својот капацитет, со цел да обезбеди највисоко ниво на стручност и квалитет во извршувањето на својата работа.

На **Институтот за фармакологија со токсикологија** во извештајниот период на во делот финансии и инвестиции е остварено следното: направена е имплементацијата на софтверско решение за целосна дигитализација на процесот на спроведување на научно истражувачките проекти, вклучувајќи го клиничкиот и лабораторискиот дел (модуларно интегрирано софтверско решение кое се базира на современ систем за управување со релациони бази). За следната година е предвидено надградба на системот со кој ќе биде опфатена и дигитализација на процесот со надворешните партнери и соработници кои се вклучени во спроведување на научно-истражувачките проекти.

Во однос на здравствената дејност на Институтот, од страна на ФЗОРСМ добиено е одобрение и почнато е со вршење на нови анализи на Институтот кои опфаќаат:

одредување на концентрација на слободни радикали (d-ROM) и вкупен антиоксидативен капацитет (PAT)

одредување на екстрацелуларен SOD3 (superoxide dismutase 3)

одредување на глутатион пероксидаза

одредување на концентрација на инфликсимаб и антитела кон лекот

одредување на концентрација на адалимумаб и антитела кон лекот

одредување на концентрација на клозапин

одредување на концентрација на вкупен рисперидон/палиперидон

одредување на концентрација на арипипразол

одредување на концентрација на кветиапин

одредување на концентрација на оланзапин.

Во периодот ноември 2025 - ноември 2026 се продолжи со иницијативите за поддршка на студентите, нивните организации и активности, што претставува и една од основните заложби на Факултетот.

Во таа насока, студентите на факултет оваа година постигнаа особен успех и позитивни резултати во рамките на Универзитетската лига организирана од страна на Универзитетот " Св. Кирил и Методиј" во Скопје. За постигнатиот успех Факултетот ги награди своите студенти и тренерот кои завземаа активно учество во Универзитетската лига и освоија голем број на медали.

За **Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје** одобрени се средства во висина од 605.000 денари за реализирање на планирани активности од делокругот на работата и надлежностите на собранието, при што се организира и одржа Четвртиот интернационален Конгрес на Факултетското студентско собрание.

Факултетот го прифати барањето на претставниците на **Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје** за одобрување на средства во износ од 5.000,00 евра во денарска противвредност за учество на делегација од пет студенти по медицина и еден факултетски супервизор на 3.Annual International Medical Olympiad "Medicine of the Future 2026", во Узбекистан. Олимпијадата претставува меѓународен академски натпревар наменет за студенти по медицина од различни универзитети од целиот свет. Тимот на студенти по медицина од Медицинскиот факултет, УКИМ Скопје освои Специјална награда на оваа меѓународна медицинска олимпијада „Medicine of the Future 2026", која се одржа од 29 октомври до 1 ноември 2026 година во Ташкент, Узбекистан, во организација на Central Asian University. На олимпијадата учествуваа 104 тимови од 26 земји, со повеќе од 580 учесници, што ја направи оваа манифестација значајна меѓународна платформа за размена и демонстрација на медицински знаења и вештини. Меѓу учесниците, тимот од Медицинскиот факултет – Скопје беше еден од добитниците на Специјалната награда, доделена од ректорот и директорот на Central Asian University

За **Европската Медицинска Студентска асоцијација – ЕМСА**, Факултетот со Одлука на Деканатската управа, одобри финансиски средства во износ од 6.638,5 ЕУР во денарска противвредност за организација на Летната школа по Ургентна медицина која се одржа во периодот од 10.07 до 14.07.2026 година во Охрид.

Медицинскиот факултет го прифати барањето на **Европската Медицинска Студентска асоцијација – ЕМСА**, и со Одлука од Деканатската управа се одобрија финансиски средства за покривање на трошоците за еден претставник кој беше избран да биде дел од делагацијата и да учествува на 75-та сесија на Регионалниот комитет на Светската Здравствена Организација (СЗО) за Европа што се одржа во Копенхаген, Данска. Воедно, Факултетот овозможи финансиски средства и за покривање на трошоците за котизацијата за четири учесници – претставници од **Европската Медицинска Студентска асоцијација – ЕМСА**, на Есенското собрание "Autumn Assembly" што се одржа во Лисабон, Португалија. Присуството на претставниците овозможи активно учество на организацијата на Европско ниво, размена на исклуства, како и развој на нови проекти и унапредување на активностите на ЕМСА Македонија.

На **Македонската Медицинска Студентска Асоцијација – ММСА,** со Одлука од Деканатската управа се одобрија финансиски средства за реализација на 47-тиот Интернационален Научен Конгрес на студенти и млади лекари, кој се одржа од 22 до 25 мај 2026 година во Охрид, во висина од 7.000 ЕУР во денарска противвредност наменети за печатење на книга со апстракти, голем банер, како и покривање на хотелски трошоци на професорите кои одржуваа работилници и предавања и на организацискиот комитет кои завземаа активно учество за реализација на Конгресот.

ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ

Во извештајниот периодот, Медицинскиот факултет за вршење на здравствена дејност, како и минатите години, склучи годишен договор за давање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита со Фондот за здравствено осигурување на РСМ, која се реализира на Институтите при Медицинскиот факултет кои вршат здравствено-апликативна дејност. Преговорите кои ги водеше Факултетот со Фондот во Декември 2025 година резултираа со договорен износ кој изнесуваше 378.000.000.00 денари.

Во однос на извршените здравствени и специјалистичко-консултативни услуги кои се реализираат на Институтите при Медицинскиот факултет, кои вршат здравствено-апликативна дејност, сумата на извршени и фактурирани услуги кон ФЗОМ за периодот од Ноември 2025 година до 3 Септември 2026 година е зголемен за 13,59%, споредено со истиот период од претходната година. Воедно врз основа на вложените напори и меѓусебни повеќемесечни преговори со Фондот дојде до изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтните цени на здравствените услуги на Институтот за патологија и Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина што резултираше со повеќекратно покачување на референтните цени на здравствените услуги. Имено, ова покачување е резултатат на тоа што цените на реагенсите и останатите трошоци кои учествуваат при формирањето на цената на чинење повеќекратно се зголемиле во текот на изминатите годините, а од друга страна цените на здравствените услуги не го следеле трендот на раст на трошоците, односно истите не биле ревидирани од 2008 година.

Освен соработката со Фондот за здравствено осигурување на Р.С. Македонија, факултетот продолжи да дава специјалистичко-консултативни услуги врз основа на договорите за соработка со јавни здравствени установи (клиники, општи болници, заводи, институти) како и со приватни здравствени установи, во специјалистичко-консултативната дејност, потоа со судовите и јавните обвинителства, производствените и услужните приватни компании, како и физичките лица во и надвор од државата. Во врска со здравствената дејност на институтите на Медицинскиот факултет, продолжи набавката на високо софистицирана опрема и се воведоа нови дијагностички методи, во поголем дел со сопствени средства, но и преку проекти и донации, а со цел унапредување на здравствената заштита на населението во Република Северна Македонија, како и овозможување на услови за истражувања и развој на научната дејност во областа на медицината. Континуирано се продолжи со имплементација на ISO стандарди на повеќе методи на Институтите при Медицинскиот факултет.

Исто така, факултетот остварува и соработка со Министерството за здравство на РСМ во делот на реализирање на здравствени програми за родилки, доенчиња, малигни заболувања, ХИВ СИДА, бруцелоза, крводарители и дарителски регистар за испитување на матични клетки. Факултетот дава услуги и на голем број јавни здравствени установи вкупно 53 (клиники, општи болници, заводи, институти), соработува со спортски клубови (преку Кабинетот за спортската медицина при Институтот за МЕП физиологија со антропологија), како и со приватни здравствени установи, во специјалистичко-консултативната дејност.

Со почит,

Декан,
Проф. д-р Светозар Антовиќ, с.р.

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет

Republic of North Macedonia
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Medicine

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА РАБОТА
НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

за период
1 ноември 2026 година – 1 ноември 2027 година

Проф. д-р Светозар Антовиќ, декан

ВОВЕД

Годишната програма за работа на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за академската 2026/2027 година, претставува обврска која произлегува од Законот за високото образование, со цел да се запознаат членовите на Наставно-научниот совет за планираните активности на факултетот во претстојната година.

Во програмата се презентирани планираните активности предвидени во програмата на деканот за академската 2026/2027 година, други активности произлезени од измените во законските и подзаконските акти и тековните обврски на Факултетот.

Сите активности во програмата се во насока на континуитет во работењето и унапредувањето на високообразовната, научноистражувачката и здравствено-апликативната дејност на Факултетот.

РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

Наставно-научниот совет, Деканатската управа и Деканот своето работење ќе ги реализираат согласно надлежностите утврдени со законот, актите на Универзитетот и Факултетот, а во рамките на програмата за работа на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за периодот 2026 – 2029, која деканот ја достави при неговиот избор за претстојниот тригодишен мандат и тековните работни активности. Планираните активности во оваа програма се презентирани во соодветните области.

Во функција на успешна реализација на активностите на Факултетот, ќе се обезбеди координација со катедрите и институтите, како и работните тела на Факултетот (одбори, комисии и сл.).

Кадровски прашања

До крајот на 2026 година и во текот на 2027 година, Факултетот планира согласно потребите на стучната и административна служба на факултетот како и потребите на катедрите и Институтите, а согласно Правилникот за систематизација на работните места работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Медицински факултет – Скопје (Анекс бр. 5), континуирано да доставува барања до министерството за финансии на РСМ за вработување на лица на определено и неопределено време со скратено и со полно работно време.

Исто така до крајот на 2026 година се планира да се достави барање за добивање на согласност од министерството за финансии на РСМ за ангажирање на повеќе лица со договор за дело, согласно одредбите од Законот за трансформација во редовен работен однос (Службен весник на Република Македонија" бр.20/15, 44/15 и (Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25).

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во рамките на наставно-образовната дејност ќе се продолжи со активностите за подобрување на реализацијата на наставата и осовременување на административната работа со студентите. Планирани се следните активности:

- продолжување со процесот на ревидирање и реакредитирање на студиските програми:
  - Четиригодишни академски студии за логопедија
  - Тригодишни стручни студии за радиолошки технолог
  - Тригодишни стручни студии за физиотерапевт
  - Тригодишни стручни студии за медицинска сестра/техничар
- понатамошното развивање и спроведување на програми за доживотно учење, дизајнирани во согласност со потребите на здравствениот сектор, со акцент на создавање компетентни и специфично обучени професионалци способни да одговорат на современите барања на здравствената практика. Во тој смисол операционализирање на веќе креираната програма за доживотно учење - Обука за Парамедик-асистент;
- дополнување на условувачките критериуми во однос на редоследот на полагање на предметите, а соодветно на измените во реакредитациите;
- организирање на воведни предавања на почетокот од академската 2027/2028 година за студентите од прва година, со цел нивно запознавање со начинот и правилата на студирање на Медицинскиот факултет;
- ревидирање на студентски информатори за сите студиски програми;
- продолжување со процесот на дигитализација на одделението за настава;
- издавање нови учебници и учебни помагала за студентите од општа медицина, а посебно за студентите на тригодишните стручни студии;
- од страна на секоја катедра, посочување конкретна литература врз основа на која се реализира предметната програма, а која е прилагодена за додипломски студии од соодветната насока;
- понатамошно развивање на активностите на Центарот за кариера;
- продолжување на процесот на евалуација во рамките на самоевалуацијата организирана од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- реализирање редовни, планирани состаноци на студентите со продеканот за настава, со цел навремено да се надминат тековните проблеми, но и да се разгледаат креативни идеи за подобрување на наставниот процес;
- активно партиципирање во проектот „Отворен ден на УКИМ“, како манифестација организирана од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- ќе продолжи системското промовирање на Медицинскиот факултет и неговите студиски програми пред матурантите, со акцент на можностите за академски развој, научно истражување и професионална надградба;
- реализирање на Конкурс за запишување студенти во прва година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Медицински факултет во Скопје, за академската 2027/2028 година;
- воведување приемен испит за запишување на студенти на студиската програма за Општа медицина, интегриран прв и втор циклус;
- ќе продолжи успешно воспоставената соработка со АД Алкалоид Скопје во областите на образованието и науката, која овозможува реализација на практична обука за студентите

по медицина, како и создавање можности за нивно професионално ангажирање по завршувањето на студиите.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачката дејност претставува една од основните дејности на Медицинскиот факултет и е во функција на унапредување на високото образование, развојот на медицинските и здравствените науки, како и на афирмацијата на Факултетот во национални и меѓународни рамки. Како составен дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицинскиот факултет останува посветен на создавање и ширење на нови научни сознанија, развој на истражувачкиот потенцијал на наставниот кадар, соработниците и студентите, како и на интензивирање на меѓународната научна соработка.

Во текот на академската 2026/2027 година, научноистражувачката дејност ќе биде насочена кон понатамошно јакнење на истражувачките капацитети, поддршка на научното публикување, развој на научниот подмладок, унапредување на проектните активности и поттикнување на интердисциплинарниот пристап во научното истражување.

Имајќи во предвид дека започна новиот тригодишен циклус за финансирање на научноистражувачки проекти на катедрите на Медицински факултет (2026-2028) и за прв пат се воведе финансирање на публикувањето на трудовите во списание индексирано во база Web of Science со сопствени средства на факултетот, ќе продолжат активностите на факултетот во насока на подршка на реализацијата на 33 -те Проекти кои се опфатени со овој циклус.

За академската 2026/2027 година се планира завршување на Проектите финансирани од Министерството за образование согласно Конкурсот за распределба на средсвата за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети и тоа:

-Институт за патологија, Проект „Молекуларни анализи на течни биопсии од пациенти со малигни солидни неоплазми„

-Институт за имунологија и хумана генетика, Проект „ Развој и примена на неинвазивен сеопфатен епигенетски тест базиран на слободно циркулирачка ДНК од крв за рана дететкција и долгорочно следење на состојбата на трансплатираниот орган„.

-Катедра за физика, Проект „ Неинвазивен биомаркер за неврогенеративни болести базиран на мозочна ефективна поврзаност„

Искуствата од изминатите години покажуваат дека организирањето на научни и стручно-научни собири претставува значаен фактор за размена на знаења и искуства, воспоставување нови научни партнерства и афирмација на научните резултати на Факултетот. Поради тоа, Медицинскиот факултет ќе продолжи да организира и поддржува симпозиуми, конференции, конгреси, работилници и други форми на научна комуникација, со физичко присуство и во хибриден формат, обезбедувајќи учество на истражувачи од земјата и странство.

Особено внимание ќе биде посветено на развојот на научниот подмладок преку поттикнување на активно учество на студентите на докторски студии во научноистражувачката работа, мобилноста и меѓународната соработка. Во таа насока, Факултетот ќе продолжи да создава можности за нивно стручно и научно усовршување во реномирани високообразовни и научноистражувачки институции.

Во согласност со определбите на Универзитетот за интегрирање на принципите на одржлив развој во сите сегменти на своето работење, Медицинскиот факултет активно ќе учествува во активностите на Центарот за одржлив развој на УКИМ и ќе придонесе кон

мапирањето на придонесот на наставните програми и научноистражувачката дејност кон Целите за одржлив развој на Обединетите нации.

Истовремено, Факултетот ќе започне активности насочени кон развој на институционалните истражувачки капацитети преку подготовка на концепт за воспоставување интердисциплинарна организациска структура за базични, клинички и транслациони истражувања, со цел натамошно зајакнување на научната конкурентност и меѓународната препознатливост на институцијата.

Во академската 2026/2027 година научноистражувачката дејност ќе биде насочена кон остварување на следните цели:

1.1. Унапредување на квалитетот и обемот на научноистражувачката дејност

Поттикнување на научната продукција и објавување на резултатите од истражувањата во меѓународно признати научни списанија индексирани во релевантни библиографски и цитатни бази на податоци.

1.2. Поддршка на научното публикување

Продолжување на финансиската поддршка за покривање на трошоците за објавување научни трудови во списанија со отворен пристап индексирани во базите Web of Science Core Collection и Scopus, со цел зголемување на видливоста и влијанието на научните резултати на наставниците и истражувачите од Факултетот.

1.3. Развој на научниот подмладок

Поддршка на студентите на докторски студии преку нивно активно вклучување во научноистражувачки активности, научни проекти, публикации и програми за мобилност.

1.4. Јакнење на меѓународната научна соработка

Развивање и продлабочување на партнерствата со високообразовни и научноистражувачки институции од странство и интензивирање на учеството во меѓународни научни мрежи и проекти.

1.5. Поддршка на мобилноста на докторандите

Организирање конкурс за научноистражувачки престој на Универзитетот во Мичиген и обезбедување финансиска поддршка за најмалку двајца студенти на докторски студии.

1.6. Организирање и поддршка на научни и стручни собири

Поттикнување на научната комуникација и дисеминација на научните резултати преку организирање и поддршка на научни конференции, симпозиуми, конгреси, работилници и други форми на стручно и научно усовршување.

1.7. Поттикнување на учеството во научноистражувачки проекти

Поддршка на наставниците, соработниците и студентите во подготовка и реализација на национални и меѓународни научноистражувачки проекти.

1.8. Интегрирање на принципите на одржлив развој

Активно учество во активностите на Центарот за одржлив развој на УКИМ и придонес кон имплементацијата на Целите за одржлив развој преку наставната и научноистражувачката дејност.

1.9. Развој на институционалните истражувачки капацитети

Подготовка на активности за воспоставување интердисциплинарна организациска структура за базични, клинички и транслациони истражувања со цел поефикасно користење на постојните човечки и инфраструктурни ресурси.

Во насока на унапредување на научноистражувачката дејност, Медицинскиот факултет ќе:

- обезбедува финансиска поддршка за објавување научни трудови во списанија со отворен пристап индексирани во Web of Science Core Collection и Scopus, кои произлегуваат од научноистражувачки проекти финансирани од Медицинскиот факултет;
- обезбедува финансиска и организациска поддршка за реализација на научноистражувачките проекти финансирани од Медицинскиот факултет во рамките на проектниот циклус 2026–2028 година;
- учествува во реализација на проекти финансирани од УКИМ и други национални и меѓународни извори;
- обезбедува институционална поддршка за подготовка и пријавување национални и меѓународни научноистражувачки проекти;
- организира едукативни активности за јакнење на капацитетите за учество во европски и други меѓународни програми за финансирање на науката.

Во функција на развојот на младите истражувачи, Факултетот ќе:

- распише конкурс за научноистражувачки престој на студенти на докторски студии на Универзитетот во Мичиген;
- обезбеди финансиска поддршка за најмногу двајца докторанти за реализација на научноистражувачки престој;
- поттикнува активно учество на студентите на докторски студии во научноистражувачки проекти финансирани од Медицинскиот факултет, УКИМ и Министерството за образование и наука;
- реализира заеднички виртуелни наставни и истражувачки активности со партнерски високообразовни институции од странство.

Понатаму, Факултетот ќе:

- организира и коорганизира конгреси, конференции, симпозиуми, работилници и други научни и стручно-научни собири, самостојно, и/или во коорганизација со стручните асоцијации во кои членуваат наставниците од факултетот, други единици на универзитетот и/или други сродни факултети;
- дава поддршка за учество на наставници, соработници и студенти на научни и стручно-научни собири во земјата и странство, кога се претставуваат со резултати од научноистражувачките проекти финансирани од факултетот, а при тоа правилно го афилираат факултетот, во согласност со расположливите финансиски средства;
- поттикнува интердисциплинарна и меѓуинституционална научна соработка.

Во рамките на издавачката дејност на Медицинскиот факултет ќе се реализираат активности за унапредување на факултетските научни списанија, како и издавање на нови рецензирани учебници, практикуми и монографии.

Како дел од овие активности Центарот за семејна медицина планира подготовка и издавање нови образовни материјали:

- **Подготовка и печатење на учебник по семејна медицина**, наменет за студентите на Медицинскиот факултет, со цел обезбедување современа, систематизирана и практично применлива наставна литература.
- **Подготовка на практикум за комуникациски вештини** во рамките на предметот „Вовед во медицина“, со посебен акцент на развојот на професионалната комуникација, односот лекар–пациент и стекнувањето основни комуникациски компетенции кај студентите.

Academic Medical Journal

Активностите ќе бидат насочени кон:

- зголемување на обемот на издавачката дејност согласно потребите на академската заедница, особено во делот на научните трудови кои произлегуваат од докторските студии;
- објавување суплементи и зборници на апстракти од научни конгреси, симпозиуми и други научни собири;
- обезбедување можност за публикување на апстракти и кратки соопштенија од студентски научни конгреси;
- унапредување на квалитетот, достапноста и меѓународната видливост на списанието.

Други научни списанија

Ќе продолжат активностите за поддршка и развој на:

- *Journal of Morphological Sciences*;
- *Macedonian Journal of Anesthesia*.

Во согласност со политиките на УКИМ за отворена наука, Медицинскиот факултет ќе:

- продолжи со внесување и архивирање на научните публикации во институционалниот репозиториум на УКИМ;
- ја унапредува достапноста и видливоста на научните резултати на наставниците и соработниците;
- врши континуирана промоција на научните достигнувања преку официјалните комуникациски канали на Факултетот;
- продолжи со издавање на електронски факултетски билтен на месечно ниво.

Во рамките на меѓународната научна соработка ќе се реализираат активности за:

- продлабочување на соработката со партнерски медицински факултети и научноистражувачки институции во земјата и странство;
- развој на заеднички истражувачки активности и научноистражувачки партнерства;
- воспоставување и развој на алумни мрежа на Медицинскиот факултет како ресурс за научна и професионална соработка.

Факултетот ќе го поттикнува учеството на наставниот кадар во европските научноистражувачки иницијативи преку:

- реализација на активности во рамките на COST Action CA22169 „EUropean network to tackle METAbolic alterations in HEART failure (EU-METAHEART)";
- поттикнување на учеството во COST акциите и други меѓународни научноистражувачки мрежи;
- соработка со УКИМ, Министерството за образование и наука и националните координативни тела за зголемување на учеството во програмите COST, Horizon Europe и други меѓународни програми.
- Про тоа ќе бара отчетност за сработеното на учесниците во овие проекти како членови на МС или поднесувачи на проектите, публикациите кои произлегуваат од тие проекти и правилната афилијација на факултетот.

Во согласност со развојните политики на УКИМ, Медицинскиот факултет ќе:

- учествува во активностите на Центарот за одржлив развој на УКИМ;
- спроведува активности за мапирање на придонесот на наставната и научноистражувачката дејност кон Целите за одржлив развој;
- учествува во активностите за мапирање и развој на истражувачката инфраструктура на УКИМ и во ревизијата на Патоказот за истражувачка инфраструктура;
- формира работна група за подготовка на концепт за развој на интердисциплинарна организациска структура за базични, клинички и транслациони истражувања.

Индикатори за реализација

Активост	**Индикатор**
Поддршка за објавување научни трудови	Број на поддржани публикации
Реализација на проекти финансирани од Медицинскиот факултет	Број на активни проекти
Поднесување проектни апликации	Број на поднесени проектни предлози
Поддршка на докторанти	Број на поддржани докторанти
Научноистражувачки престои	Број на реализирани престои
Организирани научни и стручно-научни собири	Број на организирани настани
Учество на научни собири	Број на поддржани учесници
Издавачка дејност	Број на објавени изданија и суплементи
Репозиториум на УКИМ	Број на архивирани публикации
Електронски билтен	Број на реализирани изданија
Меѓународна научна соработка	Број на реализирани активности и партнерства
COST и други меѓународни иницијативи	Број на реализирани активности

Центар за одржлив развој на УКИМ	Број на реализирани активности и доставени извештаи
Концепт за интердисциплинарна истражувачка структура	Изработен концепт-документ

Очекувани резултати

Со реализацијата на Програмата се очекува унапредување на научноистражувачката дејност на Медицинскиот факултет преку зголемена научна продукција, поактивно учество во национални и меѓународни научноистражувачки проекти, јакнење на меѓународната научна соработка, поддршка на студентите на докторски студии и младите истражувачи, унапредување на издавачката дејност и зголемување на видливоста на научните резултати. Дополнително, се очекува зајакнување на институционалните капацитети во областа на одржливиот развој, истражувачката инфраструктура и интердисциплинарните истражувања, во согласност со развојните приоритети на Медицинскиот факултет и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

ДОКТОРСКИ СТУДИИ ПО МЕДИЦИНА

1. Основи и цели

Докторските студии претставуваат трет циклус на високо образование и имаат суштинска улога во развојот на научноистражувачката дејност на Медицинскиот факултет. Во согласност со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетската школа за докторски студии и важечката законска регулатива, Медицинскиот факултет ќе продолжи со континуирано унапредување на квалитетот на докторските студии, развојот на научноистражувачките компетенции на докторандите и нивното активно вклучување во националниот и меѓународниот истражувачки простор.

Во академската 2026/2027 година активностите ќе бидат насочени кон:

- унапредување на квалитетот на наставниот процес и обезбедувањето квалитет на докторските студии;
- јакнење на научноистражувачките компетенции на студентите на докторски студии;
- зголемување на учеството на докторандите во научноистражувачки проекти и научни публикации;
- интернационализација на докторските студии и поттикнување на мобилноста;
- развој и унапредување на студиските програми;
- усогласување на нормативната рамка со законската регулатива и актите на Универзитетската школа за докторски студии;
- јакнење на поврзаноста меѓу докторските студии и научноистражувачката дејност на Факултетот.

2. Програмски активности

2.1. Наставен процес и обезбедување квалитет

Факултетот ќе обезбеди континуирана реализација и унапредување на наставата, семинарите и годишните конференции на студентите на докторски студии во сите акредитирани студиски програми, во согласност со студиските програми и актите на Универзитетската школа за докторски студии.

Ќе продолжи практиката на презентација на предлог-темите за докторски дисертации пред Советот за докторски студии, како механизам за обезбедување и унапредување на квалитетот на докторските истражувања.
Ќе се реализираат активности за континуирано одржување и надградување на базата на податоци за студентите на докторски студии.

2.2. Развој и унапредување на студиските програми

Во текот на академската година ќе продолжат активностите за акредитација, реакредитација и развој на студиските програми на трет циклус студии.

Особено внимание ќе биде посветено на:

- подготовка на акредитација на докторски студии по базична медицина и клиничка медицина на англиски јазик;
- усогласување на внатрешните акти на Факултетот со актите на Универзитетската школа за докторски студии;
- усогласување со новите законски решенија од областа на високото образование, обезбедувањето квалитет и научноистражувачката дејност;
- разгледување можности за понатамошен развој и структурно унапредување на докторските студиски програми.

2.3. Научноистражувачка работа на докторандите

Ќе се поттикнува активно вклучување на студентите на докторски студии во научно-истражувачките проекти финансирани од Медицинскиот факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Министерството за образование и наука и други извори на финансирање.
Во рамките на оваа активност ќе се:

- развиваат докторски истражувања базирани врз тековните научноистражувачки проекти;
- поттикнува објавување на научни трудови од студентите на докторски студии;
- подготвуваат наставни и методолошки материјали за предметите од областа на истражувачката методологија;
- креираат предлог-докторски проекти кои произлегуваат од резултатите на тековните истражувачки проекти.

2.4. Меѓународна соработка и мобилност

Во насока на интернационализација на докторските студии ќе се реализираат активности за:

- организирање на заеднички виртуелни наставни и истражувачки активности (*joint classrooms*) со партнерски универзитети;
- поттикнување на мобилноста на студентите на докторски студии преку научноистражувачки престои во странство;
- поддршка на краткорочни истражувачки и постдокторски престои на млади истражувачи;
- развој на нови форми на меѓународна академска и научноистражувачка соработка.

2.5. Уписна политика

Ќе се реализира Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии согласно одлуките на Универзитетот и потребите на студиските програми, во предвидените уписни рокови. И оваа, како и претходните години, поради големиот интерес ќе се реализираат уписи и во вториот уписен рок.

3. План на активности

Активност	Носител	Рок
Реализација на наставата, семинарите и годишните конференции на докторандите	Совет/и за докторски студии,	Континуирано
Презентација на предлог-темите за докторски дисертации пред Советот за докторски студии	Совет/и за докторски студии	Континуирано
Одржување и ажурирање на базата на податоци за докторандите	Служба за докторски студии	Континуирано
Реализација на конкурс за запишување студенти на трет циклус студии	Деканат и Совет/и за докторски студии	Согласно Универзитетскиот конкурс
Подготовка на акредитација на студиски програми на англиски јазик	Совет/и за докторски студии	Во текот на академската година
Усогласување на интерните акти со универзитетската и законската регулатива	Деканат и Совет за докторски студии	По донесување на новите прописи
Вклучување на докторантите во научноистражувачки проекти	Раководители на проекти и ментори	Континуирано
Подготовка на предлог-докторски проекти врз основа на тековни истражувања	Раководители на проекти и ментори	Континуирано
Подготовка на наставни и методолошки материјали за докторски студии	Наставно-научен кадар	Континуирано
Реализација на joint classrooms со странски универзитети	Совет за докторски студии и координатори за меѓународна соработка	Континуирано
Поттикнување мобилност на докторанти и млади истражувачи	Совет за докторски студии	Континуирано
Поддршка на научно публикување на докторантите	Ментори и раководители на проектите	Континуирано

4. Очекувани резултати

Со реализацијата на Програмата се очекува:

- унапредување на квалитетот на докторските студии и на наставниот процес;
- зголемено учество на студентите на докторски студии во научноистражувачки проекти;
- зголемување на бројот на научни публикации произлезени од докторските истражувања;

- јакнење на меѓународната мобилност и интернационалната видливост на докторските студии;
- создавање услови за реализација на докторски студии на англиски јазик;
- усогласување на нормативната рамка со законските и универзитетските акти;
- јакнење на улогата на докторските студии како составен дел од научноистражувачката дејност на Медицинскиот факултет.

Оваа програма претставува основа за планирање, реализација и следење на активностите поврзани со докторските студии по медицина.

ЈАВНО ЗДРАВСТВО

Планот на активности за втор циклус студии по јавно здравство за академската 2026/2027 година ги вклучува активностите за организација, координација и реализацијата на магистерските студии вклучувајќи ги редовните предавања на задолжителните и изборни предмети согласно студиската програма, изготвување семинарски теми, организација на работилници и научно истражувачки форум.

Активностите ќе бидат фокусирани за организирање на наставата за студентите-постдипломци и нејзината подготовка, оцена на поднесоците и одбрана на магистерсите трудови. Ќе продолжи и соработката, членството и учество во работата на европската асоцијација на школи за јавно здравство (ASPHER), како и учество на меѓународни состаноци и конференции од областа на јавното здравство, претежно со on-line присуство.

Посебен фокус и натаму ќе биде ставен на унапредувањето на квалитетот на наставата и магистерските теми, како и промоција на важноста и придобивките од студиите во јавноста, а пред сè меѓуопштествените чинители со цел привлекување поголем интерес и број на запишани студенти.

Ќе се преземат низа активности за промоција на магистерските студии по јавно здравство, акредитација на програмата на англиски јазик и партнерство со други школи за јавно здравство и меѓународни организации.

Докторски студии по јавно здравство

Во рамките на својата работа, Советот за докторски студии по јавно здравство за периодот 2026/2027 година ги планира следните активности:

- акредитирање на програма на англиски јазик за следните 5 години (2027/2032 година)
- иницирање на препознавање и акредитација на нашите докторски студии по јавно здравство од европските и светски асоцијации за овој вид на студии;
- организирање на академски дискусии за докторандите на теми од итерес за јавното здравје;
- организирање и одржување на годишни конференции, семинари и работилници според предвидените распореди, во согласност со Универзитетската школа за докторски студии на УКИМ;
- организирање на промоција на докторските студии по јавно здравство во нашата земјата/соседните земји со цел за зголемување на заинтересираноста за приклучување на поголем број докторанди;

- во соработка со одборот за меѓународна соработка да се иницира разгледување на можноста за престој на наши докторади во школите за доктоски студии по јавно здравство на познати европски и светски универзитети;
- поттикнување на докторандите и нивните метори за публикување на трудови во часописи со импакт фактор;
- иницирање на мултидисциплинарен приод во пишување и аплицирање на научни проекти од областа на јавното здравство;
- реализирање на Конкурс за запишување студенти на Трет циклус-докторски студии по јавно здравство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Медицински факултет во Скопје, за академската 2026/2027 година.

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во академската 2026/2027 година ќе продолжат активностите поврзани со интернационализација на Медицинскиот факултет, УКИМ во Скопје, преку понатамошно унапредување на мобилноста на студентите и наставниот кадар, подлабока соработка со странските партнерски институции, поинтензивно учество во меѓународни образовни и научноистражувачки проекти, како и активности насочени кон зголемување на меѓународната препознатливост на Факултетот. Активностите ќе се реализираат согласно Стратешкиот план за меѓународна соработка за периодот 2026–2029 година.

Во академската 2026/2027 година Одборот за меѓународна соработка ќе започне со реализација на стратешките определби утврдени во Стратешкиот план за меѓународна соработка 2026–2029 година, со постепен премин од модел на меѓународна соработка базиран претежно на мобилност кон модел базиран на долгорочни академски партнерства, заеднички научноистражувачки активности, ко-менторства, заеднички публикации и институционална интернационализација. Во текот на зимскиот семестар ќе се реализираат активностите кои произлегуваат од конкурсите за ЕРАЗМУС+ мобилност за академската 2027/2028 година. Ќе продолжи редовната комуникација со партнерските медицински факултети во Франција, Германија, Италија, Словенија, Хрватска, Србија, Грција, Бугарија и Турција, со цел успешна реализација на студентските и наставничките мобилности и понатамошно зголемување на нивниот број. Посебно внимание ќе биде посветено на поддршката на студентите кои аплицираат за мобилност, имајќи го предвид континуирано високиот интерес за овие програми. Ќе продолжат активностите за зголемување на бројот на дојдовни студенти преку ЕРАЗМУС+ програмите за студирање и практична работа (traineeship), користејќи ги можностите кои ги нуди студиската програма по општа медицина на англиски јазик. Ќе се поддржат иницијативите за проширување на понудата на предмети на англиски јазик и за развој на пофлексибилни изборни модули за странски студенти на менторски принцип, во согласност со практиките на европските партнерски институции.

Се планира натамошно унапредување на активностите поврзани со мобилноста на наставниот кадар, како и подобра координација на посетите и ангажманот на визитинг професорите. Посебен акцент ќе биде ставен на користењето на експертизата на визитинг професорите за реализација на заеднички научни проекти, работилници, клиничка едукација и развој на современи наставни содржини.

Формирање и развој на Алумни мрежа за меѓународна соработка

Во текот на академската 2026/2027 година ќе продолжат активностите за воспоставување и институционализација на Алумни клуб на странски дипломирани студенти, поранешни ЕРАЗМУС+ учесници, визитинг професори и меѓународни соработници на Медицинскиот факултет, УКИМ во Скопје. Целта на оваа иницијатива е создавање трајна мрежа на професионални и академски контакти која ќе придонесе за зголемување на меѓународната видливост на Факултетот и ќе овозможи развој на нови образовни, научни и стручни соработки. Иницијалните активности ќе опфатат изработка на електронска база на податоци на алумни членови, воспоставување редовна комуникација преку електронски билтен и социјални мрежи, како и организирање на прв Алумни форум во хибриден формат.

Дополнително, ќе се поттикнува вклучување на членовите на Алумни клубот во промоција на студиските програми, поддршка на студентската мобилност, менторство на студенти и докторанди, како и во иницирање заеднички научноистражувачки и проектни активности со нивните матични институции. Паралелно ќе се развива централизирана база на податоци за меѓународни активности и меѓународни алумни со цел обезбедување институционална меморија и полесно планирање на идните активности за меѓународна соработка. Оваа активност претставува една од долгорочните стратешки определби за интернационализација на Медицинскиот факултет, УКИМ во Скопје.

Во текот на академската 2026/2027 година ќе се преземаат активности за обновување на постојните и воспоставување нови ЕРАЗМУС+ билатерални договори. Особено внимание ќе биде посветено на финализирање и продлабочување на соработката со Универзитетот во Тренто, Универзитетот Рјукју во Јапонија, партнерските институции во САД и Меѓународниот Црноморски Универзитет во Тбилиси, како и со други институции со кои во изминатиот период беа воспоставени иницијални контакти.

Поддршка на докторанди и млади истражувачи

Во академската 2026/2027 година ќе се поттикнува активно вклучување на докторанди, специјализанти и млади истражувачи во меѓународни истражувачки мрежи, краткорочни и долгорочни истражувачки престои, како и во активности за подготовка на заеднички публикации со партнерските институции. Особено внимание ќе биде посветено на понатамошната реализација на активностите поврзани со Универзитетот во Мичиген, со цел воспоставување ко-менторства, истражувачки размени и заеднички научни резултати.

Ќе продолжи продлабочувањето на соработката со Медицинскиот колеџ на Универзитетот во Висконсин, Универзитетот во Мичиген и Универзитетот во Ноксвил, САД. Во тој контекст ќе се работи на организирање на заеднички онлајн и хибридни академски активности, развој на заеднички истражувачки иницијативи, поддршка на мобилност на наставен кадар и специјализанти, како и понатамошна разработка на заеднички курикулуми за постдипломски студии.

Меѓународни научноистражувачки проекти

На полето на меѓународните научноистражувачки активности ќе продолжи поддршката за учество на катедрите и институтите во програмите Horizon Europe, COST, Erasmus+, NATO Science for Peace и други меѓународни повици. Ќе се поттикнува формирање

на меѓународни конзорциуми и вклучување на поголем број организациски единици во европски проектни мрежи. Ќе се поттикнува формирање на тематски „core research groups“ составени од наставници и истражувачи од сродни катедри, со цел подготовка на конкурентни проектни апликации во рамките на Horizon Europe, COST Actions и Erasmus+ програмите. На заинтересираните катедри ќе им се обезбедува административна и стручна поддршка за аплицирање на меѓународни проекти.

Развој на глобални партнерства

Во насока на диверзификација на меѓународната соработка, ќе продолжат активностите за воспоставување и продлабочување на партнерства со институции од САД, Кина, Јапонија и други земји од Азија, паралелно со одржување на соработката со европските центри на клиничка и научна извонредност. Ќе се работи на организирање заеднички симпозиуми, гостински професорски циклуси, летни школи и клиничко-истражувачки програми со партнерските институции.

Активности во ECTS-MA

Во рамките на членството на Медицинскиот факултет во ECTS-MA ќе продолжат редовните активности и комуникацијата со Секретаријатот на асоцијацијата. Посебен приоритет ќе биде подготовката за организација на Годишното собрание на ECTS-MA во 2028 година, преку формирање организациски активности, подготовка на академската програма и воспоставување соработка со институциите-членки на асоцијацијата.

Соработка со Medical Education International (MEI)

Ќе продолжи соработката со Medical Education International (MEI), преку организација на наставни активности покрај болнички кревет, Grand Rounds предавања, практични работилници, семинари и други облици на медицинска едукација со учество на експерти од САД и други држави.

Промоција и меѓународна видливост

Ќе продолжат напорите за промоција на студиските програми на англиски јазик преку учество на меѓународни саеми за високо образование, подобрување на англиската веб-страница на Факултетот и јакнење на комуникацијата со партнерските организации за регрутација на странски студенти. Од овие активности се очекува понатамошно зголемување на бројот на странски студенти во наредните академски години.

Ќе продолжи целосната имплементација на Erasmus Without Paper (EWP) платформата и унапредувањето на дигиталните процедури поврзани со ЕРАЗМУС+ мобилностите, со цел намалување на административниот товар и подобрување на ефикасноста на меѓународната соработка.

Одборот ќе продолжи активно да ги поддржува меѓународните активности на студентските организации ФССМЕДФ, ММСА и ЕМСА, како важен сегмент на интернационализацијата на Медицинскиот факултет и промоција на неговите студенти во европски и светски рамки.

Очекувани резултати за 2026/2027 година

- одржување на најмалку 25 појдовни студентски мобилности годишно;
- зголемување на бројот на дојдовни студентски мобилности кон целта од најмалку 5–7 студенти годишно;
- воспоставување најмалку едно ново стратешко меѓународно партнерство;
- реализација на најмалку два меѓународни академски настани или симпозиуми;
- зголемен број на докторанди и млади истражувачи вклучени во меѓународни истражувачки престои;
- зголемен број на заеднички научни публикации со странски партнери;
- учество во најмалку три меѓународни проектни иницијативи;
- воспоставен и функционален Алумни клуб со меѓународен фокус;
- подобрена видливост на англиската веб-страница и промотивните материјали на Факултетот;
- успешна подготовка за организација на Годишното собрание на ECTS-MA во 2028 година.

СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ И СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ

Специјалистичката и супспецијалистичката едукација на специјализантите и супспецијализантите на Медицинскиот факултет и во наредниот период ќе се извршува непречено и соодветно.

Во функција на успешна реализација на практичната настава ќе се обезбеди координација со катедрите и институтите, преку еден систематски пристап за квалитетно спроведување и континуирано унапредување на вештините на специјализантите и супспецијализантите.

Во наредниот едногодишен период активностите на Факултетот од оваа област ќе бидат насочени кон непречено и квалитетно извршување на сите активности и задачи кои произлегуваат од нејзиното работење.

- Евалуацијата и подобрувањето на програмите за едукација е приоритет поради што ќе се продолжи со усогласување на наставните содржини и програми за специјализациите и супспецијализациите со соодветните програми на земјите на ЕУ, што ќе овозможи подобрување на квалитетот и компатибилноста на кадарот;

- Ќе се подигне квалитетот и начинот на реализирање на програмите, при што посебен акцент ќе биде ставен на практичната обука на идните специјалисти;

- Соодветно на потребите и промените на трендовите на земјите на ЕУ, ќе се воведат нови програми за специјализација и супспецијализација;

- Продолжување и зајакнување на соработката со Медицинскиот симулациски центар каде Факултетот има важна улога во однос на едукацијата и унапредувањето на програмите за различни меѓународно признати модули за практични вештини.

Дополнување и унапредување на постоечкиот софтвер за специјализанти и супспецијализанти за да се олесни начинот на ажурирање и евиденција на активностите за

специјализантите од страна на катедрите, менторите и едукаторите, со цел поефикасна реализација на финансиските надоместоци за едукатори и ментори вклучени во едукацијата на специјализантите.

Изменетите и дополнети програми за специјализација со работен назив: Радиологија, Неврологија, Гастроентерохепатологија и Оториноларингологија, како и новите програми за специјализација Ортопедија и трауматологија и Анатомија со хистологија се усвоени од ННС, а во наредниот период се очекува да бидат објавени и во Правилникот за специјализации и супспецијализации на Министерството за здравство, а потоа по овие програми ќе се едуцираат нови профили специјалисти кои ќе се запишат на Конкурсот кој ќе биде објавен на крајот на 2026 година или во текот на 2027 година.

Со измените донесени во новиот Правилник за изменување на правилникот за специјализациите и супспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование од областа на медицината донесени од Министерство за здравство, а објавени во Службен весник бр.157/26 од 15.07.2026 година се предвидени измени во времетраењето на специјализациите Општа хирургија и Интерна медицина, нови програми за специјализациите по Медицнска микробиологија со паразитологија и Медицина на труд, како и супспецијализациите Лабораториска ендокринологија и Клиничка ензимологија од каде што произлегуваат обврски за специјализантите. Од една страна, за оние кои до денот на влегувањето во сила на Правилникот реализирале специјалистички стаж помал од 36 месеци да ја продолжат специјализацијата според новиот Правилник, за што високообразовната установа врши содржинска еквиваленција на веќе реализираните делови на стажот и го утврдува преостанатиот дел од стажот. Од друга страна, специјализантите кои реализирале стаж во времетраење подолго од 36 месеци можат да одберат дали ќе ја продолжат специјализацијата според плановите и програмите од претходниот Правилник или да ја продолжат специјализацијата според плановите и програмите предвидени со новиот Правилник за што треба да поднесат писмено барање до високообразовната установата за продолжување, а по добиена претходна согласност од здравствената установа која ги упатила на специјализација. И во овој случај високообразовната установа е должна да изврши содржинска еквиваленција на реализираниот специјалистички стаж.

Во поглед на извршените промени во Правилникот е предвидена интензивна соработка со катедрите по специјализациите за кои се предвидени измени во програмите, а сè со цел да им се дадат соодветни насоки на специјализантите во правилна адаптација кон измените во обавувањето на стажот.

Во тек е ревидирање на постоечките програми, а ќе се побара од катедрите да дадат предлог програми за нови специјализации и супспецијализации.

Ќе продолжи и соработката со Министерството за здравство на РСМ во однос на предвидените огласи за прием на кандидати за специјализации и супспецијализации за здравствени работници и соработници вработени во јавните здравствени установи согласно со донесена Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи на Владата на Република Северна Македонија.

ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Факултетот преку Одборот за издавачка дејност во периодот кој следи ќе продолжи со реализација на активностите поврзани со издавање на учебници и учебни помагала на факултетот, согласно Одлуката за организирање на издавачката дејност на Медицинскиот

факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а по предлог на катедрите, согласно со нивните потреби за издавање на учебници и учебни помагала.

ЦЕНТРАЛНАТА МЕДИЦИНСКА БИБЛИОТЕКА

Во периодот што претстои активностите на Централната медицинска библиотека ќе бидат насочени кон непречено и квалитетно извршување на сите активности и задачи кои произлегуваат од нејзиното работење. Во рамките на делокругот на работење на Библиотеката планирани се следните активности:

- Претплата до проектот Research4Life, односно до HINARI (Health Internetwork Access to Research Initiative), со кофинансирање од СЗО, а којшто обезбедува авторизиран пристап до е-списанија во полн состав.
- Обезбедување пристап до EBSCO преку МеБ (Македонски електронски библиотеки), каде член е Централната медицинска библиотека на факултетот.
- Обезбедување пристап до Dynamed, електронска медицинска база на податоци и клинички ресурс што го користат лекари и други здравствени професионалци за донесување клинички одлуки врз основа на докази.
- Претплата до научна база на трудови која ќе содржи медицински списанија од повеќе светски издавачи.
- Промовирање на Web of Science и Scopus на наставниот и соработнички кадар, со цел зголемување на нивната употреба во научноистражувачката работа.
- Следење колку и каде се публикуваат нови трудови преку ResearchGate профилот на Библиотеката.
- Давање поддршка при креирање, поврзување и одржување на корисничките профили во WoS, Scopus, ResearchGate, Google Scholar и E-CRIS и вршење едукација за нивната важност за истражувачите од Медицински факултет.
- Подготовка на Academic Medical Journal за индексирање во реномирани светски научни бази и аплицирање во нив.
- Продолжување со работата на административно и модераторско управување со збирките на трудови во склоп на Ризницата на трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
- Едукација на докторите за начинот на поднесување трудови во Ризницата на трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Помош при активирање на корисничките профили. Постојана комуникација со Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и решавање на тековните проблеми со Репозиториумот и со корисничките профили.
- Тековна библиотечна и стручна/аналитичка обработка на сите книги од македонски и странски автори, добиени по пат на претплата, подарок или задолжителен примерок, и внесување во заемната библиографско-каталожна база на податоци COBIB.
- Тековна библиотечна и стручна/аналитичка обработка на сите статии/трудови објавени од докторите на Медицински факултет во домашни списанија во заемната библиографско-каталожна база на податоци COBIB.
- Порачка на статии за потребите на докторите на Медицински факултет од странските библиотеки – соработнички на нашата Библиотека.

- Воспоставување соработка со нови странски библиотеки со цел меѓубиблиотечна размена на статии
- Пребарување на статии во достапните бази на податоци на барање на корисниците.
- Изнајмување/издавање библиотечен материјал на студентите, докторите, специјализантите и другите корисници на Библиотеката.
- Ретроградно внесување на старите книги, монографии и учебници примени во Библиотеката во заемната база на податоци COBISS (достапно онлајн за сите корисници).
- Објавување труд во кој ќе бидат објавени податоците од истражувањето спроведено од вработените во Централната медицинска библиотека за улогата на високошколските библиотеки во научната видливост.
- Ажурирање на веб страницата на Библиотеката.
- Ажурирање на податоците кои се однесуваат на македонските биомедицински списанија и списанијата кои се индексирани во базата PubMed.
- Едукација на корисниците за начинот на пребарување на медицински бази на податоци и пребарување на онлајн каталогот на Библиотеката.
- Упатства и помош околу публикување на трудови во домашни и странски списанија, како и упатства како да се избегне публикување на трудови во предаторски списанија
- Целосно уредување на МедФ Билтенот.

ФАКУЛТЕТСКИ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ

Во периодот што следи ќе се работи на подобрување, осовременување и постојано одржување на факултетскиот информативен систем. И оваа година ќе продолжи процесот на изготвување на веб страници на сите катедри на Медицинскиот факултет, финансирани од Факултетот на кои ќе бидат достапни сите податоци за работата на катедрите, предметните програми, распореди, резултати и информации за студентите.

И понатаму ќе се настојува во службената комуникација да се користат исклучиво, веќе креираните, официјални факултетски мејл адреси и ќе се инсистира на унифицирано користење на прифатената афилијациа на Медицинскиот факултет.

ФИНАНСИИ И ИНВЕСТИЦИИ

Во рамките на периодот што следува ќе се отпочне со реновирање и изведување на проектот за целосна реконтрукција на Амфитеатарите 1 и 2 со цел подобрување и унапредување на условите за студирање на студентите како и наставниот кадар на факултетот.

Факултетот во наредната година ќе даде приоритет и ќе ги започне активностите за изградба на модерна и мултифункционална Библиотека со помошни простории и Амфитеатар, која ќе биде лоцирана на плацот спроти паркингот на Инфективна клиника, врз основа на веќе изготвен основен проект.

Факултетот и понатаму ќе продолжи со финансиска поддршка на студентите, нивните организации и активности при организирање на студентските конгреси и работилници од различни области, што претставува и една од основните заложби на Факултетот. Ќе се

обезбеди финансиска поддршка на студентите за учество на научни конгреси, како и финансиска поддршка при учество на студентите во спортски настани и во обезбедување на простор и услови за подготовки за учество во истите.

Дополнително ќе се продолжи со надградба на постоечкото софтверско решение на Факултетот кое е имплементирано во реализација на наставната дејност како и во здравствената дејност, со нови модули за воведување лабораториски информациски систем (LIS) на институтите кои обавуваат здравствена дејност, а кои сеуште немаат вакво софтверско решение.

Дополнително ќе се продолжи со надградба на постоечкото софтверско решение на Факултетот кое е инплементирано во реализаиција на наставната дејност како и во здравствената дејност, со нови модули.

Ќе продолжи соработката со Ректоратот и ресорните министерства како што се Министерството за образование и наука, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување и други а со цел да се обезбедат доволно финансиски средства за факултетот да може редовно да ги сервисира достасани обврски по разни основи. Ќе се продолжи и со континуираните напори во обезбедување на наплатата на побарувањата кои ги има Факултетот, особено во делот на здравствени програми од Министерството за здравство како и побарувањата што ги има факултетот од јавните установи од областа на здравството и правосудните органи.

Во овој период исто така ќе се продолжи во насока на одржување и инвестирање во обемниот имот и опрема со кој располага факултетот како и во насока на осовременување на работните процеси преку имплементирање на најновите технички и технолошки достигнувања во делот на набавка на современа компјутерска опрема како и медицинска, лабораториска и друга опрема за потребите на институтите и катедрите на Факултетот.

Сите заложби за набавка на високо софистицирана опрема и реагенси се во насока на воведување нови дијагностички методи на Институтите при Медицинскиот факултет, а со цел унапредување на здравствената заштита на населението во Република Северна Македонија, како и овозможување на услови за истражувања и развој на научната дејност во областа на медицината, реализирање на научно-истражувачки проекти финансирани од сопствени средства на факултетот, како и финансирање на активности за континуирана медицинска едукација за следење и примена на најновите достигнувања од областа на медицината и науката.

ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ

Медицинскиот факултет во академската 2026/2027 година за вршење на здравствена дејност, очекува дополнително зголемување на износот на годишен договор за давање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита со Фондот за здравствено осигурување на Р.С. Македонија, која се реализира на Институтите при Медицинскиот факултет кои вршат здравствено-апликативна дејност, за околу 10%. За оваа цел се планира состанок со раководството на ФЗОМ за воведување на нови ставки во ценовникот за нашите услуги кон Фондот, согласно со напредокот на дијагностичките методи и осовременувањето на технолошко-техничките капацитети на дијагностичките лаборатории на Медицинскиот факултет, УКИМ во Скопје.

Во насока на унапредување на здравствените услуги во престојниот период се планира набавка на нова опрема во рамки на обезбедени финансиски средства за опремување на Лабораторијата за паразитологија на Институтот за микробиологија, понатаму набавка на инструменти за развој на современата лабораториска дејност на Институтот за

патофизиологија и тоа набавка на систем за индуктивно спрегната плазма со масена спектрометрија (ICP-MS) како и набавка на водена бања со систем за контролирано ладење, набавка на сонда за интраоперативно мерење на радиоактивност. За потребите на Институтот за судска медицина се планира набавка на РТГ апарат, набавка на нов генетски анализатор, набавка на два форенскоп инструменти како и набавка на нова хистопатолошка лабораториска опрема.Понатаму во рамки на обезбедените средства се планира модернизација на Кабинетот за спортска медицина со набавка на висококософистицирана опрема за дијагностика и тренинг на спортисти со која може да се дијагностицира здравствена состојба , да се рехабилитира повреда, да се подобри спортска форма и да се анализира движењето во детаљи.

Исто така, се планира да се продолжи со ревидирање на цените за специјалистичко-консултативните услуги, со оглед на континуираниот пораст на трошоците за набавка на реагенси, потрошен лабораториски материјал, заштитна опрема, сервисирање на опремата, како и трошоци поврзани со обновување на акредитациите по ISO стандарди за голем дел од лабораториите, односно дополнителна акредитација на нови лаборатории по соодветни ISO стандарди како што е воведувањето на акредиција на имунолошки и генетски методи според соодветните ISO и EFI стандарди на Институтот за имунологија.

Освен соработката со Фондот за здравствено осигурување на Р.С.Македонија, Факултетот ќе продолжи да дава специјалистичко-консултативни услуги на голем број јавни здравствени установи (клиники, општи болници, заводи, институти), како и со приватни здравствени установи, со судовите и јавните обвинителства, производствените и услужните приватни компании, како и физичките лица во и надвор од државата.

Согласно расположливите средства, ќе продолжи набавката на високо софистицирана опрема и воведување нови дијагностички методи на Институтите при Медицинскиот факултет, како од сопствени средства, така и преку проекти и донации, а со цел унапредување на здравствената заштита на населението во Република Северна Македонија, како и овозможување на поконкурентни услови за научно-истражувачка дејност во областа на медицината.

Со почит,

Декан,
Проф. д-р Светозар Антовиќ,с.р.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 78, 80 и 81 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на Одбор за судскомедицински вештачења

Член 1

Се формира Одбор за судскомедицински вештачења како постојано работно тело на Наставно-научниот совет, во следниот состав:

1. Проф.д-р Александар Станков - претседател
2. Доц.д-р Горан Павловски
3. Проф.д-р Златко Јаќоски
4. Проф.д-р Славица Костадинова Куновска
5. Проф.д-р Атанас Сивевски
6. Проф.д-р Јорго Костов
7. Проф.д-р Мери Трајковска
8. Проф.д-р Константина Кузевска Манева
9. Проф.д-р Марија Цветановска
10. Проф.д-р Анита Арсовска
11. Проф.д-р Гордана Китева Тренчевска
12. Проф.д-р Славица Арсова Хаџи Анѓелковска
13. Проф.д-р Антони Новотни
14. Проф.д-р Димитар Боневски
15. Проф.д-р Ѓорѓи Трајковски
16. Проф.д-р Светозар Антовиќ
17. Проф.д-р Оливер Станков
18. Проф.д-р Игор Алулоски
19. Проф.д-р Јордан Минов

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Членовите на Одборот
- Одделение за правни работи
- Архива на факултетот

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на Совет на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по јавно здравство

Член 1

Се формира Совет на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по јавно здравство во следниот состав:

1. Проф.д-р Весна Велиќ Стефановска
2. Проф.д-р Бети Зафирова Ивановска
3. Проф.д-р Ирина Павловска
4. Проф.д-р Гордана Ристовска
5. Проф.д-р Игор Спироски
6. Проф.д-р Мирјана Димовска
7. Проф.д-р Драган Мијакоски
8. Проф.д-р Јордан Минов
9. Проф.д-р Сашо Столески
10. Проф.д-р Бети Тодоровска
11. Науч.сов. д-р Виолета Анастасовска.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан,
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Изготвил: Н. Цветковски
Контролирал: Г. Нелоски
Одобрил:.Р. Митаноска

Примерок од одлуката да се достави до:
- Одделение за правни работи
- Архива на факултетот

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 78, 80 и 81 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на Етичка комисија за експерименти на животни

Член 1

Се формира Етичка комисија за експерименти на животни како постојано работно тело на Наставно-научниот совет, во следниот состав:

1. Проф.д-р Маја Сланинка Мицеска - претседател
2. Проф. д-р Аце Додевски
3. Доц.д-р Ирена Костадинова Петрова
4. Проф.д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска
5. Проф.д-р Жаклина Цековска
6. Проф.д-р Круме Јаќовски
7. Проф.д-р Дејан Трајков
8. Проф.д-р Ѓорѓи Јота
9. Проф.д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ
10. Проф.д-р Атанас Сивевски
11. Проф.д-р Игор Спироски

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Членовите на Одборот
- Одделение за правни работи
- Архива на факултетот

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 78, 80 и 81 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на Здравствен одбор

Член 1

Се формира Здравствен одбор како постојано работно тело на Наставно-научниот совет, во следниот состав:

1. Проф.д-р Рубенс Јовановиќ - претседател
2. Проф.д-р Светлана Цековска
3. Проф.д-р Сања Манчевска
4. Проф.д-р Лилјана Лабачевска Ѓатовска
5. Проф.д-р Славица Костадинова Куновска
6. Доц.д-р Анамарија Јанкуловска
7. Проф.д-р Димче Зафиров
8. Проф.д-р Мери Кириjас
9. Проф.д-р Златко Јаќовски.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Членовите на Одборот
- Одделение за правни работи
- Архива на факултетот

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 78, 80 и 81 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на Комисија за тригодишни стручни студии

Член 1

Се формира Комисија за тригодишни стручни студии како постојано работно тело на Наставно-научниот совет, во следниот состав:

1. Проф.д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска - претседател
2. Проф.д-р Светлана Цековска
3. Проф.д-р Ники Матвеева
4. Проф.д-р Сунчица Петровска
5. Доц.д-р Ирена Костадинова Петрова
6. Проф.д-р Елизабета Стојовска Јовановска
7. Проф.д-р Лидија Петковска
8. Проф.д-р Јане Нетковски
9. Проф.д-р Венјамин Мајсторов
10. Проф.д-р Милан Самарџиски
11. Доц.д-р Вања Трајковска
12. Проф.д-р Весна Лазаровска
13. Проф.д-р Марјан Камилоски
14. Проф.д-р Владимир Андреевски
15. Проф.д-р Христина Манџуковска
16. Проф.д-р Билјана Митревска
17. Проф.д-р Катерина Николоска
18. Доц.д-р Игор Исјановски.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Членовите на Одборот
- Одделение за правни работи
- Архива на факултетот

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 78, 80 и 81 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на Наставно-научен колегиум за јавно здравство

Член 1

Се формира Наставно-научен колегиум за јавно здравство како постојано работно тело на Наставно-научниот совет, во следниот состав:

1. Проф.д-р Гордана Ристовска- претседател
2. Доц.д-р Александра Стаменова
3. Проф.д-р Жаклина Цековска
4. Проф.д-р Весна Велиќ Стефановска
5. Проф.д-р Бети Зафирова Ивановска
6. Проф.д-р Ирина Павловска
7. Проф.д-р Игор Спироски
8. Проф.д-р Билјана Герасимовска Китановска
9. Проф.д-р Валентина Цвејоска Чолаковска
10. Проф.д-р Зоја Бабинкостова
11. Доц.д-р Бисера Николовска
12. Проф.д-р Сашо Столески

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Членовите на Одборот
- Одделение за правни работи
- Архива на факултетот

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 78, 80 и 81 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на Одбор за специјализации и супспецијализации

Член 1

Се формира Одбор за специјализации и супспецијализации како постојано работно тело на Наставно-научниот совет, во следниот состав:

1. Проф.д-р Симон Трпески - претседател
2. Проф. д-р Катерина Тошеска Трајковска
3. Проф. д-р Гордана Мирчевска
4. Доц. д-р Александра Стаменова
5. Доц.д-р Петар Јаневски
6. Проф.д-р Антонио Георгиев
7. Проф.д-р Христина Манџуковска
8. Проф.д-р Марија Цветановска
9. Проф.д-р Анита Арсовска
10. Проф.д-р Славица Арсова Хаџи Анѓелковска
11. Проф.д-р Виолета Клисаровска
12. Проф.д-р Сузана Николовска
13. Проф.д-р Васил Папестиев
14. Проф.д-р Роза Џолева Толевска
15. Проф.д-р Емилија Ѓошевска Даштевска
16. Проф.д-р Габриела Копачева Барсова
17. Проф.д-р Кристина Скепаровска
18. Проф.д-р Сашо Столески
19. Проф.д-р Катарина Ставриќ.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Членовите на Одборот
- Одделение за правни работи
- Архива на факултетот

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А

за измена и дополнување на Одлуката за формирање на Совет на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по медицина (клиничка, базична и молекуларна медицина и медицинска физика)

Член 1

Се формира Совет на студиска програма за трет циклус на студии-докторски студии по медицина (клиничка, базична и молекуларна медицина и медицинска физика) во следниот состав:

1. Проф. д-р Марија Вавлукис - раководител
2. Проф. д-р Катерина Тошеска Трајковска
3. Проф. д-р Биљана Зафирова
4. Проф. д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска
5. Проф. д-р Ана Кафтанџиева
6. Проф. д-р Магдалена Богдановска Тодоровска
7. Проф. д-р Синиша Стојаноски
8. Проф. д-р Круме Јаќовски
9. Проф. д-р Александар Петличковски
10. Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска
11. Проф. д-р Александар Станков
12. Проф. д-р Маја Јакимовска Димитровска
13. Проф. д-р Соња Бојаџиева
14. Проф. д-р Марија Цветановска
15. Проф. д-р Анита Арсовска
16. Проф. д-р Ненси Манушева
17. Проф. д-р Виолета Клисаровска
18. Доц.д-р Марко Спасов
19. Проф.д-р Даниела Георгиева
20. Проф. д-р Емилија Ѓошевска Даштевска
21. Проф. д-р Јане Нетковски
22. Проф. д-р Кристина Скепаровска
23. Доц.д-р Дафина Караџова
24. Проф.д-р Валентина Коевска
25. Проф. д-р Драган Мијакоски
26. Проф. д-р Дејан Трајков
27. Проф. д-р Томислав Станковски
28. Проф.д-р Елизабета Србиновска Костовска.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н
Проф. д-р Светозар Антовиќ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Членовите на одборот
- Архива на Факултетот
- Одделение за последипломски (магистерски и специјализации) и докторски студии
- Одделение за правни работи

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 78, 80 и 81 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на Етичка комисија за истражување на луѓе

Член 1

Се формира Етичка комисија за истражување на луѓе како постојано работно тело на Наставно-научниот совет, во следниот состав:

1. Проф.д-р Димче Зафиров - претседател
2. Проф. д-р Катерина Тошевска Трајковска
3. Проф.д-р Магдалена Богдановска Тодоровска
4. Проф.д-р Даниела Поп Ѓорчева
5. Проф.д-р Бети Зафирова Ивановска
6. Проф.д-р Златко Јаќовски
7. Проф.д-р Бети Тодоровска
8. Проф.д-р Мери Трајковска
9. Проф.д-р Жанина Переска
10. Проф.д-р Светлана Кочева
11. Проф.д-р Крсто Гроздановски
12. Проф.д-р Славица Арсова Хаџи Анѓелковска
13. Проф.д-р Игор Стојковски
14. Проф.д-р Оливер Станков
15. Проф.д-р Горан Кондов
16. Проф.д-р Шабан Мемети
17. Проф.д-р Ирена Алексиоска Папестиев
18. Проф.д-р Марија Јовановски Срцева
19. Проф.д-р Катерина Дамевска
20. Проф.д-р Зоран Божиновски
21. Радмила Митаноска, дипл.правник со правосуден испит
22. Соња Стамболиева
23. адвокат Дијана Мијовиќ - надворешен член

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Членовите на Одборот
- Одделение за правни работи
- Архива на факултетот

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 78, 80 и 81 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на Комисија за медицинска документација и библиотека

Член 1

Се формира Комисија за медицинска документација и библиотека како постојано работно тело на Наставно-научниот совет, во следниот состав:

1. Проф.д-р Магдалена Богдановска Тодоровска - претседател
2. Проф.д-р Аце Додевски
3. Доц.д-р Ирена Костадинова Петрова
4. Доц.д-р Александра Стаменова
5. Проф.д-р Гоце Спасовски
6. Проф.д-р Данило Нонкуловски
7. Проф.д-р Николина Тановска
8. Доц.д-р Ивана Дохчева Карајованов
9. Проф.д-р Скендер Саиди.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Членовите на Одборот
- Одделение за правни работи
- Архива на факултетот

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 78, 80 и 81 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на Наставно-научен колегиум за постдипломски студии

Член 1

Се формира Наставно-научен колегиум за постдипломски студии како постојано работно тело на Наставно-научниот совет, во следниот состав:

1. Проф.д-р Марија Вавлукис - претседател
2. Проф.д-р Елизабета Чадиковска
3. Доц.д-р Ирена Костадинова Петрова
4. Проф.д-р Лидија Тодоровска
5. Проф.д-р Славица Костадинова Куновска
6. Проф.д-р Синиша Стојаноски
7. Проф.д-р Маја Сланинка Мицеска
8. Проф.д-р Дејан Трајков
9. Проф.д-р Ирина Павловска
10. Доц.д-р Маја Бојаџиоска
11. Проф.д-р Катерина Бошковска
12. Проф.д-р Драгана Петровска Цветковска
13. Проф.д-р Лилјана Игњатова
14. Проф.д-р Игор Стојковски
15. Проф.д-р Катерина Дамевска
16. Проф.д-р Тони Ристески
17. Доц.д-р Јана Нивичка Ќаева
18. Проф.д-р Андријан Карталов
19. Проф.д-р Гордана Ристовска
20. Проф.д-р Ериета Николиќ Димитрова
21. Проф.д-р Валентина Тофилоска

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Членовите на Одборот
- Одделение за правни работи
- Архива на Факултетот

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 78, 80 и 81 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на Одбор за издавачка дејност

Член 1

Се формира Одбор за издавачка дејност како постојано работно тело на Наставно-научниот совет, во следниот состав:

1. Проф.д-р Билјана Трпковска - претседател
2. Проф.д-р Сања Манчевска
3. Доц.д-р Ирена Костадинова Петрова
4. Проф.д-р Светлана Цековска
5. Проф.д-р Венјамин Мајсторов
6. Проф.д-р Дејан Трајков
7. Проф.д-р Весна Велиќ Стефановска
8. Доц.д-р Викторија Белакапоска Српанова
9. Доц.д-р Александра Стаменова
10. Проф.д-р Снежана Марковиќ
11. Проф.д-р Александра Јовановска
12. Проф.д-р Ирена Кондова Топузовска
13. Проф.д-р Силвија Дума
14. Проф.д-р Александра Димовска Гавриловска
15. Проф.д-р Викторија Јовановска
16. Проф.д-р Татјана Макаровска Бојаџиева
17. Проф.д-р Емилија Цветковска.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Членовите на Одборот
- Одделение за правни работи
- Архива на факултетот

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 78, 80 и 81 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 458/2019 и 458/2021-анекс), а по предлог на Деканатската управа на факултетот, Наставно-научниот совет на својата XXXVI одржана на ден 30.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на Одбор за меѓународна соработка

Член 1

Се формира Одбор за меѓународна соработка како постојано работно тело на Наставно-научниот совет, во следниот состав:

1. Проф.д-р Рубенс Јовановиќ – претседател
2. Проф.д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска
3. Проф.д-р Габриела Новотни
4. Проф.д-р Јасмина Тројачанец
5. Проф.д-р Стојан Бајрактаров
6. Доц.д-р Александра Стаменова
7. Проф.д-р Дафина Николова
8. Проф.д-р Саша Јовановска Мишевска
9. Проф.д-р Соња Бојаџиева
10. Проф.д-р Марија Димзова
11. Проф.д-р Симонида Црвенкова
12. Проф.д-р Христина Брешковска
13. Проф.д-р Софија Пејкова
14. Проф.д-р Тони Ристески
15. Проф.д-р Никола Николовски
16. Проф.д-р Горан Димитров
17. Проф.д-р Билјана Кузмановска.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д е к а н
Проф.д-р Светозар Антовиќ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Членовите на Одборот
- Одделение за правни работи
- Архива на факултетот

Табела 1

АНГАЖИРАЊЕ НА НАСТАВНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА НА ДРУГИ ФАКУЛТЕТИ ВО РАМКИТЕ НА УКИМ

ред .бр.	**предмет**	**Ангажман на факултетите во рамките на УКИМ**	**Наставник**
1	***Клиничка биохемија,*** задолжителен предмет во зимскиот семестар, 8 ЕКТС, на студиската програма Применета хемија – аналитичка биохемија	Природно-математички факултет	проф.д-р Соња Топузовска проф.д-р Светлана Цековска проф.д-р Катерина Тошеска Трајковска проф.д-р Ирена Костовска ас.д-р Христина Савевска ас.д-р Мелда Емин Ќерала
2	***Функционална анатомија,*** задолжителен предмет**,** за акредитација на студиската програма на прв циклус академски студии по физичко и здравствено образование и студиската програма на прв циклус академски студии за спортски тренери.	Факултет за физичко образование, спорт и здравје	Проф.д-р Билјана Трпковска
3	***Спортска медицина,*** задолжителен предмет**,** за акредитација на студиската програма на прв циклус академски студии по физичко и здравствено образование и студиската програма на прв циклус академски студии за спортски тренери.	Факултет за физичко образование, спорт и здравје	Проф.д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска